По барање на претседателот на Комисијата до Основното Јавно обвинителство, Комисијата реализираше посета на 20 јуни 2018 година. Јавното обвинителство ја информираше Комисијата за своите надлежности во делот на посебната истражна мерка.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА,** претседател |
| | **ПАНЧО МИНОВ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Кети Смилевска |
| 2. | Костадин Костадинов |
| 3. | Диме Велковски |
| 4. | Агим Муртезанов |
| 5. | Панче Иванов |
| 6. | Горан Милевски |
| 7. | Реџаил Исмаили |
| 8. | Сурија Рашиди |
| 9. | Крсто Мукоски |
| 10. | Драган Циклев |
| 11. | Никола Мицевски |
| 12. | Васил Пишев |
| 13. | Владанка Авировиќ |
| 14. | Неџбедин Кремани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Мира Стојчевска |
| 2. | Јован Митревски |
| 3. | Милева Ѓорѓиева |
| 4. | Мерал Узеири Ферати |
| 5. | Ристе Ташев |
| 6. | Благојче Трпевски |
| 7. | Ејуп Алими |
| 8. | Весел Мемеди |
| 9. | Илија Димовски |
| 10. | Зоран Илиоски |
| 11. | Владимир Ѓорчев |
| 12. | Љупчо Димовски |
| 13. | Ванковер Манчев |
| 14. | Фадил Зендели |

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи,
-стоковните резерви,
-игрите на среќа,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на финансиите и буџетот и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија основано со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17). Со Одлуката се утврдени надлежностите на комисиите.

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година има одржано 27 седници со вкупно 97 точки на дневен ред и тоа:

-29 предлози на закони во прво читање,
-26 предлози на закони во второ читање,
-27 предлози на закони по скратена постапка,
-1 предлог на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите,

-1 предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година,
-1 завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2017 година,
-2 финансиски плана,
-5 извештаи,
-1 стратешки план,
-1 програма за работа,
-2 јавни расправи и
-Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници Комисијата ја разгледа Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

Во извештајниот период Комисијата го разгледа и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година. На Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година беа поднесени вкупно 187 амандмани. Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по амандманите поднесени на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година од овластени предлагачи.

Комисијата ја разгледа и Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите. Со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетски корисници се прераспределија средства помеѓу буџетски корисници во износ од 210.400.000 денари со цел да се обезбедат средства за спроведување на референдум на државно ниво во 2018 година.

Имајќи ја в предвид својата надлежност Комисијата посебно внимание посвети на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2019 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, констатации, забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите. На Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2019 година беа поднесени вкупно 465 амандмани. Во рокот утврден во членот 180-а од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет водеше претрес по 223 амандмани.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Согласно со Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја в предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работењето и извршените ревизии на Државниот завод за ревизија за 2017 година.

Комисијата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија за 2018 година и му предложи на Собранието истиот да го усвои.

Комисијата ги разгледа и Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2017 година, Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2017 година и Годишниот извештај на Агенцијата за

супервизија на осигурувањето за состојбата и движењата на пазарот на осигурување во Република Македонија во 2017 година.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2017 година; Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година; Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година и Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година. Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да донесе Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година, да донесе Одлука за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година и да донесе Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2018 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлогот на Закон за пријавување и евиденција на обврски. Со Предлогот на закон се овозможува одржување на транспарентноста и отчетноста и доследно јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства преку единствено целокупно евидентирање во соодветен електронски систем на пријавените преземени, а недоспеани обврски и на доспеаните, а неплатени обврски во соодветен електронски систем од страна на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, установите и институции кои вршат дејности од областа на културата, образованието, здравството, детската, социјалната заштита, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон основани од Република Македонија или единиците на локална самоуправа, како и јавните претпријатија, трговските друштва, заводите, агенции, фондовите и други правни лица чиј основач е Република Македонија или единиците на локалната самоуправа. Преку прегледот на целокупните обврски ќе се обезбеди можност да се увиди целисходноста во преземањето на истите.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа Предлог на Закон за отпишување на камати за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршители на комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште, поднесен од пратениците Панчо Минов, Соња Мираковска, Јован Митрески, Реџаиљ Исмаили, Весел Мемеди, Драган Данев, Благоја Деспотоски, Невенка Стаменковска, Димитар Стevананџија, Слаѓана Митовска, Зеќир Рамчиловиќ, Драган Цуклев, Дафина Стојаноска, Емил Димитриев, Никола Мицевски, Емилија Александрова, Иван Иванов, Крсто Јовановски, Лилјана Затуроска, Трајчо Димков, Благица Ласовска, Нада Ципушева, Весна Дамчевска Илиевска, Ванковер Манчев, Даниела Рангелова, Жаклина Пешевска, Ане Лашкоска, Антонио Милошоски, Зоран Илиоски, Никола Попоски, Илија Димовски, Весна Пемова, Магдалена Манаскова, Павлинче Честојнова, Елизабета Канчевска Милевска, Стојан Миланов, Агим Муртезанов, Бетиане Китев, Бети Рабаџиевска Наумовска,

Татјана Лалчевска, Горан Мисовски, Лидија Тасевска, Ристе Ташев, Жаклина Лазаревска, Јагода Шахпаска, Катерина Кузмановска, Татјана Прентовиќ, Диме Велковски, Далибор Богдановски, Анета Симеска Димоска, Сашко Костов, Мери Лазарова, Панче Иванов, Костадин Костадинов, Јулиана Николова, Мира Стојчевска, Ирена Стефоска, Александар Кирацоски, Лилјана Поповска, Милева Ѓоргиева, Реџеп Мемеди, Благојче Трпевски, Маја Морачанин, Славица Шуманска Митева, Ѓулумсер Касапи, Илија Николовски, Чедомир Саздовски, Сашко Атанасов, Трајко Вељаноски, Мирослав Јовановиќ и Ивана Туфегџиќ.

Комисијата го разгледа и Предлогот на Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се врши усогласување со европското acquis односно законодавство во областа на борбата против организираниот криминал, односно одредбите од 4-та ЕУ Директива за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2015 година (2015/849 ЕЦ). Во Предлогот на законот се вградени и решенија во насока на надминување на ризиците идентификувани со Националната проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам усвоена во 2016 година.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на патната делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Бугарија), кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавно претпријатие за државни патишта. Со реализацијата на овој проект предвидена е рехабилитација и проширување на патната делница Граничен премин со Бугарија „Деве Баирг - Крива Паланка е во должина од 13 километри, која е дел од источниот дел на Пан-европскиот патен коридор VIII. Со овој проект се планира рехабилитација и проширување на патната делница со две коловозни ленти во колосек со три ленти, рехабилитација на еден коловоз со две ленти и рехабилитација на еден коловоз со три коловозни ленти со вкупна должина од 13 километри.

Комисијата го разгледа и Предлогот на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Мегународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на социјалните услуги Проектот за унапредување на социјалните услуги во износ од 28,7 милиони ЕВРА е дел од четиригодишната Стратегија на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за партнерство со земјата за периодот 2015-2018 година. Основната цел на Проектот е да го прошири пристапот и да го подобри квалитетот на социјалните услуги, вклучувајќи ги предучилишните услуги за ранливите групи.

Комисијата го разгледа и Предлогот на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот. Проектот има за цел обезбедување на свеж капитал за

малите и средни претпријатија во насока на поддршка на нови проекти, нови вработувања, зголемена ликвидност на стопанството и зголемен извоз. Досега, во рамките на овој проект, Владата на Република Македонија има обезбедено вкупно 350 милиони евра преку четири кредитни линии доделени од ЕИБ. Во периодот од 2009 година до 2016 година година средствата од овие четири кредитни линии беа целосно искористени. Со проектот се поддржани околу 1.500 проекти на трговски друштва: производство, услуги, градежништво, трговија, хотел и ресторани, транспорт, здравство и образование, како и реализирани се над 5.000 работни места.

Во извештајниот период Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на Закон за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски. Со предложениот Закон се уредува финансиската поддршка за единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа од областа на образованието, културата, детската и социјалната заштита за финансирање на доспеани, а неплатени обврски. И Финансиската поддршка се однесува за финансирање на пријавените доспеани, а неплатени обврски на општините и единки корисници во Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските (ЕСПЕО), заклучно со месец септември 2018 година. Предвидени се 3 милијарди денари кои ќе покријат 51% од неизмирените обврски кај општините и кај единиците корисници основани од нив.

Комисијата го разгледа и Предлогот на Закон за јавните набавки. Предложениот Закон за јавните набавки се темели на обврските за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија, како и општите принципи и начела на јавните набавки преку кои треба да се обезбеди слободна конкуренција во јавните набавки и рационално трошење на јавните средства. Потребата од целосно усогласување на законската регулатива на полето на јавните набавки во Република Македонија е одредена согласно обврската од член 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, како и со обврските кои произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.

Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на Закон за данокот на личен доход. Целта на предложениот Закон е да овозможи поправеден систем на оданочување на доходот на граѓаните, намалување на социјалната нееднаквост, зголемување на буџетските приходи, како и надминување на одредени слабости на постојниот Закон за персоналниот данок на доход согласно кој персоналниот данок на доход се пресметува и плаќа по стапка од 10%, независно од висината на остварениот доход на лицето. Примената на единствена (рамна) стапка на оданочување ги става во поповолна положба лицата кои остваруваат висок доход, бидејќи истите не се оданочуваат според нивните можности.

Во изминатата година 1% од најдоходовните граѓани оствариле 14,4 пати повисок доход од просечниот доход во

државата. При тоа за истите ефективната даночна стапка е пониска од останатите граѓани. Во насока на обезбедување на поголема праведност во оданочувањето се предлага да се промени постојниот систем на рамен данок и да се воведе праведен прогресивен данок.

Комисијата го разгледа и Предлогот на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договор за заем, наменет за финансирање на проектот „Ветерен парк Богданци - втора фаза", кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и АД ЕЛЕМ. Целокупната развојна цел на овој проект е да се придонесе за заштитата на климата и животната средина, преку обезбедување обновливи енергии и одржлив економски раст и социјален развој.

Комисијата на една од своите седници го разгледа и Предлогот на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на набавка на нови автобуси за град Скопје, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје. Во рамки на овој проект предвидена е набавка на нови автобуси за градот Скопје, што ќе овозможи обнова на возниот парк на ЈСП Скопје, кое во моментот работи со скап за одржување возен парк, кој значително придонесува кон загадување на животната средина. Со предвидената набавка се планира да се набават нископодни автобуси кои работат на компримиран природен гас, со голема економска исплатливост и еколошка предност во однос на карактеристиките на постоечките автобуси. Оваа набавка ќе овозможи подобрување на квалитетот и пристапот до јавниот превоз, а пред сѐ значително намалување на трошоците за гориво и одржување, како и понатамошно унапредување на практиките на компанијата за заштита на животна средина. Вкупниот износ на проектот е 12 милиони евра, од кои 10 милиони евра ќе бидат обезбедени преку заем од ЕБОР, додека 2 милиони евра ќе бидат обезбедени од буџетот на ЈСП Скопје. За средствата во износ од 10.000.000 евра заемопримач ќе биде ЈСП Скопје, а Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

Во извештајниот период Комисијата одржа две јавни расправи и тоа: 1. Јавна расправа по Предлогот на закон за отпишување на камати за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршители на комунални дејности, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште, поднесен од пратениците Панчо Минов, Соња Мираковска, Јован Митрески, Реџаиљ Исмаили, Весел Мемеди, Драган Данев, Благоја Деспотоски, Невенка Стаменковска, Димитар Стевананџија, Слаѓана Митовска, Зеќир Рамчиловиќ, Драган Циклев, Дафина Стојаноска, Емил Димитриев, Никола Мицевски, Емилија Александрова, Иван Иванов, Крсто Јовановски, Лилјана Затуроска, Трајчо Димков, Благица Ласовска, Нада Ципушева, Весна Дамчевска Илиевска, Ванковер Манчев, Даниела Рангелова, Жаклина Пешевска, Ане Лашкоска, Антонио Милошоски, Зоран Илиоски, Никола Попоски, Илија Димовски, Весна Пемова, Магдалена Манаскова, Павлинче Честојнова, Елизабета Канчевска Милевска, Стојан Миланов, Агим Муртезанов, Бетиане Китев, Бети Рабаџиевска Наумовска, Татјана Лалчевска, Горан Мисовски, Лидија

Тасевска, Ристе Ташев, Жаклина Лазаревска, Јагода Шахпаска, Катерина Кузмановска, Татјана Прентовиќ, Диме Велковски, Далибор Богдановски, Анета Симеска Димоска, Сашко Костов, Мери Лазарова, Панче Иванов, Костадин Костадинов, Јулиана Николова, Мира Стојчевска, Ирена Стефоска, Александар Кирацоски, Лилјана Поповска, Милева Ѓоргиева, Реџеп Мемеди, Благојче Трпевски, Маја Морачанин, Славица Шуманска Митева, Ѓулумсер Касапи, Илија Николовски, Чедомир Саздовски, Сашко Атанасов, Трајко Вељаноски, Мирослав Јовановиќ, Ивана Туфегџиќ и Фадил Зендели и

2 Јавна расправа по Предлогот на Закон за данокот на личен доход.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 27 |
| Вкупно разгледани точки | | 97 |
| **Поднесени амандмани** | | **6** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 82 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 29 |
| | 2 читање | 26 |
| | скратена и итна | 27 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | 3 |
| информации, извештаи, програми, планови | | 7 |
| уставни измени | | - |
| иницијативи, стратегии | | - |
| барања за автентични толкувања | | - |
| други акти | | - |
| **јавни расправи** | | **2** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-производство и трговија,
-минерални суровини и енергетика,
-туризам, угостителство и занаетчиство,
-надворешно-трговско работење,
-странски вложувања,
-сопственичка трансформација,
-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,
-заштита на потрошувачите,
-јавни претпријатија,
-концесии,
-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,
-статистика,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на економскиот систем и
-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРАН МИЛЕВСКИ,** претседател | |
| | **АГИМ ШАЌИРИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Мира Стојчевска | |
| 2. | Ристе Ташев | |
| 3. | Далибор Богдановски | |
| 4. | Хари Локвенец | |
| 5. | Реџаил Исмаили | |
| 6. | Лилјана Кузмановска | |
| 7. | Драган Цуклев | |
| 8. | Љупчо Димовски | |
| 9. | Владанка Авировиќ | |
| 10. | Крсто Мукоски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Анета Симеска Димоска | |
| 2. | Ппанче Иванов | |
| 3. | Мирослав Јовановиќ | |
| 4. | Кети Смилеска | |
| 5. | Костадин Костадинов | |
| 6. | Зоран Илиоски | |
| 7. | Васил Пишев | |
| 8. | Стојан Миланов | |
| 9. | Панчо Минов | |
| 10. | Благоја Деспотовски | |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија која е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17).

Комисијата за економски прашања во периодот од 1 јануари до 31 декември 2018 година има одржано **23** седници со вкупно **62** точки на дневен ред, од кои:

-26 предлог на закони во прво читање,

-25 предлог на закони во второ читање,

-4 предлог на закони во скратена постапка,

-2 јавни расправи,

-2 одлуки,

-2 финансиски планови и

-1 извештај.

Комисијата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини кој има за цел долгорочна заштита на животната средина и населението кое живее во близина на наоѓалиштата на минерални суровини и рудници и да се спречи примената на технологии што користат опасни супстанци.

Исто така, Комисијата за економски прашања го разгледа Предлогот на закон за поддршка на инвестиции. Со предложениот закон се создава правна рамка за поддршка на компаниите и имплементација на мерките за економски раст. Законот ќе овозможи развој на компаниите, зголемување на конкурентноста и соработката помеѓу домашните и странските компании и

намалување на бројот на невработени. Секоја компанија која што ќе инвестира во Република Македонија и на своите вработени ќе исплаќа плата повисока за 50% од минималната плата во Република Македонија ќе добива финансиска поддршка од Владата во износ од 20% од исплатената месечна нето плата за секое ново вработување во текот на претходната година. Предвидена е и финансиска поддршка за компаниите кои ќе ја унапредат соработката со добавувачите од Република Македонија; ќе воведат организациони форми за технолошки развој и истражување; за проекти од посебен економски интерес за Република Македонија.

Посебно внимание Комисијата за економски прашања посвети на Предлогот на Закон за енергетика. Целта на Предлог законот е да се обезбеди квалитетно и сигурно снабдување со енергија за потрошувачите во Република Македонија; ефикасно и сигурно функционирање, одржување и развој на електродистрибутивните и преносните системи; заштита на правата на потрошувачите, особено на ранливите категории на потрошувачи; целосна либерализација на производството, снабдувањето и трговијата со енергија; обезбедување на јавната служба во извршување на енергетските активности; зголемување на размената на електричната енергија и природниот гас со соседните држави, поделба на операторите на електропреносните и дистрибутивни системи на електрична енергија и природен гас на начин кој ќе обезбеди еднаков третман на корисниците на овие системи. Со имплементација на овој закон ќе се овозможи зајакнување на регионалната соработка преку заемното информирање и соработка на надлежните органи и зајакнување на операторите на електропреносните системи за електрична енергија и природен гас со Енергетската заедница во однос на исполнување на обврските за сигурност при снабдување и координирани одговори во ситуации на кризи. Со Предлог законот се предвидува целосно либерализирање на пазарот на електрична енергија и природен гас, односно со овој Предлог на закон се укинува категоријата тарифен потрошувач.Тоа значи дека секој потрошувач ќе има право на слободен избор за снабдувач со електрична енергија или природен гас, вклучувајќи го и правото на потрошувачот да го промени својот снабдувач. Поделбата на сопственоста на операторите на електропреносните системи и природниот гас кое е на барање на Енергетската Заедница, ќе придонесе АД МЕПСО да биде под надлежност на Министерството за транспорт и врски, а операторот на природен гас да биде под надлежност на Министерството за економија. Исто така, со Предлог законот се предвидува универзалниот снабдувач со електрична енергија за домаќинства и помали потрошувачи да се постави во зона во којашто е обврзан да нуди универзална услуга.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градежните производи. Со овој закон предвидено е уредување на системот за оценка и потврда на постојаноста на својствата, изјавата на својствата, означувањето на ЦЕ ознаката, нехармонизираното подрачје, обврските на економските оператори, хармонизираните технички спецификации, основањето и

работењето на телата за техничка оцена и основањето и работењето на именуваните тела, надзорот и контролата на производот на пазарот. Со Предлог законот е дефинирано кои услови треба да ги исполни секое тело за да може да биде акредитирано, именувано и нострифицирано. Исто така, во Предлог законот точно е објаснето како градежниот производ и со кои документи може да биде пуштен на пазарот, односно во Република Македонија, во Европската Унија, во регионот и во трети земји.

Комисијата за економски прашања го разгледа и Предлогот на закон за изменување на Законот за трговија. Предложените изменувања се во функција на укинување на ограничувањата во Законот кои беа воведени во 2008 година, а кои се однесуваат на ограничувањето на времето на продажба на алкохолни пијалаци во трговијата на мало и на ограничувањата на малопродажните објекти со кои истата се забрани во продавниците во состав на бензинските станици и во киосците.

Комисијата во изминатиов период го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва. Со овој Предлог на закон се предлага бришење на одредбите кои се однесуваат за тајни друштва од Законот за трговските друштва. Согласно со препораките на меѓународните организации во насока на зголемување на транспарентноста, намалување на даночната евазија и даночното затајување, потребно е да постои достапност на информации за правниот или вистински сопственик на правните субјекти, како и даночната администрација да има пристап до тие информации, со цел истите да може да ги користи за свои цели и да ги разменува со другите даночни администрации. Со оглед на тоа дека тајното друштво е форма на друштво кое нема правен субјективитет и не се запишува во трговскиот регистар, како и тоа дека идентитетот на тајниот содружник третите лица не го познаваат се предлага негово бришење.

На една од своите седници, Комисијата за економски прашања го разгледа и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за возила. Со предложените измени и дополнувања на Законот за возила се уредуваат и се поедноставуваат управните постапки за одобрување на тип и единечно одобрување на возило, овластување на технички служби и правни лица кои вршат технички преглед на возила и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, овластување на правни лица кои вградуваат плински уреди на возилата, овластување на технички служби за одобрување на возила за превоз на опасни материи и инспекција и издавање на „АДР – сертификатг на претходно одобрени возила за превоз на опасни материи. Се воведуваат регистри за согласности за регистрација и потврди за сообразност во електронска форма, потврда за одобрување на возило за превоз на опасни материи во согласност со Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15) и согласно заклучоците на Владата на Република Македонија се воведува еколошка налепница и еколошка категоризација на возилата и се уредува субвенционирањето на возилата со електричен погон и со вграден уред за погон со ТНГ. Министерството за економија врз основа на добиените мислења за Предлог законот изврши дополнување на Предлог на

закон за изменување и дополнување на Законот за возила, во насока на усогласување со одредбите со Законот за општата управна постапка и донесените заклучоци на Владата на Република Македонија во врска со заштита на животната средина гледано од агол на штетни состојки на издувните гасови од моторите на возилата, воведување на Програми за субвенционирање на дел од трошоците за купување на возила на електричен погон или хибридни возила,

Согласно со Законот за енергетика, Собранието го разгледува Предлог-Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија и предлогот на Одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија. Имајќи ја в предвид оваа законска одредба, Комисијата за економски прашања ги разгледа предлогот на Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија за 2018 и 2019 година и предлогот на Одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија за 2018 и 2019 година.

Согласно со законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2017 година кој содржи детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, како и детални информации за материјално - финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>23</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>62</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>3</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>54</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони</td><td>1 читање</td><td>26</td></tr>
<tr><td>2 читање</td><td>24</td></tr>
<tr><td>скратена и итна</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">ратификации</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">декларации, резолуции</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">информации, извештаи, програми, планови</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="2">иницијативи, стратегии</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">барања за автентични толкувања</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">јавни расправи</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">надзорни расправи</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело, основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија. Со оваа Одлука ("Службен весник на Република Македонија" број 64/17 и 73/17) е определена надлежноста на комисијата.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЉУПЧО ДИМОВСКИ,** - претседател |
| | **ДИМИТАР СТЕВАНАНЏИЈА,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Татјана Прентовиќ |
| 2. | Милева Ѓорѓиева |
| 3. | Благојче Трпевски |
| 4. | Диме Велковски |
| 5. | Мира Стојчевска |
| 6. | Реџаил Исмаили |
| 7. | Зоран Ѓорѓиевски |
| 8. | Никола Мицевски |
| 9. | Панчо Минов |
| 10. | Жаклина Пешевска |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Милевски |
| 2. | Алија Камберовски |
| 3. | Ристе Ташев |
| 4. | Сашко Атанасов |
| 5. | Панче Иванов |
| 6. | Џеват Адеми |
| 7. | Васил Пишев |
| 8. | Слаѓана Митовска |
| 9. | Павлинче Честојнова |
| 10. | Љубен Арнаудов |

**Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година, има одржано 13 седници на кои се разгледани вкупно 32 точки на дневен ред кои комисијата ги разгледа како матично работно тело.**

**Комисијата во овој период не разгледувала точки како заинтересирано работно тело.**

Комисијата разгледа:

17 (седумнаесет) предлог на закони во прво читање,

12 (дванаесет) предлог на закони во второ читање,

2 (два) предлог на закони во скратена постапка и

1 (еден) Извештај од Законодавно-правна комисија.

Комисијата согласно со Деловникот на Собранието на Република Македонија, водеше општ претрес на 3 (три) предлог на закони во прво читање, истите не беа разгледани во второ читање од причина што не беа прифатливи и не се дадоа на натамошно читање. Една седница е одложена, предлогот на законот е во фаза на прво читање на Комисијата (Предлог на закон за фитофармација).

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство беа поднесени вкупно 14 (четиринаесет) амандмани од кои усвоени се 13 (тринаесет) амандмани и 1 (еден) амандман е повлечен од овластен предлагач.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не предложи амандмани.

Комисијата во периодот од 01 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Комисијата ги разгледа следниве точки на Дневен ред:

**во редовна постапка:**

-Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на храната; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување на Закон за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митревски, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (прво читање); (материјалот е повлечен);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за здравјето на растенијата; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за шумарска и ловна инспекција; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за Државниот инспекторат за земјоделство; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој; Поднесен од пратеникот Панчо Минов; (прво читање); (материјалот е повлечен);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното; Поднесен од пратеникот Панчо Минов; (прво читање); (материјалот е повлечен);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митревски, Диме Велковски и Татјана

Прентовиќ; (второ читање); (материјалот е повлечен);

-Предлог на закон за изменување на Закон за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување на Законот за безбедност на храната; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за здравјето на растенијата; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за шумарска и ловна инспекција; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за Државниот инспекторат за земјоделство; Поднесен од пратениците: Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој; Поднесен од пратениците: Панчо Минов, Никола Мицевски, Драган Цуклев и Павлинче Честојнова; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за виното; Поднесен од пратеникот Панчо Минов; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно-медицински препарати; (прво читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно-медицински препарати; (второ читање);

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните; Поднесен од пратениците: Маја Морачанин, Лилјана Поповска, Никица Корубин, Ирена Стефоска, Ивана Туфегџиќ, Милева Ѓоргиева, Шпреса Хадри, Мирсада Емини

Асани и Снежана Калеска Ванчева; (прво читање); (не е прифатлив);

**во скратена постапка:**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост; Поднесен од пратениците: Јован Митрески, Реџаиљ Исмаили, Диме Велковски и Сашко Костов; (скратена постапка) и
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој; Поднесен од пратениците: Реџаиљ Исмаили и Татјана Прентовиќ; (скратена постапка).

Комисијата разгледа еден Извештај од Законодавно-правната комисија на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство;

До Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство не беа доставени други материјали за разгледување.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 13 |
| Вкупно разгледани точки | | 32 |
| **Поднесени амандмани** | | **-** |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 19 |
| | јавни дејности | - |
| Закони | 1 читање | 17 |
| | 2 читање | 12 |
| | скратена и итна | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| ратификации | | - |
| декларации, резолуции | | - |
| одлуки | | - |
| информации, извештаи, програми, планови | | 1 |
| иницијативи, стратегии | | - |
| барања за автентични толкувања | | - |
| **јавни расправи** | | **-** |
| **надзорни расправи** | | **-** |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија,
-воспоставување меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 91/2008, 119/10, 23/13 и 66/2017). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ЗАТУРОСКА,** - претседател | |
| | **АНЕ ЛАШКОСКА,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Костадин Ацевски | |
| 2. | Мирослав Јовановиќ | |
| 3. | Благојче Трпевски | |
| 4. | Лилјана Поповска | |
| 5. | Диме Велковски | |
| 6. | Реџаил Исмаили | |
| 7. | Благоја Деспотовски | |
| 8. | Слаѓана Митовска | |
| 9. | Драган Данев | |
| 10. | Никола Мицевски | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Алија Камберовски | |
| 2. | Бетиане Китев | |
| 3. | Томислав Тунтев | |
| 4. | Соња Мираковска | |
| 5. | Мери Лазарова | |
| 6. | Агим Шаќири | |
| 7. | Невенка Стаменковска | |
| 8. | Панчо Минов | |
| 9. | Јусуф Хасани | |
| 10. | Крсто Мукоски | |

Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2018 до 31 декември 2018 година има одржано **24** седници (една недовршена), со 9 продолженија на седници на кои се разгледани вкупно **72** точки на дневен ред од кои **71** точки како матично работно тело:

-23 предлози на закони во прво читање;
-22 предлози на закони во второ читање;
-11 Предлог на закони во скратена постапка;
-13 годишни извештаи, програми, информации;
-еден извештај на Европска комисија за Република Македонија за 2018 година и
- 2 јавни расправи.

Комисијата разгледа вкупно 99 амандмани од кои усвоени беа 25 амандмани, 13 усвоен со изменет текст, неусвоени се 23 амандмани и 38 амандмани се повлечени.

Комисијата за транспорт, врски и екологија предложи 17 амандмани и истите ги усвои.

Комисијата во периодот од 1 јануари 2018 до 31 декември 2018 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

**Комисијата ги разгледа следните точки на Дневен ред:**

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - I читање.

-Предлог на закон за урбано зеленило - II читање, поднесен од пратениците Лилјана Поповска, Маја Морачанин, Петре Шилегов, Стефан Богоев, Диме Велковски и Ејуп Алими;

-Предлог на закон за изменување на Законот за електронските комуникации - II читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - II читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - II читање.

-Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија за 2018 година;

-Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2018 година;

-Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година;

-Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година;

-Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, поднесен од пратениците Диме Велковски, Ејуп Алими и Томислав Тунтев;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка, поднесен од пратениците Ејуп Алими, Јован Митрески, Диме Велковски и Томислав Тунтев;

-Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 01 јули до 31 декември 2017 година;

-Предлог на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - I читање, поднесен од пратениците Панчо Минов, Лилјана Поповска и Маја Морачанин;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловството - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење -I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за домување - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните дејности - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување на Законот за животната средина - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ;

-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на природата - I читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски и Татјана Прентовиќ;

-Предлог на закон за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронско управување - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - I читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија - I читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај - II читање;

-Предлог на закон за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај - II читање;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловството - II читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба - II читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење -II читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем - II читање, поднесен од пратениците Јован Митрески, Ејуп Алими, Диме Велковски, Костадин Ацевски и Лилјана Поповска;

разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието и

-Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување во Собранието при донесување на закони во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РЕЏАИЛ ИСМАИЛИ,** претседател | |
| | **ЈУСУФ ХАСАНИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | | |
| 2. | Никица Корубин | |
| 3. | Ристе Ташев | |
| 4. | Славица Шуманска Митева | |
| 5. | Антонијо Милошоски | |
| 6. | Горан Манојловски | |
| 7. | Дафина Стојановска | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Артан Груби | |
| 10. | Шпреса Хадри | |
| 11. | Зиадин Села | |
| 12. | Фадил Зендели | |
| 13. | | |
| 14. | Сашко Костов | |
| 15. | Самка Ибраимовски | |
| 16. | Иван Стоиљковиќ | |
| 17. | Зеќир Рамчиловиќ | |

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период не одржа седница.

Во овој период Претседателот на Комитетот, г. Реџаил Исмаили по покана на Советот на Европа - Оддел за антидискриминација учествуваше во Регионалната конференција за *Толеранцијата и инклузивните општества во Западен Балкан*, што се одржа од 14 до 15 ноември 2018 година во Подгорица, Црна Гора.

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмскиот сервис - Собранискиот канал.

Ингеренциите на Советот на Собранискиот канал се содржани во Законот за Собранието на Република Македонија објавен во Службен весник на Република Македонија број 104 од 20 август 2009.

Собранието има програмска одговорност за емитување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието.

Собранискиот канал ги информира и образува граѓаните за политичкиот живот, преку парламентарни, образовни и граѓански програми.

Собранискиот канал емитува програми од интерес за социјалната кохезија, меѓуетничкиот соживот, културните разлики и борбата против сите видови дискриминација и нуди програми кои ја одразуваат разноликоста на македонското општество.

Собранискиот канал се грижи за обезбедување на политичката рамноправност и соодветна јазична застапеност во емитуваните програми.

Собранието обезбедува услови за пренос на дигитален ТВ сигнал до крајните корисници (гледачи).

Собранието основа Совет на Собранискиот канал кој го сочинуваат 11 члена од кои шест пратеници од парламентарното мнозинство и четири пратеници од парламентарната опозиција.

На предлог на претседателот на Собранието потпретседателот на Собранието од редот на опозицијата е претседател на Советот на Собранискиот канал.

Членовите на Советот на Собранискиот канал имаат свои заменици предложени и избрани по истиот критериум како и членовите.

Во работата на Советот на Собранискиот канал учествуваат и претставници на ЈП Македонска радио-телевизија, а по потреба и надворешни членови - експерти од оваа област, без право на глас

Советот на Собранискиот канал се состанува најмалку на три месеца.

Членовите на Советот на Собранискиот канал ги избира Собранието.

Советот на Собранискиот канал разгледува прашања од функционирањето на Собранискиот канал, а особено:

-донесува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и

-обезбедува емитување на активностите на Собранието преку програмскиот сервис - Собранискиот канал.

Трошоците за создавање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието се обезбедуваат од Собранието.

Советот на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија во овој мандат сеуште не е формиран.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">одлуки</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на седницата на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" бр. 77/2008 година). Оваа одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ бр.104/2009).

Буџетскиот совет има претседател, заменик претседател и 9 членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, а заменик претседател е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ФРОСИНА ТАШЕВСКА - РЕМЕНСКИ,** претседател |
| | **ЛИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Јован Митревски |
| 2. | Соња Мираковска |
| 3. | Костадин Костадинов |
| 4. | Ејуп Алими |
| 5. | Агим Шаќири |
| 6. | Неџбедин Карамани |
| 7. | Владанка Авировиќ |
| 8. | Лилјана Затуроска |
| 9. | Слагана Митовска |

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет во постапката за изготвување на Буџетот на Република Македонија врши постојани консултации и усогласувања со Министерството за финансии и со Владата на Република Македонија, во врска со финансиската проекција на потребни средства на Собранието и се грижи за финансиските потреби на Собранието.

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа шест седници на кои беа разгледани седум точки.

Со седниците на Буџетскиот совет претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија и претседател на Буџетскиот совет, Фросина Ташевска - Ременски.

На **Првата седница** одржана на 19 март 2018 година свое воведно обраќање имаа претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери и потпретседателот на Собранието на Република Македонија и претседател на Буџетскиот совет Фросина Ташевска Ременски. Претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери во своето обраќање истакна дека му претставува особена чест и задоволство да се обрати на првата седница на Буџетскиот Совет. Тој посочи дека Буџетскиот совет е основан во 2008 година. Буџетскиот совет има претседател, заменик на претседател и девет члена од редот на пратениците на Собранието. Претседател на Буџетскиот совет е еден од потпретседателите на Собранието, додека заменик на претседателот е претседателот на Комисијата за финансирање и буџет. Во овој пратнички мандат по усвојување на Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот совет на 5 март 2018 година за претседател е избрана потпретседателката на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Фросина Ташевска Ременски, додека за заменик на претседателот е избрана претседателката на Комисијата за финансирање и буџет, Лилјана Кузмановска. Согласно Законот за Собранието на Република Македонија, Буџетскиот совет има надлежност да ги утврдува стратешките приоритети на Собранието за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието, предлага на Владата на Република Македонија во соработка со Министерството за финансии максимален износ на средства за Собранието за наредните три фискални години иго следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија. Претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери истакна дека Буџетскиот совет има голема и незаменлива улога во работата и функционирањето на Собранието на Република Македонија.

Претседателот на Буџетскиот совет г-ѓа Фросина Ташевска Ременски во своето обраќање истакна дека Буџетскиот совет има исклучително важна улога во работата и функционирањето на Собранието на Република Македонија. Г-ѓа Ременски посочи дека во овој пратенички мандат ќе се воведат нови концепти на работа и нови стратешки цели на Собранието на Република Македонија. Г-ѓа Ременски информираше дека е подготвена работна верзија на Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2018-2020 година од страна на работна група од Собранието на Република Македонија во соработка со партнери од меѓународната заедница. Материјалите се доставени до пратенците кои имаат обврска да ги

разгледаат сите стратешки цели и активности за нивно реализирање и доколку имаат предлози, препораки и забелешки да ги изнесат на седница на Буџетскиот совет.

Во изминатиот период беа одржани тематски средби, работилници и обуки по однос на целите кои ќе бидат утврдени во Стратешкиот план за периодот 2018-2020 година, вклучително и буџетската и финансиската независност на Собранието на Република Македонија. Постои политичка волја и меѓупартиски договор по однос на започнување на процес за реформа на Собранието од финасиски аспект, но потребна е отворена дебата и со Владата на Република Македонија, имајќи во предвид дека буџетот на Собранието е дел од Буџетот на Република Македонија и го предлага Владата на Република Македонија. Функционално независни институции подразбира и независност и самостојност во одлучувањето по прашања околу финансирањето и буџетот. Собранието на Република Македонија како законодавен дом и највисока власт во државата треба самостојно да одлучува по сите прашања што е гаранција и за неговата независност во целокупното работење. Со одлука на претседателството на Собранието во Стратешкиот план како едена од целите е вклучена и Проактивна парламентарна демократија која не беше вклучена во изминатиот период, а се однесува на активна соработка со земјите членки на ЕУ, земјите од соседството итн. Јакнењето на парламентарната демократија е дополнителна алатка која треба да се користи максимално со цел да се воспостават мостови на соработка и разбирање со парламентите на земјите кои ја поддржуваат Република Македонија на патот кон ЕУ и НАТО.

На **Втората седница** одржана на 13 април 2018 година Буџетскиот совет, согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија го определи бројот на надворешни соработници во пратеничките групи. Имено, согласно член 9 став (2) од Законот за Собранието на Република Македонија секоја пратеничка група во Собранието во зависност од бројот на пратеници и определен број на независни пратеници имаат право да ангажираат надворешни соработници. Во член 9 став (3) е утврдено дека бројот на надворешните соработници, согласно со принципот на секои пет пратеника следува еден надворешен соработник ги определува Буџетскиот совет на Собранието. Во Собранието се основани четири пратенички групи и тоа пратеничка група на СДСМ и Коалицијата; пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата; пратеничка група на ДУИ и пратеничка група на БЕСА.

Согласно член 9 став (3) од Законот за Собранието на Република Македонија, Буџетскиот совет заклучи во пратеничката група на СДСМ и Коалицијата да бидат распределени 10 надворешни соработници, во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата 10 надворешни соработници, во пратеничката група на ДУИ 2 надворешни соработници и во пратеничката група на БЕСА 1 надворешен соработник .

На **Третата седница** одржана на 1 јуни 2018 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија согласно член 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, го разгледа и утврди

Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2019-2021 година. Согласно надлежностите утврдени во член 27 од Законот за Собранието на Република Македонија, Буџетскиот совет ги утврдува стратешките приоритети на Собранието за наредните три години. Во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2019-2021 година се утврдени целите и приоритетите кои Собранието треба да ги реализира во периодот од 2019 до 2021 година. Истовремено, дадени се и конкретни показатели за финансиските импликации кои што произлегуваат од реализацијата на поставените цели. Буџетскиот совет заклучи дека Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2019-2021 година и утврдените стратешки цели и приоритети се во насока на обезбедување на отворена, одговорна и модерна законодавна власт која е во функција на граѓаните на Република Македонија. Со реализација на активностите утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2019-2021 година ќе се зајакнат институционалните и функционалните капацитети на Собранието за остварување на уставните надлежности на Собранието и неговата претставничка, законодавна и надзорна функција. Со цел зајакнување на надзорната функција на Собранието, во Стратешкиот план е предвидено формирање на поткомисија за ревизија во рамките на Комисијата за финансирање и буџет или разгледување на конечните ревизорски извештаи во рамки на Комисијата за финансирање и буџет. Буџетскиот Совет предложи да се дополнат надлежностите на Комисијата за финансирање и буџет утврдени во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија со надлежноста за разгледување на конечните ревизорски извештаи, а со цел реализирање на оваа стратешка цел.

На истата седница Буџетскиот Совет ја разгледа и донесе Одлуката за начинот на функционирање и обезбедување на средства за остварување на контакти на пратениците со граѓаните. Со оваа Одлука се уредува и регулира функционирањето на канцелариите за остварување на контакти на пратениците со граѓаните. Функционирањето на овие канцеларии е важна алатка за остварување на претставничката улога на пратениците.

На **Четвртата** седница одржана на 1 август 2018 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и го утврди Предлог-буџетско барање на Собранието на Република Македонија за 2019 година. Буџетскиот совет констатираше дека финансиските средства кои се планирани во Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2019 година се во согласност со реалните потреби на Собранието, а со цел навремено, квалитетно и континуирано извршување на надлежностите на Собранието на Република Македонија. Финансиската проекција на средства во Предлог-буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2019 година е во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2019-2021 година.

На **Петтата седница** одржана на 7 ноември 2018 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа Предлог на заклучокот за

изменување и дополнување на Заклучокот за утврдување на бројот на надворешни соработници по пратенички групи. Буџетскиот совет заклучи на Независната пратеничка група од ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за подобра Македонија да и бидат определени двајца надворешни соработници, додека бројот на надворешни соработници во пратеничкатра група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата да биде намален од десет на осум.

На **Шестата седница** одржана на 7 ноември 2018 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2019 година (Раздел 02001 - Собрание на Република Македонија). Врз основа Буџетскиот совет констатираше дека средствата кои се планирани во Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во Разделот 02001 Собрание на Република Македонија се во согласност со средствата кои се утврдени во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2019 година, кое Буџетскиот совет го усвои и достави до Министерството за финансии. Буџетскиот совет го поддржа Амандманот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2019 година на Раздел 02001 Собрание на Република Македонија, со кој се предлага да се пренаменат средства во износ од 15.094.000 денари во рамки на самиот Раздел, а со цел да се обезбедат потребните средства за купување на опрема и машини за Собранискиот канал.

Беше заклучено дека со средствата кои се планирани во Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2019 година во Разделот на Собранието на Република Македонија ќе се реализираат целите и приоритетите на Собранието во 2019 година кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2019-2021 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | - |
| буџет | | 1 |
| одлуки | | 1 |
| планови | | 1 |
| обраќања | | 2 |
| заклучоци | | 1 |
| барања, предлози, утврдувања | | 2 |

# 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за 2018 година се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот и
- реализирани активности на Националниот совет за евроинтеграции.

## ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Националниот совет за евроинтеграции е формиран со Одлука за основање на Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија" број 140/2007) донесена на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 19 ноември 2007 година. Согласно оваа Одлука во надлежност на Советот е да:

-го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;

-дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република Македонија;

-разгледува информации за процесот на преговарањето;

-дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;

-ги разгледува и оценува активностите на одделни членови вклучени во преговарачките тимови;

-одржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;

-одржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;

-по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и

-најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

Во работата на Националниот совет за евроинтеграции учествуваат претставници на законодавната и извршната власт, претставници на локалната власт, на граѓанското општество претставено преку членови и претставници на Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија, стопанските комори, синдикатите, верските заедници.

Согласно Одлуката за основање на НСЕИ, Претседателот на Советот се именува од редот на пратениците кои се во опозиција, а потпретседателот од редот на пратениците кои се во позиција. Во Одлуката за основање на НСЕИ, во членот 3, утврден е составот на Советот: претседател и потпретседател, 15 члена и тоа: девет члена од редот на пратениците во Собранието, кои имаат свои заменици, и шест члена од други институции: заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставник од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, претставник од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие шест членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Актуелниот состав на Советот е определен со Одлука за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции (“Службен весник на Република Македонија” бр. 89/2017), Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции (“Службен весник на Република Македонија” бр.122/2017), и Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции (“Службен весник на Република Македонија” бр. 160/2017). Собранието на Република Македонија на 32-та седница одржана на 30 јануари 2018 година донесе Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседатели, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, со која Златко Марин градоначалник на општина Аеродром како претставник на ЗЕЛС беше именуван за член во НСЕИ (“Службен весник на Република Македонија” бр.20/2018).Собранието на Република Македонија на 60-та седница одржана на 18 октомври 2018 година донесе Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседатели, членови и заменици-членови на Националниот совет за евроинтеграции, со која пратеникот Горан Милевски копретседател на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија беше именуван за член во НСЕИ (“Службен весник на Република Македонија” бр.191/2018). Здружението на новинари на Македонија, во декември 2018 година до Собранието достави допис со нов предлог за член во НСЕИ, поради изборот на нов претседател на ЗНМ.

Во извештајниот период, во работата на Советот учествува 9 номинирани претставници од: Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопанските комори на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Граѓанската платформа на Македонија, Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Католичката црква во Република Македонија и Евангелско-методистичката црква во Македонија. Единствено од Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија, и Еврејската заедница во Македонија не номинираа претставник за учество во работата на Советот.

Начинот на работа на Советот, одлучувањето, правата и обврските на претседателот, потпретседателот, членовите на Советот, замениците членови и претставниците, нивното присуство и учество во работата на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот, се уредуваат со деловник. Во периодот опфатен со извештајот, Советот не донесе нов деловник, односно работеше според Деловникот донесен на седницата одржана на 25 октомври 2011 година. Согласно членот 7 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со овој извештај, Националниот совет за евроинтеграции одржа две седници.

**На Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции, одржана на 27 април 2018 година беше разгледан Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година.** На седницата беше поканет и присуствуваше претседателот на Владата на Република Македонија г.Зоран Заев. На седницата беа поканети шефот на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, амбасадорите на земјите-членки на ЕУ во Република Македонија, и амбасадорите на земјите од процесот на проширување во Република Македонија, Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, претставници од Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, министерства, државни органи, универзитети, институти и голем број на граѓански организации. Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година пред Националниот совет за евроинтеграции го презентираше *г.Лукас Холуб, Шеф на политичкиот сектор во Делегација на Европската унија во Република Македонија*. при што беа дадени следните препораки и сугестии: и покрај евидентираниот напредок во Извештајот, земјата треба да продолжи со реформите; напредокот не се препишува само на позицијата туку и на учеството на опозицијата во спроведување на реформите; Државната изборна комисија навремено да се формира со мандат и ресурси за спроведување на задачите на непристрасен, професионален и транспарентен начин, како и да ја зголеми довербата на граѓаните во институцијата; Собранието треба дополнително да се изгради како форум за конструктивен политички дијалог, да ја подобри законодавната функција со ограничување на донесувањето на закони по скратена постапка. Потребен е функционален надзор над работата на Владата и зголемување на капацитетите за следење на заштитата на човековите слободи и права. Во однос на граѓанското општество треба да се подобри законската и политичката рамка за финансирање и функционирање; да се гарантира професионалност во јавната администрација и почитување на принципите на транспарентност, заслуги и рамномерна застапеност; покрај Специјалното јавно обвинителство и другите институции на многу поактивен начин да водат борба против корупцијата, како и да се зголеми независноста на регулаторните тела со експерти и независен буџет. Се очекува подобра имплементација на законските решенија и подобра ефективност на спроведување на законите во борбата против корупцијата и перењето пари. Г.Холуб покрена прашање кое бара сериозна дискусија и за кое постои интерес од граѓаните на

ЕУ и предложи во иднина да се дебатира и за придонесот на Република Македонија кон ЕУ како нејзина идна земја-членка. Беше посочено дека Националниот совет за евроинтеграции е соодветното тело кое може да покрене дебата и да даде одговор по оваа исклучително важна тема за европските граѓани бидејќи многу од нив ќе гласаат на референдум за идното пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

На седницата присуствуваше и свое обраќање имаше *Н.Е. г. Иван Великов Петков, амбасадор на Република Бугарија во Република Македонија,* во својство на претставник на земјата - претседавач со Советот на ЕУ. Амбасадорот Петков ја поздрави безусловната препорака на Европската комисија до Советот за отпочнување на преговорите со Република Македонија и оцени дека овој успех за државата би бил невозможен без силните напори на Владата, Собранието и граѓанското општество. Беше изразено задоволство што Договорот за пријателство и добрососедство меѓу Македонија и Бугарија е нотиран во Извештајот на Европската комисија.

*Претседателот на Владата на Република Македонија г. Зоран Заев* на почетокот од своето обраќање истакна дека добивањето на чистата препорака за почеток на пристапните преговори за членство во ЕУ е настан на кој се горди сите граѓани на Република Македонија. За сите граѓани на Република Македонија, за Владата, за Собранието, препораката стигна како потврда за постигнатото и како силен мотив за следната тешка но достижна цел - одлука за почеток на преговорите на Република Македонија за членство во ЕУ, на Советот на министри. Претседателот на Владата констатираше дека Република Македонија сега за разлика од периодот каде се наоѓаше пред точно една година, заедно со мнозинската волја на граѓаните, застаната е зад определбата на едно современо општество за сите. Претседателот на Владата г.Заев нагласи дека намерата на Владата е Република Македонија да добие датум за почеток на преговорите со ЕУ и истовремено најави во следните два месеци поенергично продолжување на реформските и политичките процеси. Врз основа на Извештајот на Европската комисија, утврдени се следните итни реформски процеси во нов План за реформската динамика до крајот на 2018 година, за што се информирани високите претставници на Европската унија. Претседателот на Владата г.Заев истакна дека во изминатиот период не пропуштил прилика да ја повика опозицијата да биде дел од конструктивните политики на Владата при што потсети дека активното учество во институциите и политичките процеси создава амбиент за судир на политички аргументи и усовршување на политиките што треба да се преземат во полза на сите граѓани на Македонија. Претседателот на Владата повика да се продолжи заедно со опозицијата и со поддршката на критичкото мислење на граѓанскиот сектор, да се работи заеднички и заедно да се носат одлуките за сите стратешки, граѓански, државни и национални интереси, вклучително и на обезбедување на широк граѓански и државен консензус во решавање на спорот со Грција.

Во обраќањето пред Советот, *г.Бујар Османи Заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања*, нагласи дека Извештајот се однесува за 16 месеци и ја опфаќа работата на претходната и актуелната Влада. Истакна дека Извештајот по првпат дава

споредба со земјите од регионот и можност за споредба на сработеното. Иако Македонија нема отворено ниту едно поглавје, додека некои земји имаат отворено 30 поглавја, сепак Република Македонија е прва во исполнувањето на економскиот дел и го дели првото/второто место со Црна Гора во политичкиот дел. Г. Бујар Османи позитивно го оцени учеството на опозицијата, како и во рамки на Националниот совет за европски интеграции, со кој раководи пратеник од опозицијата.

Нагласи дека евроинтеграциите на Република Македонија се проект кој ја изразува апсолутната волја на граѓаните, со над 80% поддршка според анкетите, но исто така се должи и на сите политички партии, кои се посветени на процесот.

*Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски* укажа дека за сите ќе биде подобро доколку се применуваат европските стандарди, и посочи дека земјата треба да премине на примената на законите, а не само на нивно усогласување со европските стандарди, дијалогот да биде отворен и инклузивен, а не толку далеку од јавноста. Поповски препорача до Владата да биде отворена за критика и да се насочи кон критичките делови од извештајот за да ги подобри деловите кои се посочени, како и да се подобри економијата. Тоа што треба да обединува во Националниот совет е интересот на граѓаните за членство во ЕУ и во таа насока Попоски констатираше дека Република Македонија е многу искусен кандидат. Констатираше дека искреноста е она што државата го извлече како поука во изминатите години. Попоски укажа дека успехот не зависи од тоа колку добри пораки ќе се испорачаат кон ЕУ туку колку добри резулатати ќе се испорачаат на крајот од денот. Според Попоски, одлуката за отпочнување на преговорите е политичка и сите земји-членки и нивните даночни обврзници треба да бидат убедени дека преговорите со Република Македонија се добри за нив или во најмала рака дека не се штетни. Беше потенцирано дека треба да се земат предвид сите досегашни препораки и истите да се спроведуваат, државата да се посвети на спроведувањето на законите, да постои вистински инклузивен и транспарентен дијалог во државата, не далеку од очите на јавноста, како и подготвеност за објективна критика. Претседателот на Советот г.Попоски укажа дека Европската комисија, интелигентно дава препорака за започнување на преговори и најавува дека наредниот период ќе го анализира скринингот на поглавјата 23 и 24, кој во некоја форма беше присутен и во Пристапниот дијалог на високо ниво.

*Потпретседателот на Советот, г-ца Ивана Туфегџиќ* во дискусијата потенцираше дека постои консензус помеѓу политичките чинители за евроинтеграциите на Република Македонија и во интерес на граѓаните. Според Туфегџиќ, Извештајот на Европската комисија за Република Македонија за 2018 година покажува дека постои созревање воопшто на политичката сцена во Република Македонија. Беше побарано од сите општествени чинители да имаат поголема одговорност во однос на тоа што го говорат во јавниот простор, сè со цел заеднички да придонесат во градење на поуспешна и подобра држава.

На седницата на Националниот совет за евроинтеграции со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: г-ѓа Лидија Димова директор на Националната агенција за европски

програми и мобилност, г. Артан Груби претседател на Комисијата за европски прашања и член на Советот, г. Мартин Милошески од Националниот младински совет на Македонија, г.Насер Селмани од Здружението на новинарите на Македонија и член во Советот, г-ѓа Тања Каракамишева професор на Правен Факултет "Јустинијан први" Скопје, г-ѓа Милева Ѓуровска од Европско движење во Република Македонија и г-ѓа Савка Тодоровска претставник од Граѓанска платформа на Македонија.

На **Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции која се одржа на 17 јули 2018 година свое обраќање имаше г. Јоханес Хан, Комесар за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија.** На седницата присуствуваше претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, Шефот на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија г. Самуел Жбогар и европратеникот и известител за Република Македонија во Европскиот парламент г. Иво Вајгл. На седницата беа поканети и присуствуваа претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет РМ и ЕУ, Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г. Бујар Османи, амбасадори на земјите-членки на ЕУ и медиумите. На почетокот на седницата еврокомесарот Јоханес Хан изрази задоволство за можноста да се обрати пред Националниот совет за евроинтеграции имајќи предвид дека граѓанското општество и бизнис заедницата се од круцијално значење за формирање на јавното мислење во земјата и истите претставуваат клучни играчи за евроинтеграцискиот процес. Комесарот Хан истакна дека постигнатите историски договори со Република Бугарија и Република Грција создадоа позитивен моментум на европската страна и со истите Република Македонија покажа посветеност и одлучност да се надминат билатералните спорови. Во тој контекст укажа дека Европската комисија во Стратегијата за Западен Балкан утврди критериум да не прифаќа нови земји членки без решение на билатералните спорови, а Република Македонија во таа насока покажа позитивен пример за регионот во делот на зајакнување на добрососедските односи. Комесарот Хан укажа дека Советот за општи работи на ЕУ ја отвори патеката за отворање на пристапните преговори за јуни 2019 година и во таа насока Европската комисија ја има задачата да започне со подговителните активности. Во обраќањето Комесарот Хан потенцираше дека важно е да се продолжи со имплементација на Пржинскиот договор и Итните реформски приоритети. Изрази задоволство што Република Македонија испорача резултати на евроинтеграцискиот план а сега на потег е Европската Унија. Скрининг процесот преставува темелна активност на Европската комисија и со истиот се подготвува државата за почеток на преговорите, ќе овозможи државата да се запознае подобро со европското законодавство и во исто време Европската комисија да го оцени нивото на подготвеност за обврските за членство, особено во поглавјата 23 и 24. Комесарот Хан оцени дека Националниот совет за евроинтеграции играше важна улога во процесот на пристапување и во други држави, па очекува и во Република Македонија, Националниот совет и во наредните месеци да има круцијална улога. Советот особено е важно да демонстрира инклузивност и да работи на стратешките приоритети на земјата. Во Советот постои единствена можност да се обединат различните сили во општеството и да се направи разлика на подобро. Комесарот Хан апелираше до сите чинители да бидат концентрирани и обединети кон постигнување на

европската цел и да се даде приоритет на клучните области. Порача дека Европската комисија ќе продолжи да помага во сите области особено за реформите во правосудството, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на безбедносните и разузнавачките структури како и на јавна администрација. Укажа дека дел од овие реформи се комплементарни со реформите потребни за зачленување во НАТО и упати искрени честитки за поканата која Република Македонија ја доби за членство во НАТО Алијансата. Во однос на предвидениот референдум, комесарот Хан потенцираше дека истиот ќе биде особено важен за иднината на Република Македонија и ги повика граѓаните да го остварат своето демократско право бидејќи не треба да се потцени ниту еден глас за крајниот исход од референдумот.

*Известителот во Европскиот парламент за Република Македонија г. Иво Вајгл* во обраќањето ја потенцираше историската шанса за Република Македонија за членство во ЕУ и НАТО. Истакна дека нема да има втора шанса да се решат отворените прашања кои го оптоваруваа процесот за Република Македонија. Го поздрави компромисот како клуч за парламентаризам кој го постигнаа владите на Република Македонија и на Грција изразен преку постигнатиот договор. Европратеникот Вајгл апелираше до пратениците да работат заеднички во име на националните интереси на земјата, надминувајќи ги партиските интереси. Го истакна доброто искуство со процесот „Дијалог Жан Моне", кој покажал дека има интерес пратениците да работат заедно, како основа за добар прогрес кој треба да продолжи.

Според *претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски*, Република Македонија требаше да го почне скринингот уште во 2005 година, откако стана кандидат за членство во ЕУ. Тој појасни дека скринингот е дијагноза, односно согледување на тоа колку македонското законодавство е усогласено со законодавството на ЕУ и дали има институции кои можат да ги применат тие закони. Според него, Македонија има одлични закони, но кубури со институциите. Попоски смета дека потребна е промена на менталитетот „имаме мнозинство правиме што сакаме". Главен аргумент кој го користи власта е дека и претходните правеле така. Тој смета дека имаме привилегија да ја зацврстиме Македонија и да и помогнеме да го смени менталниот склоп. Тоа треба да заврши, а одговорноста ја носат и власта и опозицијата. Во своето обраќање г.Попоски сугерираше дека е потребно во следните шест месеци наместо да се печатат закони кои ќе бидат позитивно оценети од експерти, власта и опозицијата да се посветат, обединат и да направат домашен, македонски скрининг на капацитетот на институциите.

*Потпретседателката на Националниот Совет за евроинтеграции г-ца Ивана Туфегџиќ*, во обраќањето истакна дека темелниот скрининг процес претставува клучен момент за отпочнување на преговорите на Република Македонија со ЕУ. Од страна на сите политички актери направен е дополнителен напор во унапредувањето на дијалогот не само во однос на реформските пакети туку и на други области од големо значење на граѓаните, вклучително и прашањата за правата на жените, младите и маргинализираните групи. Сериозен исчекор напред во унапредување на човековите права е направен со формирањето на клубовите за млади, ромите и ЛГБТИ заедницата, истакна Туфегџиќ. Формирањето на интерпартиските

парламентарни групи претставува пример за тоа како во Собранието може да се изгради консензус за значајни прашања кој понатаму може да послужи и во реформскиот процес, особено во вклучувањето на граѓанското општество како надворешен партнер.

Во обраќањето Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г. Бујар Османи, ја истакна конструктивната улога на Собранието и неговите работни тела посебно во клучните моменти во процесот на реформите, што впрочем така и треба да се случува бидејќи пристапните преговори неможе да се реализираат успешно без конструктивно Собрание со целосно подготвени капацитети за следење на темпото на преговорите. Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г. Бујар Османи порача дека ова е време на големи стратешки одлуки и дека нема веќе време за губење. Во оваа насока Националниот совет за евроинтеграции може да придонесе за поуспешни чекори во следниот процес на евроинтеграција бидејќи процесот е заеднички.

На седницата свои обраќања и дискусија имаа г.Артан Груби претседател на Комисијата за европски прашања, г.Горан Милевски претседател на МПК ЕУ-РМ, г.Фадил Зендели заменик член на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Мерал Узеири Ферати, заменик-член на МПК РМ-ЕУ, г-ѓа Савка Тодоровска претставник од Граѓанската платформа на Македонија, г-ѓа Данела Арсовска од Сојузот на стопанските комори на Македонија, г.Насер Селмани од Здружението на новинари на Македонија и г-ѓа Иванка Василевска од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

Во крајот на седницата *Комесарот за европска соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија г.Јоханес Хан*, даде заклучни согледувања и одговори на прашања кои беа покренати во текот на дебатата на Националниот совет. Комесарот Хан се заблагодари на дебатата и истата ја оцени како доста интересна и даден добар впечаток за различни мислења во државата. Во однос на референдумот, многу е важно истиот да обезбеди секој да го даде својот придонес врз основа на сопственото лично убедување. Референдумот не треба да биде заложник на политиката, и во оваа насока граѓанското општество треба да помогне да се обезбеди непристрасност. Скрининг процесот како и процесот на преговори дава огромна можност да се променат нештата, да се зајакне демократијата, да се разбере потребата од постигнување на компромис. Комесарот Хан упати порака до организациите на граѓанското општество повеќе да се фокусираат на руралните области во државата. Потребна е голема посветеност на владеење на правото, почитување на Уставот од сите подеднакво и во овој контекст комесарот Хан изрази очекување дека преговорите може да дадат придонес кон зголемена посветеност и конкретна примена на начелата на владеење на правото.

***ЕУ центар на Собранието -*** Електронската публикација ЕУ вести од мај 2018 година се издава и во печатена форма со што се овозможи поголема видливост на услугата за информирање на пратениците во Собранието, за теми и активности актуелни во Европската унија. Од јуни 2014 година подготвени се 40 месечни електронски изданија и 7 печатени публикации - ЕУ вести. ЕУ вестите се објавуваат на Собраниската интернет страна, на македонски и албански јазик.

# 4.4 ДРУГИ ТЕЛА

## 4.4.1 КЛУБОВИ НА ПРАТЕНИЦИ

### 4.4.1.1 КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

**На 7 март 2018 година Клубот на пратенички ја одбележа 15-годишнината од своето формирање.** Како прв клуб во Регионот, со години е пример за другите парламенти како може жените да се обединат околу за нив битни прашања, надминувајќи ги политичките, етничките и верските граници.

По повод овој јубилеј, свои обраќања имаа: г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија; г-ѓа Фросина Ташевска-Ременски, потпретседателка на Собранието на Република Македонија; г-ѓа Цветанка Иванова, генерална секретарка на Собранието на Република Македонија; г-ѓа Луиза Витон, постојана координаторка на Обединетите нации во Република Македонија; г-ѓа Лилјана Поповска, една од основачките на Клубот на пратенички и поранешна претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите; г-ѓа Даниела Рангелова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите; г-ѓа Даниела Димитриевска, директорка на Македонското женско лоби; г-ѓа Савка Тодоровска, претседателка на НСРР-СОЖМ и г. Крис Хеншоу, директор на НДИ Македонија.

**Клубот на пратенички, во организација на Организацијата за безбедност и соработка во Европа - Мисија во Скопје (ОБСЕ), од 16 до 18 март 2018 одржа обука на тема:**

**„Зајакнување на капацитетите на Клубот на пратенички”.**

На обуката беа предложени повеќе активности за понатамошната работа на Клубот на пратенички меѓу кои Стратешки план-Акционен план за работење на Клубот, потоа да се формираат тимови од сите членки на Клубот кои ќе работат на конкретни теми кои ќе бидат изодени заедно.

**На 7 јуни 2018 година, Клубот на пратенички, во соработка со UN Women и Министерството за труд и социјална политика, одржа трета тематска работна средба под наслов:**

**„Родово одговорно креирање на политики и буџети”.**

Оваа средба беше дел од серијата работилници со цел да се дискутираат теми од важност за унапредување на родовата еднаквост, како и да се дефинираат стратешките цели и

визијата на Клубот за прашања кои се од клучно значење кога станува збор за улогата и статусот на жената во нашето општество.

На работната средба, клучен акцент беше ставен на родово одговорното буџетирање како пристап или алатка која на членовите на Парламентот може да им послужи за да повикаат на зголемена транспарентност на буџетските одлуки, како и отчетност кон заложбите за родова еднаквост. Тоа ги надополнува сите напори и заложби за да се постигне родова еднаквост, со тоа што го насочува вниманието кон еднаквоста во алоцирањето на јавните финансии.

**На 17 јули 2018 година Клубот на пратенички беше поканет на работен ручек - состанок со парламентарките, во организација на Македонското женско лоби на тема:**

**„Родови предизвици пред новиот изборен законик"**

На состанокот се констатираше потребата за промена на изборниот законик во однос на зголемување на позицијата на жената во политиката на локално и национално ниво. За таа цел се формира и работна група составена од 9 члена, која ќе работи на поднесување амадмани за изборниот законик.

**Клубот на пратенички на 17 јули 2018 година одржа средба со делегација од Таџикистан, составена од 15 млади лидери-шампиони за родови прашања во нивната земја.**

Средбата беше на предлог на мисијата на ОБСЕ во Скопје, а на неа присуствуваа Ѓулумсер Касапи, координаторка; Даниела Рангелова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и членка на Клубот; Ивана Туфегџиќ, координаторка на Клубот на млади; како и пратеничките Лилјана Кузмановска, Мери Лазарова и Лилјана Затуроска.

На средбата се дискутираше за причините за формирање на Клубот и неговата мисија, улогата на Клубот, предностите и недостатоците на квотите за помалку застапениот пол и стереотипите со кои се соочуваат жените во политиката.

**Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија, во пресрет на празникот 11 Октомври - Денот на востанието на Македонија, организираше отворање на Соба на Клубот на пратенички**.

Во воведното обраќање, координаторката на Клубот на пратенички, Ѓулумсер Касапи, информираше дека Клубот е неформална група во Собранието, формирана 2003 година и составена од сите пратенички, независно на која пратеничка група припаѓаат.

Претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери, како иницијатор на идејата за формирање на Собата, истакна дека се следи примерот на Шведскиот парламент за чување и промоција на придонесот на жените пратенички и носители на функции во Собранието и работните тела во Собранието.

**На 23 ноември 2018 година Клубот на пратенички во соработка со УНДП одржа состанок за родовиот аспект и климатските промени.**

**Клубот на пратенички на 14 декември 2018 година одржа работна средба на тема:**

**„Малолетнички бракови”.**

Настанот се организираше во соработка со Националниот демократски институт (НДИ). На работната средба присуствуваа пратенички од повеќето пратенички групи во Собранието на Република Македонија.

Несиме Салиоска, извршна директорка на РОМА СОС Прилеп ги презентираше наодите и препораките на нивниот истражување спроведено во Република Македонија „Сивата зона помеѓу традицијата и правата на децата”.

Генерална секретарка на Собранието на Република Македонија, Цветанка Иванова била вклучена во самото истражување како правен експерт.

Во рамките на дискусијата во која учествуваа пратеничките, пратеникот Самка Ибраимовски и претставниците на министерствата, дадена е широка поддршка од сите политички партии за што поскоро менување на членот 197 од Кривичниот законик. Беше предложено наместо терминот „малолетнички браковиг, да се употребува терминот „детски браковиг во согласност со меѓународните конвенции.

## 4.4.1.2 КЛУБ НА МЛАДИНСКИ ПРАШАЊА И ПОЛИТИКИ

Во Собранието на 14 септември 2017 год. се формираше *Клубот за младински прашања и политики,* по примерот на Европскиот парламент и останатите западноевропски парламенти. Клубот е неформално тело во Собранието, составено од членови на сите парламентарни партии чијашто цел е остварување на интересите на младите во Република Македонија, во соработка со младинските организации, неформалните младински групи и партиските подмладоци.

***Реализирани активности на Клубот за младински прашања и политики:***

-На 13 ноември 2017 година, остварена средба со шефот на Секторот за млади во Советот на Европа, г-ѓа Антие Ротемунд. Целта на средбата беше да се чујат искуства, пракси и политики, коишто ќе помогнат Клубот за младински прашања и политики да стане мост преку кој младите ќе можат да ги искажат своите идеи и истите да се интерпретираат во законодавниот дом;

-Делегација на пратеници од Клубот за младински прашања и политики од од 19 до 22 ноември 2017 година, оствари работна посета во Брисел како продолжение на Самитот од Трст, при што беше констатирано дека на иницијатива на Република Македонија ќе се формира регионална мрежа на клубови на млади во парламентите на земјите од Западен Балкан, поддржани од Европскиот парламент;

-На 30 и 31 ноември 2017 година во рамки на стратешкото планирање, Клубот за младински прашања и политики утврди младински приоритети за 2018 година, меѓу кои како главен приоритет е подготовка и донесување на Закон за млади;

-На 11 април 2018 година по повод отпочнувањето на процесот за креирање на Законот за млади, во Собранието на Република Македонија се одржа јавен настан на кој се дискутираше за начинот на креирање на Законот, како и потребите, правата и обврските на младите кои треба да бидат уредени со овој закон. Процесот за креирање на Законот за млади започнува на иницијатива на Клубот за младински прашања и политики при Собрание на Република Македонија. Креирани се три работни групи, од кои едната е составена од пратеници-членови на Клубот за младински прашања и политики, втората предводена од Агенцијата за млади и спорт, а составена од претставници на институциите на Владата на Република Македонија и третата која е составена од претставници на граѓански организации-членови на најголемите младински чадор организации во државата;

-Имаше иницијатива на Клубот за младински прашања во Собрание, на конференција во Брисел за парламентарци и младински организации со цел зацврствување на дијалогот помеѓу политичките и младинските претставници, за формирање на мрежа на Клубови за млади пратеници во сите Парламенти од Западен Балкан поддржана од Европскиот Парламент. Оваа

иницијатива беше поддржана и од ЕП и ЕК, и наидува на потешкотии поради неактивноста на другите Парламенти во земјите за формирање на вакви клубови.

-Собрание на Република Македонија исто така беше домаќин на ваква конференција, која се одржа на 20 и 21 септември 2018 година. На конференцијата се обратија потпретседателот на Европскиот Парламент, Фабио Масимо Касталдо, Генералниот Секретар на РИКО, Џуро Блануша, Директорката за Западен Балкан од Директоратот за проширување, Хеновева Луиз Калавера, Претседателот на Европскиот Младински Форум, Луис Алварадо Мартинез, како и Претседателот на Националниот Младински Совет на Македонија, Блажен Малески. Конференцијата ја отвори Претседателот на Собранието, Талат Џафери.

По официцијалниот дел на конференцијата се организираа тематски policy labs чии што заклучоци се составен дел на Декларацијата со која беше затворена конференцијата.

За прв пат оваа конференција се организираше во земја од Западен Балкан, каде присуствуваа парламентите на земјите од Западен Балкан.

# 4.4.2 ИНТЕРПАРТИСКИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ГРУПИ

## 4.4.2.1 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

### 1. ВОВЕД

Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности (понатаму: ИППГ) е неформална група во Собранието на Република Македонија, составена од пратеници од сите претставени политички партии. Нејзината главна улога е да ги артикулира потребите на лицата со посебни способности во законодавниот дом, пред претставници на извршната власт, како и да го меинстримира прашањето на хендикепот во законодавните решенија.

ИППГ е воспоставена на 19-ти мај 2003 година на иницијатива на Полио Плус – движење против хендикеп. Од тогаш Полио Плус ја има улогата на Технички Комитет на групата и е суштинскиот линк помеѓу останатите организации на лица со посебни способности во Македонија и ИППГ. Со својата работа, ИППГ стана препознатлив синоним за промовирање и унапредување на правата на лицата со посебни способности.

Визијата за формирање и постоење на ваква група беше таа да претставува спрега помеѓу организациите на лица со посебни способности и власта; да биде гласноговорник кој ќе ги артикулира потребите на лицата со посебни способности пред народните избраници; како и да помогне тие потреби да се вообличат во конкретни законски решенија кои ќе гарантираат остварување на права и ќе креираат еднакви можности.

Мотивите за вклучување на пратениците во ИППГ се различни, но се водени од желбата и согледаната потреба за унапредување на состојбата на лицата со посебни способности. Без оглед дали се работи за филантропија, лична засегнатост или обид за самопромоција, основниот постулат на кој почива оваа група е тие да не бидат нечесни и да не ја претвораат групата во инструмент за надмудрување и меѓупартиска борба во која прашањето на хендикеп би било искористено и злоупотребено.

### 2. ВИЗИЈА И МИСИЈА

***Визија***

Општество во кое сите лица со посебни способности ќе учествуваат целосно како еднакви граѓани.

***Мисија***

Остварување и уживање на човековите права на лицата со посебни способности, создавајќи еднакви можности за сите и овозможувајќи инклузија на овие лица во сите општествени текови. Вклучување на прашањето на хендикеп во сите законодавни процеси ќе го поддржи процесот на еволуција на целокупното општество и ќе биде двигател кон неопходни промени.

## 3. СТРУКТУРА И РАБОТА НА ИППГ




***Пратеници***

Јадрото на ИППГ го сочинуваат членовите-пратеници во Собранието. Членовите на ИППГ се претставници на сите политички партии кои се претставени во Собранието, но заедно придонесуваат кон остварување на визијата и мисијата на групата. ИППГ не поседува строга и ригидна формална структура, ниту таква работна агенда. Ова е со оглед дека истата мора да е флексибилна и способна за брзи реакции.

Сепак, ИППГ има минимална организациска структура – претседавач со ИППГ, негов/нејзин заменик/ци, координатор и Технички Комитет. Бројот на останатите членови не е

фиксен и варира во зависност од составот на Собранието во секој мандат – пратениците доброволно и самостојно одлучуваат да се придружат на ИППГ согласно личните убедувања и интереси.

***Технички Комитет***

Сочинет од мала, професионална и ефективна група индивидуи, Техничкиот Комитет има главна задача да овозможи практична поддршка на јадрото на ИППГ, примарно во легислативните аспекти од работата на ИППГ, како и во промоција и подигнување на свеста за човековите права на лицата со посебни способности. Техничкиот Комитет е сместен во Полио Плус – движење против хендикеп. Комитетот е во постојана комуникација со Координаторот на ИППГ во Собрание на РМ со кого заеднички ги имплементираат активностите на групата како целина.

Исто така, Комитетот ја фацилитира работата на пратениците овозможувајќи работни материјали; спроведувајќи анализи и истражувања; изготвувајќи законодавни иницијативи; овозможувајќи различни настани за градење на капацитетите на членовите на групата; како и останата техничка поддршка.

***Советодавен Комитет***

Советодавниот Комитет претставува функционален форум кој ги координира и канализира напорите на членовите на Надворешната Група. Во суштина, овој Комитет е алката која ја поврзува Надворешната Група, од една страна, со Техничкиот Комитет и јадрото на ИППГ, од друга. Комитетот е составен од претставници од секој сегмент на Надворешната Група.

Граѓанското општество ги номинира своите најважни чинители за членови на овој Комитет. Организациите на лица со посебни способности, пак, водени од мотот „Ништо за нас без нас!г даваат најголем придонес, посебно имајќи предвид дека лицата со посебни способности се тие кои директно ги чувствуваат последиците од нарушувањето и негирањето на нивните права.

***Надворешна Група***

Надворешната Група е составена од претставници на сите чинители во општеството, вклучувајќи: централна и локална власт, бизнис заедница, безбедноста, граѓанското општество, медиумите, како и меѓународната заедница. Оваа Група овозможува поддршка и експертиза за прашања поврзани со хендикепот и човековите права во сите општествени сфери.

***Преглед на активности на ИППГ***

1. Редовни месечни состаноци
2. Семинари – обуки за членовите на ИППГ, како и обуки имплементирани од членови на ИППГ
3. Подигнување на свест – работа на терен, кампањи, јавни појавувања и прес конференции
4. Студиски посети – трансфер на знаења и добри практики

5. Работни групи и јавни дебати – унапредување на правата на лицата со посебни способности
6. Истражување – студии, анализи, мапирања, анкети...
7. Документација – архивирање и креирање на дата бази.

## 4. ОПРАВДАНОСТ

Феноменот на хендикеп во Македонија сеуште се доживува едно димензионално и во рамките на медицинскиот и/или религиозниот пристап кон истиот. Токму ова е и најголемиот предизвик: менување на парадигмата од овие два пристапи кон социјалниот пристап и човековите права на лицата со посебни способности, прокламирани со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп на ООН.

Република Македонија е земја во која силно се чувствуваат последиците кои ги оставија медицинскиот и религиозниот пристап кон хендикепот. Овие последици се видливи во сите полиња и сфери на живеење – сеуште постои законска и институционална сегрегација на децата со посебни способности во „специјални училишта", како и на лицата со посебни способности вработени во „заштитни компании". Образованието и вработувањето се клучните области за лична реализација и придонес кон општеството и токму овие две сфери треба да се тие кои ќе овозможат еднакви можности за сите лица, без разлика на тоа дали лицето е со посебни способности или не. Во рамки на социјалната заштита, на лицата со посебни способности им се овозможени само финансиски бенефиции, без ниту еден сервис за поддршка на нивното независно живеење. Дури постојат и институции во кои се сместуваат лица со посебни способности, сегрегирани од општеството во целина и целосно невидливи – дури и пристапот до овие институции е екстремно ограничен или забранет за јавноста. Пристапноста на архитектонската околината е на неверојатно ниско ниво – дури и новоизградените објекти многу често се непристапни и недостапни за лицата со посебни способности. Пристапот до добра и услуги е уште поограничен, оневозможувајќи ги лицата со посебни способности под еднакви услови да ги користат и уживаат. Дискриминацијата врз основа на хендикеп е третиот најзастапен вид на дискриминација во Република Македонија, веднаш зад политичката и етничката дискриминација. Уште повеќе, во случаи на повеќекратна дискриминација, хендикепот е водечка основа за дискриминација. Целокупната поставеност на системот за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување е во многу наврати дискриминаторски поставен, наметнувајќи непотребни барања и услови за лицата со посебни способности да остварат одредени права – услови кои на лицата без посебни способности не им се поставуваат.

Во 2014 година, за прв пат се ангажираше и лице од Собранието на Република Македонија како точка за поврзување помеѓу јадрото и Техничкиот Комитет на ИППГ. Ефектот од овој пристап е многу видлив, придонесувајќи кон повеќекратно зголемување на активностите и успесите на ИППГ. Сепак, потенцијалот кој постои во ваквиот пристап е уште поголем – негово потполно искористување значително ќе придонесе кон „меинстримирањег на прашањето на лицата со посебни способности во целокупното законодавство, како и во подобрена координација кон подигнување на јавната свест.

Сите овие предизвици, го формираат контекстот во кој ќе работи ИППГ во периодот 2016-2020 и упатуваат на областите на нејзино делување.

Пратениците-членови на ИППГ по сопствена волја и убедување пристапуваат кон оваа пратеничка група која се бори за промоција и унапредување на правата на лицата со посебни способности. Почитувајќи и уважувајќи ги правилата на парламентарната борба, пратениците ќе ја штитат оваа ранлива група граѓани и ќе делуваат за целосно остварување на мотото на лицата со посебни способности „Ништо за нас без нас!”, а со тоа градејќи поправедно општество.

**5. АКТИВНОСТИ**

- На **6 септември 2017** година (среда), во Уставна Сала – Собрание на Р. Македонија со почеток во 14,00 часот, се одржа работна средба на Интерпартиската парала給ментарна група за правата на лицата со хендикеп (ИППГ) каде свое обраќање имаше претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери. На работната средба се избра новиот состав на ИППГ и се дефинираше новата структура при што се избра новиот претседавач и заменик претседавачи со ИППГ. Согласно предлозите, за претседавач е избрана г-ѓа Фросина Ташевска-Ременски, а за нејзини заменици претседавачи се избрани: г.Трајче Димков, г.Африм Гаши, г-ѓа Лилјана Поповска, г-ѓа Јулијана Николова, г-ѓа Јагода Шахпаска и г-ѓа Мирсада Емини - Асани. Согласно договореното на оваа средба, претседавачот заедно со заменик претседавачите, ќе подготви рамка за дејствување и активности на ИППГ во овој парламентарен состав и на наредниот состанок ќе ги презентира планираните активности.

- На ден **17 ноември 2017 година** (петок) во **10.00 часот** во Собранието на Република Македонија во сала „Борис Трајковскиг.Работна средба на тема „ *Семејство за секое дете*” .На почетокот од средбата, претседавачката со ИППГ, г-ѓа Фросина Ташевска-Ременски, изрази благодарност до УНИЦЕФ за интересот заедно со пратениците и ИППГ да ја организираат оваа работна средба на која ќе бидат презентирани научни податоци за раниот детски развој и вдомувањето на најмладите.Воведно обраќање имаше претседателот на Собранието, г. Талат Џафери, кој истакна дека Проектот „Семејство за секое дете” е проект на Владата на Република Македонија, а законодавниот дом може да стори доста во насока на тоа овој процес да добие и на динамика и на квалитет. Претставникот на УНИЦЕФ во Македонија, г. Бенџамин Перкс и експертот за ефектите на опкружувањето врз детскиот развој, проф. Кевин Браун од Универзитетот во Нотингам, преку презентации се осврнаа на негативните последици од сместувањето деца во институции, како и значењето на грижата и комуникацијата за нивниот развој.Многу е битно тоа што низ цела Европа постои заложба да се престане со сместување на деца помлади од три години во институции и тоа веќе се применува во повеќе земји, а е заложба и на Република Македонија до 2020 година. Во презентациите, меѓу другото, можеше да се види дека брзиот развој на мозокот започнува во текот на бременоста и продолжува до 6-годишна возраст, дека 40% од децата се погодени

од запуштање, емотивна дистанца од родителите и дека сиромаштијата во раното детство определува една половина од квалитетот на животот, а другата половина е на родителите. Беа презентирани медицински сознанија и практични совети, како важноста од личниот однос меѓу детето и родителите, улогата на соседите, пријателите, потоа поседувањето свои играчки, облека и простор како придонесувачи за развојот на сопствениот идентитет. Сето ова отсуствува во згрижувачките установи, каде поради недоволно ресурси детето се чувствува депримирано.Истражувањата велат дека децата во установите поради недоволната интеракција со други имаат задоцнет емотивен развој, стануваат егоистични и себични, им се развива чувство на безвредност и дека сите им се непријатели, па прибегнуваат кон насилство за да стекнат моќ и затоа се подложни да станат деликвенти, криминалци, вмешани во проституција, односно им се предодредува неуспех во животот.Децата кои ги губат родителите поради смрт или одење во затвор, треба да се упатат на вдомување кај роднини или во згрижувачки семејства, а опцијата установа да биде последна опција. Многу е важно да постои системски одговор на ризикот од напуштање, односно да се делат совети за спречување на упатување деца во установи, посебно кај самохраните мајки, кај ромската заедница и кога станува збор за деца со попреченост. Претседавачката Ременски истакна дека е потребна теренска работа, посета на згрижувачките институции, затоа што соочувањето со суровата реалност е начин на јакнење на желбата да се направи повеќе. Во таа насока, пратениците се креатори на подобри решенија, а ИППГ ќе ги прошири своите надлежности на делување со цел подобрување на состојбите во оваа сфера. Во дискусијата учествуваа пратеници кои споделија лични искуства и упатија апел да се упрости постапката за посвојување, да се подобрат условите во установите за згрижување и во градинките, да се обрне внимание на односот на негувателите и воспитувачите, да се работи на подигање на свеста и на социјализација, затоа што грижејќи се за здраво семејство, се грижиме за здрава држава, а децата се богатството и иднината на секоја земја.

- **28 септември 2017 година** во Собранието на Република Македонија се одржа дебата за политичкото учество на лицата со попреченост, во организација на Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности (ИППГ), во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Движењето против хендикеп – Полио Плус. Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, официјално ја отвори дебатата, при што истакна дека политичкото учество на лицата со попреченост не е ништо друго освен дел од општите човекови права и слободи и дека заштитата и целосната интеграција на овие наши сограѓани, претставува наша морална и цивилизациска обврска. Воведно обраќање имаше и г. Гонзало де Чезаре, шеф на Одделот за човекова димензија, Мисија на ОБСЕ во Скопје, кој зборуваше за правото на еднаков третман и политичко учество, како камен-темелник на демократијата. Притоа го потенцираше фактот за недоволната застапеност на лицата со посебни способности на јавните функции.Во својот говор, претседавачот со актуелниот шести состав на ИППГ, г-ѓа Фросина Ташевска-Ременски, информира за консензусот кој го имаат сите политички партии во однос на подобрување на правата на лицата со посебни способности. Таа истакна дека ако се гарантираат права, треба да се

создадат и услови за истите да се практикуваат.Претседателот на Државната изборна комисија, г. Александар Чичаковски, говореше за заложбите на ДИК и активностите и проектите кои ги преземале и кои мора да се преземат за учество на лицата со попреченост во изборниот процес, во однос на овозможување пристап до изборните места, воведувањето шаблон со брејова азбука при гласањето, пристап до веб-страниците, итн. Госпоѓа Елена Кочоска од Полио Плус ги презентираше наодите од Анализата на терен за политичкото учество на лицата со попреченост, кои се поразителни и засрамувачки. Токму затоа, таа беше децидна дека граѓанските и политичките права треба да бидат остварени сега и веднаш. Во својот карактеристичен инспиративен говор, г-ѓа Кочоска информираше дека граѓаните со хендикеп не можат да ги остварат своите политички права од осамостојувањето на земјата па сè до денес, за што говори и фактот дека немале ниту пратеник, ниту градоначалник, ниту министер, а во екот на политичката предизборна кампања, нивното прашање не е вклучено во партиските програми. Иако македонското законодавство е богато со закони, тоа не дише со Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп.Во дебатата која следеше, учество зедоа пратениците г. Трајчо Димков, г-ѓа Лилјана Поповска и г-ѓа Јагода Шахпаска, како и дел од присутните гости, кои искажаа несебична поддршка.Беа искажани мислења и ставови сè со цел да се отворат прашања за да се надминат препреките и предрасудите и да се преземат мерки за активно вклучување на лицата со посебни способности во политичкото општество.На крајот беа донесени ***<u>заклучоци и препораки</u>*** кои ќе бидат инспирација за вакви дебати и во иднина.

- Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со посебни способности (ИППГ) и Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ на 3 октомври 2018 година, оствари работен состанок со Мисија во областа на човекови права (антидискриминација и услови во затворите).

## 4.4.2.2 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА РОМИТЕ

На 4 јуни 2018 година, се основа  и промовира **Интерпартиска парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија.** Групата е основана на иницијатива на пратеници од постоечкиот Собраниски состав.Иницијатори на оваа идеја се пратениците: Самка Ибраимоски, Диме Велковски, Ирена Стефоска, Маја Морачанин, Лилјана Поповска, Енес Ибрахим, Агим Муртезанов, Мирсада Емини Асани, Ивана Туфегџиќ, Ѓулумсер Касапи, Павле Богоевски, Соња Мираковска и Јулиана Николова. На 4 јуни, на денот на конституирањето, покрај пратеници, на средбата присуствуваа претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери, претставници на неколку амбасади, претставник од Мисијата на ОБСЕ г. Рамадан Берат, Национален програмски офицер, од УНДП, г. Драган Ристовски, Проектен менаџер во Одделот за социјална вклученост, кој работи на Проектот за реконструкција на градинката во општина Шуто Оризари како и претставници од НДИ.

На конститутивната средба, поздравни обраќања имаа претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери**,**  кој како претседател, изрази  поддршка на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија, министерот без ресор во Владата на Република Македонија г. Аксел Ахмедовски, заменик Народниот  правобранител, г-ѓа Васка Бајрамовска Мустафа,  градоначалникот на општина Шуто Оризари, г. Курто Дудуш, претставникот на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТ лицата на Собранието на Република Македонија и на Клубот за младински прашања и политики, пратеникот Павле Богоевски како и претставници на невладини Ромски организации.

За коодинатор на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија е избран  пратеникот  Самка Ибраимоски, лидер на Партија за целосна еманципација на Ромите а за заменик координатор на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија е избран  пратеникот Диме Велковски.

Мисијата, целите и приоритетните полиња на работа на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија е за доброто на граѓаните од ромската етничка заедница, за надминување на проблемот со нивната  маргинализација, недоволна интегрираност во општеството, подигнување на нискиот степен на вклученост во образовниот процес, подобрување на нивната недоволна покриеност од страна на здравствениот сектор и ред други неповолности кои негативно влијаат врз нивната економска и општа благосостојба. Со основањето на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија ќе се прават напори за подобрување  на животот на сограѓаните Роми. Во периодот од нејзиното основање до сега, има одржано неколку средби помеѓу членовите на групата заради договор околу изготвување на идна Програма за работа на Групата,  а на 13 септември оваа година координаторот на Групата  пратеникот Самка Ибраимовски оствари средба со претставникот на ОБСЕ, г. Рамадан Берат како и со висок функционер на ОБСЕ. На 18 октомври,  координаторт на Групата беше поканет од страна на претседателот на Европскиот Парламент да присуствува во Брисел, но поради презафатеност средбата не се оствари.

## 4.4.2.3 ИППГ ЗА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ЛИЦАТА

Иницијативата за формирање на неформална интерпартиска парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата, потекна од граѓанските организации кои работат во сферата на заштита и унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, пролетта 2017 година. Група пратеници кои покажаа интерес за оваа тема, оствари неколку работни средби со претставниците од невладиниот сектор на кои се дискутираше за присутното кршење на човековите права, говорот на омраза, насилството и дискриминацијата на ЛГБТИ луѓето во нашето општество и за потребата од системски пристап со заедничко учество на државните институции и граѓанскиот сектор за решавање на овие проблеми. Од тука произлезе и потребата за формирање на оваа неформална парламентарна група чија улога е да се застапува за заштита и унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, со цел градење на општество во кое сексуалната дискриминација и родовиот идентитет нема да претставуваат пречка за остварување на човековите права и слободи.

На почетокот групата броеше 6 члена, но со приклучувањето на пратеници во изминатиот период, во нејзиното основање учествуваа 13 пратеници од различни политички партии и независни пратеници, а истата понатаму останува отворена за вклучување на секој пратеник, кој сака да допринесе за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата.

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата во Собранието на Република Македонија на **23 февруари 2018** година одржа конститутивна седница. За координаторка беше едногласно избрана пратеничката Маја Морачанин од ДОМ, а за заменик координатор Павле Богоевски.

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата ја основаа 13 пратеници од различни политички партии: Маја Морачанин од Демократска обнова на Македонија, Павле Богоевски, независен пратеник, Бранко Маноиловски од Демократска унија за интеграција, Лилјана Поповска од Демократска обнова на Македонија, Ирена Стефоска и Ивана Туфегџиќ независни пратенички, Петар Атанасов, Јагода Шахпаска, Александар Кирацовски и Славица Шуманска - Митева од Социјалдемократски сојуз на Македонија, Јулиана Николова и Никица Корубин од Либерално демократска партија и Соња Мираковска од Нова социјалдемократска партија. Подоцна во групата се приклучија и пратеничките Нола Исмајлоска Старова од независната пратеничка група на ВМРО ДПМНЕ и пратеничката Снежана Калеска Ванчева од Социјалдемократски сојуз на Македонија, а пратеникот Петар Атанасов стана заменик министер.

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата има свој основачки документ кој содржи образложение, мисија, цели и приоритетни полиња на работа.

**Мисија**

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата се застапува за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, користејќи ги достапните механизми на Собранието на Република Македонија, со цел градење на општество во кое сексуалната ориентација и родовиот идентитет нема да претставуваат пречка за целосно уживање на човековите права и слободи.

**Цели**

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата на Собранието на Република Македонија претставува пратеничка група којашто редовно ќе се среќава со претставниците на граѓанското општество, граѓаните и ЛГБТИ луѓето, со цел:

- Утврдување на начини за имплементација на обврските кои ги преземала државата пред домашната и меѓународната јавност во однос на унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето и препораките на граѓанскиот сектор кои укажуваат на потребата за промена на законите и практиките на институциите.

- Унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето преку активности за промена на свеста кај јавноста со цел креирање на поддржувачка и пријателска околина;

- Унапредување на знаењата поврзани со сексуална ориентација и родов идентитет помеѓу донесувачите на одлуки, државните институции и општата јавност со цел емпатија и разбирање за проблемите со кои се соочуваат ЛГБТИ луѓето;

- Утврдување на заеднички чекори за најдобро искористување на капацитетите и ресурсите преку соработка на Собранието со ЛГБТИ заедницата и домашни и странски организации и институции кои делуваат на полето на унапредување и заштита на ЛГБТИ правата.

**Приоритетни полиња на работа на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата:**

- Обезбедување на ефикасни и ефективни правни и институционални механизми за заштита од диркиминација, насилство и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет;
- Подобрување на образовните политики и програми преку преземање мерки за заштита од насилство и силеџиство на младите ЛГБТИ луѓе во училиштата, отстранување на дискриминаторските практики и содржини, едукација и креирање на позитивни содржини за ЛГБТИ луѓето со цел промоција на еднаквоста и различностите врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет;
- Унапредување на правата на трансродовите луѓе со цел гаранција на заштитата од насилство и дискриминација, како и унапредување на состојбите со правна промена на родот и медицинско потврдување на родот.

Пратениците од ИППГ за правата на ЛГБТИ лицата усвоија Акциски план за работа во 2018 година.

**Активности**

Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата на **13 април 2018 година** одржа работна средба со делегација на Норвешкиот Хелсиншки комитет предводена од Генералниот секретар, Бјорн Енгесланд, во придружба на претставници на Хелсиншкиот Комитет за човекови права на РМ, ЛГБТИ Центарот за поддршка и коалиција МАРГИНИ, на која стана збор за текот и целокупниот процес на формирањето, активности и начинот на работење на ИИПГ за ЛГБТИ лицата, која е единствена ваква група во регионот на Западен Балкан.
На 17 мај 2018 година, Меѓународниот ден против хомофобија, трансфобија и бифобија, кој ширум светот се одбележа под мотото вСојузништва за солидарностг, Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата преку соопштение на интернет страната на Собранието на Република Северна Македонија ја изрази својата солидарност со ЛГБТИ луѓето кои преживеале различни видови стигматизација, дискриминација и насилство.
По повод формирањето на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ луѓето на покана на Н. Е. Господин Кристиан Тимоние, амбасадор на Франција во Македонија, пратениците, членови на групата присуствуваа на работен прием во Француската резиденција на 29 јуни 2018 година. На работниот прием беа присутни и преставници на граѓанските организации од оваа област. Ова беше можност пратениците и претставниците на граѓанскиот сектор да разменат информации и да разговараат за состојбите како и да договорат идни активности.
Пратениците, членови на ИППГ за ЛГБТИ лицата работеа на донесувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за спречување и заштита од дискриминација, во кои сексуалната ориентација и родовиот идентитет се експлицитно наведени како основи за дискриминација. Тие исто така учествуваа во низа дебати и конференции, како и во медиумската кампања вНе суди кој кого љубиг, се со цел подигање на јавната свест за елиминација на говорот на омраза, насилството и дискриминацијата на ЛГБТИ луѓето.

## 4.4.2.4 ИППГ ЗА ПОМИРУВАЊЕ, РЕФОРМИ И ИНТЕГРАЦИЈА

На 6 ноември 2018 година, на координација на претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери со потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи и претставниците на политичките партии кои не се организирани во пратенички групи, со консензус од присутните се донесе заклучок за формирање ,,Интерпартиска парламентарна група за помирување, реформи и интеграција".

Иницијативата ја поднесе независната пратеничка група од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за ,,Подобра Македонија". Одлучено е Фросина Ташевска Ременски од СДСМ и Емилија Александрова од новата пратеничка група независна од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, да бидат копретседавачи на групата.

Определен е форматот на телото, во него ќе учествуваат потпретседателите на Собранието, координаторите на пратеничките групи, по тројца претставници од најбројните пратенички групи СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и претставници на политичките партии кои не се организирани во пратенички групи. На координацијата не учествуваше координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а состанокот, пред да биде формирана групата, го напушти Сурија Рашиди од Алијансата за Албанците, иако тој е дел од оваа група.

Методологијата на работа и содржината ќе се договара на првиот состанок на Интерпартиска парламентарна група за помирување, реформи и интеграција. Присутните на координацијата се согласија дека формирањето на ваква група во овој момент е неопходно, а ако се покажат позитивни ефекти тоа може да биде добра пракса и за во иднина.

Првиот состанок на ИППГ за помирување, реформи и интеграција, се одржа на 28 ноември 2018 година на кој се донесе одлука за формирање на три работни групи

- за прашањето за интеграција на Република Македонија (поврзано со постапката за донесување на амандманите на Уставот);
- за помирување (во врска со настаните во Собранието на 27 април 2017 година) и
- за реформи (за законите кои се донесуваат со 2/3 мнозинство гласови и актите).

Вториот состанок ИППГ за помирување, реформи и интеграција го одржа на 30 ноември 2018 година. Од работата на втората работна група за помирување во врска со настаните во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 година, произлезе иницијатива за донесување на Закон за амнестија. Собранието на 76 седница одржана на 18 декември 2018 година во скратена постапка го донесе Законот за амнестија, предложен од група пратеници.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1.ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (62 пратеника). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на парламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**ЈАНУАРИ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Работна средба** со амбасадорот на Франција (22 јануари 2018 год.);
- **Работна средба** со поранешен заменик-претседател на Владата на Република Косово, г. Енвер Хоџај (23 јануари 2018 год.);
- **Работна средба** со амбасадорот на Бугарија (24 јануари 2018 год.);
- **Работна средба** со амбасадорот на Полска, Н.Е. Јацек Мултановски (25 јануари 2016 год.);
- **Средба** со поранешни претседатели на Република Албанија (30 јануари 2018 год.);
- **Работна средба** со амбасадорот на Британија г.Чарлс Гарет (31 јануари 2018 год.).

---

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Работна средба** со амбасадорот на ЕУ, Самуел Жбогар (17 јануари 2018 год.);
- **Средба** со г. Јенс Столтенберг, генерален секретар на НАТО (18 јануари 2018 год.).

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Ручек** на покана на г.г. Стефан во резиденцијата на МПЦ (9 јануари 2018 год.);
- **Работен состанок на членовите на Одборот за одбележување на 550 години од смртта на Ѓерѓ Кастриоти – Скендербег** (12 јануари 2018 год.);
- **Работна средба** со градоначалникот на косовската општина Сухарека (16 јануари 2018 год.);
- **Обраќање** на Свечената академија по повод Одбележувањето на 550-годишнината од смртта на Ѓерѓ Кастриоти – Скендербег, Собрание на Република Македонија (17 јануари 2018 год.);
- **Обраќање** на Свечената академија по повод Одбележувањето на 550-годишнината од смртта на Ѓерѓ Кастриоти – Скендербег, Приштина Косово (17 јануари 2018 год.);
- **Обраќање** на Манифестацијата „Флака е Јанарит“ во Гостивар (16 јануари 2018);
- **Средба** со г. Ахмед бин Мохамед ал-Јарван, претседател на организацијата Глобален совет за толеранција и мир (18 јануари 2018 год.);

---

- **Интервју** за КРТ (RTK) (18 јануари 2018 год.);
- **Присуство** на **Гала** вечер **„ОДА“**, за промоција на туризам, Тирана, Албанија (20 јануари 2018 год.);
- **Средба** со Млади европски федералисти (24 јануари 2018 год.);
- **Обраќање** по повод формирањето на Албанскиот совет на мирот во Македонија, во организација на Федерацијата на Универзалниот мир, во ресорт Буши (29 јануари 2018);
- **Неформална средба** со новинари (30 јануари 2018 год.).

---

**<u>ФЕВРУАРИ</u>**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со г. Олег Шчербак, Амбасадор на Руската Федерација во Република Македонија. (8 февруари 2018 год.);
- **Прием** по повод одбележувањето на 39-годишнината од Победата на Исламската Револуција на Иран. (8 февруари 2018 год., Александар Палас);
- **Учество** на конференцијата на тема “Градење на ефикасен и независен парламент на Република Македонија„ во Вилтон Парк. (14-16 февруари 2018 год.);
- **Средба** со Претседателот на Република Бугарија, г. Румен Радев. (17 февруари 2018 год);
- **Присуство** на активностите по повод одбележувањето на 10-годишнината од независноста на Косово, при што на свечената академија во општина Сухарека е прогласен за “Почесен граѓанин“. (18 февруари 2018 год., Косово);
- **Протоколарна средба** со г-ѓа Кристина Марти, заменик-државен секретар за надворешни работи на Швајцарија. (20 февруари 2018 год.);
- **Официјално потпишување** на Меморандум за разбирање во врска со подготовката на Проектот за поддршка на Собранието на Република Македонија поддржан од СДЦ. (20 февруари 2018 год.);
- **Прием** по повод назначувањето на амбасадорката на Канада, г-ѓа Кетлин Чаба. (20 февруари 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорката на Канада, г-ѓа Кетлин Чаба. (21 февруари 2018 год.);
- **Средба** со делегација од Претставничкиот дом на Ново Мексико. (21 февруари 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Словенија во Република Македонија, г. Милан Јазбец. (22 февруари 2018 год.);

- **Прием** по повод одбележувањето на Денот на Руската армија во хотел Континентал. (22 февруари 2018 год.);
- **Средба** со новоименуваната амбасадорка на Република Македонија во Република Франција, г-ѓа Јадранка Чаушевска. (27 февруари 2018 год.);
- **Средба** со г. Абдулах Ал Новајсер, почесен конзул на Република Македонија во Кралството на Саудиска Арабија. (28 февруари 2018 год.).

---

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Работна средба** со г. Нилс Мужниекс, комесар за човекови права на Советот на Европа. (1 февруари 2018 год.);
- **Работна средба** со г. Хенрик Блидал, политички директор задолжен за Рос-Рот семинарот во Скопје и г-ѓа Роберта Калорио, координаторка за Рос-Рот семинари. (6 февруари 2018 год.);
- **Работна средба** со амбасадорот на ЕУ, Самуел Жбогар. (6 февруари 2018 год.);
- **Средба** со г-ѓа Џоана Мејкок, генерална секретарка на Европското женско лоби. (9 февруари 2018 год.);
- **Работен состанок** со членовите на ИПУ. (12 февруари 2018 год.);
- **Работна средба** со експертите од ЕУ проектот. (23 февруари 2018 год.);
- **Средба** со европратениците г. Иво Вајгл и г. Едуард Кукан. (26 февруари 2018 год.);
- **Работна средба** со претставници од ДЦАФ. (27 февруари 2018 год.)

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Работен состанок** со претставниците од НВО Кумановски акцијаши. (2 февруари 2018 год.);
- **Гостин во емисијата** “Ziej e përziej" во Т B21 М. (3 февруари 2018 год.);
- **Работен состанок** со г. Мухамед Халили и г-ѓа Мирјана Лазарова Трајковска, претставници на НВО Европско Движење. (5 февруари 2018 год.);
- **Интервју** за ТВ Словенија. (7 февруари 2018 год.);
- **Интервју** за Бугарската телевизија (12 февруари 2018 год.);
- **Обраќање** по повод одбележувањето на 50 годишнината од смртта на Сефер Селими во Гостивар. (17 февруари 2018 год.);

- **Изјава** за медиуми по повод потпишување на Меморандум за разбирање во врска со подготовката на Проектот за поддршка на Собранието на Република Македонија поддржан од СДЦ. (20 февруари 2018 год.);
- **Средба** со претставници од Државниот ревизор на Република Македонија. (21 февруари 2018 год.);
- **Средба** со избраните парламентарни стипендисти во германскиот Бундестаг за 2018 година, г-ѓа Вера Јовческа и г-ѓа Ева Јованова. (23 февруари 2018 год.);
- **Средба** на Претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери со припадниците на Почесната гарда на Република Македонија. (23 февруари 2018 год.)
- **Давање свечена изјава** на г. Ацо Колевски - член на Советот за јавни обвинители. (23 февруари 2018 год.);
- **Обраќање** на 13-та Конференција на КОСАП. (26 февруари 2018 год.);
- **Обраќање** на меѓупарламентарната конференција на тема: Моќта на касата. (26 февруари 2018 год.);
- **Неформална средба** со претставниците на медиуми. (28 февруари 2018 год.).

---

**МАРТ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Прием** по повод одбележувањето на Националниот ден на Република Бугарија. (1 март 2018 год., Александар Палас);
- **Средба** со градоначалникот на општина Дренас, г. Рамиз Ладровци, и градоначалникот на општина Скендерај, г. Беким Јашари. (7 март 2018 год.);
- **Средба** со делегација предводена од член на Кабинетот на премиерот на Република Косово и националниот координатор за новата генерација, г. Авдулах Хасани. (7 март 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Велика Британија, г. Чарлс Гарет. (9 март 2018 год.);
- **Средба** со г. Денис Звиздиќ, претседавач на Советот на министри на Босна и Херцеговина. (12 март 2018 год.);
- **Средба** со г-ѓа Марија Пејчиновиќ Буриќ, потпретседателка на Владата и министерка за надворешни и европски работи на Република Хрватска. (13 март 2018 год.);
- **Средба** со г. Марко Антонијо Гарсија Бланко, амбасадор на Мексико во Република Македонија. (14 март 2018 год.);

- **Средба** со г. Димитрис Јанакакис, амбасадор на Република Грција во Република Македонија. (15 март 2018 год.);
- **Средба** со г. Мирослав Томан, амбасадор на Република Чешка во Република Македонија. (19 март 2018 год.);
- **Средба** со г. Олег Шчербак, амбасадор на Руската Федерација во Република Македонија. (22 март 2018 год.);
- **Средба** со г-ѓа Лилиана Танги, пратеничка од Националното Собрание на Република Франција. (23 март 2018 год.);
- **Прием** по повод Национален Ден на Република Грција. (23 март 2018 год.);
- **Средба** со г. Никос Коѕијас, министер за надворешни работи на Република Грција. (23 март 2018 год.);
- **Средба** со г. Исмаил Кахраман, претседател на Големото национално собрание на Турција. (26 март 2018 год.);
- **Средба** со г-ѓа Цвета Карајанчева, претседателка на Народното собрание на Република Бугарија. (26 март 2018 год.);
- **Средба** со г. Иракли Кобахиѕе, претседател на Парламентот на Грузија;
- **Средба** со Швајцарската делегација во ИПУ, предводена од г. Андреа Корони.

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со Помошник генерален секретар на Обединетите нации, г. Мирослав Јенча. (5 март 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорите на Република Австрија во Скопје, Атина, Подгорица, Сараево, Приштина, Белград и Брисел, предводени од д-р Клаус Вулфер, раководител на Одделот Западен Балкан и проширување на ЕУ од Министерство за надворешни работи на Австрија. (9 март 2018 год.);
- **Средба** со претставници на политичкиот безбедносен комитет. (22 март 2018 год.);
- **Средба** со Делегација од ЕПП, предводена од европратеникот Андреј Ковачев, потпретседател на ЕПП пратеничка група на Европски парламент задолжен за медитеранска политика и проширување. (23 март 2018 год.);
- **Средба** со претставници на Холандскиот центар за европски безбедносни студии. (29 март 2018 год.);

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Обраќање** на Националната Конвенција за Европската Унија во Република Македонија. (1 март 2018 год.);
- **Присуство** на промоцијата на книгата "Скопје за Годината на Скендербег (1468 - 2018)", од Институтот за духовно и културно наследство на Албанците. (2 март 2018 год.);
- **Обраќање** на втората средба помеѓу Комисијата за политички систем и односи међу заедниците и претставници на органите и институциите кои испраќаат годишни извештаи до Собрание на Република Македонија. (2 март 2018 год);
- **Интервју** за "Метаморфоза„ на Алсат-М. (2 март 2018 год.);
- **Интервју** во живо за Програма 200, во Алсат-М. (6 март 2018 год.);
- **Обраќање** по повод Одбележувањето на 15-годишнината од формирањето на Клубот на пратенички - Зголемување на политичкото учество на жените. (7 март 2018 год.);
- **Посета** во домот на ветераните на образованието на албански јазик, г. Аднан Агаи и г-ѓа Кимете Агаи, по повод 7 март, Денот на учителот. (7 март 2018 год.);
- **Обраќање** и прием по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на жената - 8 март. (8 март 2018 год.);
- **Посета** на првата пратеничка Албанка во Собранието на Република Македонија, и актуелна градоначалничка на општина Тетово, г-ѓа Теута Арифи, по повод Меѓународниот ден на жената - 8 март. (8 март 2018 год.);
- **Средба** со ректорот на Државниот универзитет во Тетово, г. Вулнет Амети. (8 март 2018 год.);
- **Присуство** на прием организиран од Здружението на спортисти и спортски новинари (9 март 2018 год., Ресторант Ара - Тетово);
- **Обраќање** на претседателот на Собрание на Република Македонија, г. Талат Џафери, по повод 75 години од Холокаустот на македонските евреи - депортација на 7.144 македонски евреи во логорот на смртта Треблинка (11 март 2018 год., Битола);
- **Давање свечена изјава** на членовите на Советот на јавни обвинители. (15 март 2018 год.);
- **Интервју** за "Топ тема" на Телма ТВ. (16 март 2018 год.);
- **Присуство** на Свечената академија по повод одбележување на 15 годишнината од основањето на ФОН Универзитетот. (19 март 2018 год.);
- **Отворање** на конститутивната седница на Буџетски совет. (19 март 2018 год.);
- **Интервју** за Гласот на Америка. (20 март 2018 год.);

- **Интервју** за "Jeta në Kosovë", на РТК. (21 март 2018 год.);
- **Прием** на студентите од Универзитетот Мајка Тереза. (22 март 2018 год.);
- **Интервју** за "Само Вистина", на Канал 5. (22 март 2018 год.);
- **Обраќање** на 128 Собрание на ИПУ на генералната дебата на тема "Зацврстување на глобалниот режим за мигранти и бегалци", во Женева, Швајцарија.(25 март 2018 год.);
- **Неформална средба** со новинари. (29 март 2018 год.);
- **Свечено отворање** на четвртата конференцијата на Асоцијацијата на Балканските Универзитети "Соработката помеѓу универзитетите и културниот соживот - премиса за издржлива платформа во целиот Балкан" во Државниот Универзитет на Тетово. (30 март 2018 год.).

---

**АПРИЛ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со Делегација од Република Словенија, предводена од премиерот г. Миро Церар. (4 април 2018 год);
- **Средба** со министерот за надворешни работи на Украина, г. Павло Климкин. (11 април 2018 год.);
- **Средба** со Делегација од Комисијата за прашања на Европската унија од Бундестагот на Сојузна Република Германија, предводена од претседателот на Комисијата, г. Гинтер Крихбаум. (12 април 2018 год.);
- **Средба** со министерката за животна средина и просторно планирање на Република Косово, г-ѓа Албена Решитај. (17 април 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција, г. Исмаил Кахраман. (19 април 2018 год.);
- **Средба** со Претседателот на Република Турција, г. Реџеп Таип Ердоган. (20 април 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на Деловниот совет Турција - Македонија на Бордот за надворешно-економски односи на Република Турција (DEİK), г. Билал Кара. (21 април 2018 год.)
- **Средба** со претседателот на Австрискиот национален совет, г. Волфганг Соботка. (24 април 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на Парламентот на Грција, г. Николаос Вуцис. (24 април 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорката на Република Србија во Република Македонија, г-ѓа Душанка Дивјак-Томиќ. (25 април 2018 год.);

- **Средба** со Претседателката на Република Хрватска, г-ѓа Колинда Грабар Китаровиќ. (26 април 2018 год.).

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со шефот на Евроатлантскиот совет, г. Фабрицио Лучиоли. (4 април 2018 год.);
- **Проштална средба** со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорката Нина Суомалаинен. (5 април 2018 год.);
- **Средба** со евроамбасадорот, г. Самуел Жбогар. (11 април 2018 год.);
- **Средба** со комесарот за европска добрососедска политика и преговори за проширување, г. Јоханес Хан. (18 април 2018 год.).

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Обраќање** на претседателот Џафери на првата годишна конференција на Министерството за финансии по повод 26-годишнината од носењето на првиот буџет на независна Република Македонија на тема "Управување со јавните финансии и економски раст - комплементарни или спротивставени?", (2 април 2018 год.);
- **Средба** со новоименуваната амбасадорка на Република Македонија во Постојаната мисија на Република Македонија во Европската унија, г-ѓа Агнеса Руси. (3 април 2018 год.);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Полска, г. Васил Пановски и новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Кралството Норвешка, г. Серџим Мухамед.
- **Интервју** за Бугарската национална телевизија – БТВ. (5 април 2018 год.);
- **Прием** организиран од Сојузот на Ромите во Александар Палас. (8 април 2018 год.);
- **Интервју** со новинари од Албанија. (12 април 2018 год.);
- **Обраќање** на Конференцијата на Процесот за соработка на Југоисточна Европа. (14 април 2018 год., Љубљана);
- **Интервју** за Анадолу ТВ (17 април 2018 год.);
- **Работна вечера** со Делегацијата на Чешка Република, предводена од потпретседателот на Сенатот, г. Јири Шестак. (17 април 2018 год.);
- **Средба** со претставници на иселениците од Република Македонија во Истанбул. (21 април 2018 год.);
- **Обраќање** на Конференцијата на претседатели на Парламенти од земјите на Европската унија. (24 април 2018 год., Талин);

- **Средба** со професорот на Јон Хопкинс школата за напредни меѓународни студии и познат американски експерт за Балканот, г. Даниел Сервер. (25 април 2018 год.);
- **Присуство** на приемот на Амбасадата на Холандија во Скопје, организиран за кралскиот роденден, за национален ден на кралството Холандија. (25 април 2018 год.);
- **Интервју** (25 април 2018 год.);
- **Интервју** за Журнал. (26 април 2018 год.);
- **Обраќање** на настанот Дружење на пратениците со членовите на Владата на Република Македонија. (26 април 2018 год.);
- **Прием** по повод годишнината од роденденот на кралицата на Британија, во Александар Палас. (26 април 2018 год.);
- **Неформална средба** со новинари. (27 април 2018 год.).

---

**МАЈ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со Делегација од Парламентот на Грузија, предводена од заменик-претседателката на Парламентот на Грузија, г-ѓа Тамар Чугошвили. (8 мај 2018 год);
- **Присуство** на работен ручек во Француска Резиденција. (10 мај 2018 год.);
- **Присуство** на одбележувањето на Денот на уставноста на Република Полска. (10 мај 2018 год.);
- **Средба** со поранешниот претседател на Република Словенија, г. Милан Кучан. (16 мај 2018 год.);
- **Средба** со г. Нурбакх Рустемов, амбасадор на Казахстан во Будимпешта. (14 мај 2018 год.);
- **Средба** со г. Донг Чунфенг, амбасадор на Република Кина во Република Македонија. (16 мај 2018 год.);
- **Средба** со г-ѓа Тереза Меј, премиер на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. (17 мај 2018 год.);
- **Средба** со претседателката на Народното Собрание на Република Србија, г-ѓа Маја Гојковиќ. (23 мај 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на Владата на Република Србија, г-ѓа Ана Брнабиќ (24 мај 2018 год.);
- **Средба** со потпретседателот на Народното Собрание на Република Србија, г. Владимир Маринковиќ. (25 мај 2018 год.);

- **Средба** со градоначалникот на општина Прешево, г. Шќиприм Арифи. (25 мај 2018 год.);
- **Средба** со Хендрик Маркуш, амбасадор на Словачка во Република Македонија (29 мај 2018 год.);
- **Средба** со народниот правобранител на Република Турција, г. Шереф Малкоч. (30 мај 2018 год.);
- **Присуство** на одбележувањето на Националниот ден на Италија. (31 мај 2018 год.).

---

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со претседателката на Интерпарламентарната Унија, г-ѓа Габриела Куевас Барон. (25 мај 2018 год.);
- **Обраќање** на 15. Средба на Југоисточна Европа. (26 мај 2018 год., Тирана);
- **Обраќање** на тема "Борба против насилниот екстремизам: враќање на странските терористички борци", (26 мај 2018 год., Тирана).

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Изјава** по повод потпишувањето на Меморандумот за соработка за спроведување на проектот "Развој на парламентарен и независен надзор" со ДЦАФ (3 мај2018 год.);
- **Присуство** на свеченото отворање на Саемот на книгата, Скопје. (3 мај 2018 год.);
- **Обраќање** на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери на Научната конференција на тема „Управувањето во јавниот сектор: предизвици и перспективи", организирана од Факултетот за современи општествени науки при Универзитетот на југоисточна Европа во Тетово (4 мај 2018 год.);
- **Обраќање** на претседателот на Собрание на Република Македонија, г. Талат Џафери на отворањето на четвртата едиција на Европската недела "Денот на Европа", организирана од Институтот за меѓународни и политички студии, во општина Чаир (4 мај 2018 год.);
- **Присуство** на инаугурацијата на Џамијата "Масџид Нур" на Исламската заедница Фрауенфелд во Швајцарија. (7 мај 2018 год.);
- **Присуство** на одбележувањето на Денот на ЕУ и 60 години од Европска инвестициска банка (7 мај 2018 год.);
- **Присуство** на вечера со професори од Џорџ Маршал центарот. (8 мај 2018 год.);
- Интервју за НОВА ТВ Бугарија. (9 мај 2018 год.);

- **Средба** со г-ѓа Александра Миовска, амбасадор на Република Македонија во Лондон. (9 мај 2018 год.);
- **Интервју** за Радио Слободна Европа (10 мај 2018 год.);
- **Присуство** во ОУ Дитурија - Сарај (11 мај 2018 год.);
- **Обраќање** на Панел-дискусијата на тема: „Улогата на парламентарниот етичар во спроведувањето и почитувањето на етичкиот кодекс во парламентите - пракса од Националното собрание на Француската Република“. (10 мај 2018 год.);
- **Учество** на Жан Моне Дијалогот. (17-19 мај 2018 год, Охрид);
- **Интервју** за Н1 телевизија, Србија. (24 мај 2018 год);
- **Обраќање** на Конференцијата “Градење на современи, професионални и претставнички парламенти“, од НДИ. (29 мај 2018 год.);
- **Неформална средба** со новинари. (29 мај 2018 год.);
- **Обраќање** на одбележувањето на 20 години Народен правобранител на Република Македонија. (30 мај 2018 год.);
- **Присуство** на одбележувањето на 20 години од постоењето на Нептун. (31 мај 2018 год.).

---

**<u>ЈУНИ</u>**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со амбасадорот на Република Македонија во Подгорица. (1 јуни 2018 година)
- **Присуство** на приемот по повод одбележувањето на Националниот ден на Италија. (1 јуни 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод одбележувањето на Националниот ден на Шведска. (6 јуни 2018 год.);
- **Прошталнa средба** со амбасадорот на Република Полска во Република Македонија, г. Јацек Мултановски. (13 јуни 2018 год);
- **Присуство** на приемот по повод одбележувањето на Националниот ден на Република Хрватска. (22 јуни 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Република Словенија, г. (28 јуни 2018 год.);
- **Средба** со претседателката на Анкетната комисија на Собранието на Република Косово, г-ѓа Дуда Баље. (29 јуни 2018 год.).

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Присуство** на Церемонијата за промоција на апсолвентите во академската година 2017/2018 на Универзитетот на Тетово. (2 јуни 2018 год.);
- **Обраќање** по повод отворањето на хуманитарната кампања "Ти си сончоглед" во Република Македонија. (4 јуни 2018 год.);
- **Обраќање** на претседателот Џафери на основањето и промовирањето на Интерпартиската парламентарна група за правата на ромите во Република Македонија. (4 јуни 2018 год.);
- **Присуство** на Ифтарската вечера приредена од претседателот на Владата на Република Македонија, г. Зоран Заев. (6 јуни 2018 год.);
- **Предавање** на тема "Вештините на јавниот настап и политичкото комуницирање", односно, "Политичката академија", пред студентите на Центарот за странски јазици "Флуент", во Собранието на Република Македонија. (6 јуни 2018 год.);
- **Интервју** со г. Блерим Вела. (7 јуни 2018 год.);
- **Интервју** со г. Фериз Џавиди и г. Џавит Бајрами. (7 јуни 2018 год.);
- **Средба** со донаторите во Собранието на Република Македонија. (8 јуни 2018 год.);
- **Обраќање** на Свечената академија по повод одбележувањето на 140 годишнина од Призренската лига, во Република Косово. (10 јуни 2018 год.);
- **Приредување** Ифтарска вечера по повод светиот месец Рамазан. (11 мај 2018 год.);
- **Обраќање** по повод ретроспективната изложба на Адем Кастрати. (19 јуни 2018 год.);
- **Присуство** на презентацијата на НДИ за резултатите на спроведените анкети во врска со јавната перцепција на Собранието на Р. Македонија. (21 јуни 2018 год.);
- **Обраќање** на годишната средба на претставници на Комисиите за одбрана и безбедност од Парламентите на Југоисточна Европа. (25 јуни 2018 год.);
- **Обраќање** на 98. Рос-Рот семинар. (27 јуни 2018 год.);
- **Домаќин на приемот** по повод 98. Рос-Рот семинар. (27 јуни 2018 год.);
- **Средба** со регионалниот директор на НДИ, г. Роберт Бенџамин. (28 јуни 2018 год);
- **Неформална средба** со новинари. (29 јуни 2018 год.).

---

**<u>ЈУЛИ</u>**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Присуство** на приемот по повод преземањето на австриското претседателство со Советот на Европска Унија. (2 јули 2018 год.);

- **Присуство** на приемот по повод одбележувањето на Националниот ден на Редот на Малта (5 јули 2018 год.);
- **Средба** со потпретседателот на Националниот комитет на кинескиот политички совет, г. Џанг Чингли. (9 јули 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорката на Швајцарија, г-ѓа Сибил Сутер Тејада. (10 јули 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Франција, г. Кристијан Тимоние. (10 јули 2018 год.);
- **Средба** со претставниците на бошњачката заедница по повод одбележувањето на 11-ти јули - Денот на сеќавање на геноцидот во Сребреница, (11 јули 2018 год);
- **Средба** со г. Станислав Карчевски, претседател на Сенатот на Република Полска. (12 јули 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на Претставничкиот дом на Малта, д-р Анџело Фаруџа. (13 јули 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на парламентот на Чешката Република, г. Радек Вондрачек. (13 јули 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод одбележувањето на Националниот ден на Франција. (14 јули 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Република Чешка, г. Мирослав Томан. (18 јули 2018 год.);
- **Средба** со Н.Е. г. Абделмомен Мохаммед Шараф, нерезидентен амбасадор на Кралството Саудиска Арабија. (27 јули 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Р. Македонија во Романија, г. Габриел Атанасов. (27 јули 2018 год.);
- **Средба** со г-ѓа Рејчел Галовеј, новоименуваната амбасадорка на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија. (30 јули 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорката на Швајцарија, г-ѓа Сибил Сутер Тејада. (31 јули 2018 год.).

---

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со европратеникот, г. Иво Вајгл. (16 јули 2018 год.);
- **Средба** со еврокомесарот, г. Јоханес Хан. (17 јули 2018 год.).

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Учество** на Конференција на тема „Современите предизвици на Трансатлантскиот безбедносен простор", во Шипан - Република Хрватска. (4 јули 2018 год.);
- **Обраќање** по повод отворањето на 27. Фестивал на преработени и стилизирани песни „Кенге јехо“ (6 јули 2018 год.);

---

- **Доделување** пофалници на вработените во Службата на Собранието на Република Македонија, кои ги преземаа сите неопходни стручни, административни и технички подготовки за успешна реализација на 98-миот Рос-Рот семинар. (11 јули 2018 год.);
- **Учество** на 3. Самит на спикери на Парламенти на Централна и Источна Европа и на прославата на 550-годишнината од Полскиот парламентаризам, во Варшава, Република Полска. (12-13 јули 2018 год.);
- **Обраќање** на 3. Самит на спикери на Парламенти на Централна и Источна Европа на тема "Парламентите во меѓународните политики". (12-13 јули 2018 год.);
- **Учество** на коктелот организиран од ДУИ во ТВ21, по повод добивањето на покана за започнување на преговорите за членство на Република Македонија во НАТО. (18 јули 2018 год.);
- **Интервју** со професорка од ФОН. (19 јули 2018 год.);
- **Интервју** за МИА. (20 јули 2018 год.);
- **Учество** на добротворната кампања "Македонија ти си сончоглед". (23 јули 2018 год.);
- **Обраќање** на Комеморативната седница по повод смртта на истакнатиот албански деец, г. Адем Демачи. (27 јули 2018 год.);
- **Изјава** на членовите на ДИК пред претседателот на Собранието. (30 јули 2018 год.);
- **Неформална средба** со новинари. (31 јули 2018 год.).

---

**АВГУСТ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со амбасадорот на Република Македонија во Романија, г. Габриел Атанасов. (1 август 2018 год.);
- **Работна средба** со амбасадорот на Израел, г. Дан Ориан. (22 август 2018 год.);
- **Средба** со германскиот европратеник, г. Рајнхард Бутикофер. (22 август 2018 год.);
- **Средба** со делегација од Конгресот на САД, г. Бил Флорес, г. Дејвид Прајс, г-ѓа Дина Титус, г. Гери Коноли и г-ѓа Сузан Дејвис. (27 август 2018 год.).

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Обраќање** на претседателот Џафери по повод одбележувањето на 2 Август - Денот на Републиката. (2 август 2018 год.);

- **Формирање** на Координативно тело за спроведување на Референдумот на државно ниво и водење на јавна пропаганда, предводено од претседателот Џафери. (22 август 2018 год.);
- **Средба** со претставниците на Ансамблот на песни и ора „Каршиака" од Скопје. (29 август 2018 год.);
- **Презентација** од ИРИ. (31 август 2018 год.).

---

**СЕПТЕМВРИ**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со сенаторот во Францускиот Сенат, г. Оливје Кадик. (7 септември 2018 год.);
- **Средба** со сенаторот од САД г. Рон Џонсон. (9 септември 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на Република Косово, г. Хашим Тачи. (12 септември 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод Денот на независноста на Украина. (12 септември 2018 год.);
- **Средба** со министерот за надворешни работи на Република Албанија, г. Дитмир Бушати. (13 септември 2018 год.);
- **Средба** со помошник-државниот секретар на Соединетите Американски Држави, г. Вес Мичел. (13 септември 2018 год.);
- **Средба** со г-ѓа Елизабета Трента, министерка за одбрана во Владата на Италијанската Република. (17 септември 2018 год.);
- **Средба** со новата амбасадорка на Австралија, г-ѓа Рут Карис Стјуарт. (18 септември 2018 год.);
- **Учество** на крводарителствата акција организирана од амбасадата на САД. (18 септември 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод 69 години од НР Кина и 25 години од воспоставување дипломатски односи (20 септември 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на Државниот збор на Република Словенија, г. Дејан Жидан. (25 септември 2018 год.);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Руската Федерација во Република Македонија, Сергеј Баздникин. (26 септември 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод Националниот ден на Чешка (26 септември 2018 год.);

- **Средба** со г. Кадри Весели, претседател на Собранието на Република Косово. (27 септември 2018 год.).

---

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со Јан Петерсен, шеф на Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за референдумот. (3 септември 2018 год.);
- **Средба** со генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг. (6 септември 2018 год.);
- **Средба** со потпретседателот на Европскиот парламент од Република Грција, г. Димитриос Пападимулис. (18 септември 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот Клеменс Која, шеф на мисијата на ОБСЕ во Скопје. (19 септември 2018 год.);
- **Средба** со членовите на Мешовитиот парламентарен комитет, од Европскиот Парламент. (19 септември 2018 год.);
- **Средба** со европратениците Едуард Кукан и Кнут Флекенштајн. (20 септември 2018 год.);
- **Средба** со потпретседателот на Европскиот Парламент, Фабио Масимо Касталдо. (21 септември 2018 год.).

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Работна средба** со претставници на НДИ. (3 септември 2018 год.);
- **Средба** со претставници на ДИК и АВМУ. (4 септември 2018 год.);
- **Интервју** за Програма 200, на Алсат М. (4 септември 2018 год.);
- **Присуство** на настан во Драмски театар - Мајка Тереза - (4 септември 2018 год.);
- **Изјава** на прес конференција (7 септември 2018 год.);
- **Обраќање** по повод одбележувањето на 8 септември – Денот на независноста на Република Македонија. (7 септември 2018 год.);
- **Присуство** на работен ручек приреден во чест на германската канцеларка, г-ѓа Ангела Меркел. (8 септември 2018 год.);
- **Обраќање** на митингот по повод започнување на кампањата За референдумот во Тетово. (10 септември 2018 год.);
- **Интервју** за МТВ. (11 септември 2018 год.);
- **Интервју** за ТВ Телма. (13 септември 2018 год.);

- **Средба** со делегација на Светската организација на Ромите. (14 септември 2018 год.);
- **Обраќање** на маршот за Европска Македонија, во Скопје. (16 септември 2018 год.);
- **Обраќање** на митингот по повод започнувањето на кампањата За референдумот во Кичево. (16 септември 2018 год.);
- **Обраќање** на конференција на тема "НАТО интеграцијата - предуслов за безбедност и развој". (18 септември 2018 год.);
- **Интервју** за Румели ТВ. (18 септември 2018 год.);
- **Средба** со претставници од Државниот завод за статистика. (19 септември 2018 год.);
- **Обраќање** на Конференцијата на млади лидери на тема "Премостување на празнината меѓу младите и политиката" (20 септември 2018 год.);
- **Интервју** за странски медиуми (20 септември 2018 год.);
- **Обраќање** на Конференцијата на млади лидери на тема "Поттикнување на политички дијалог и консензус". (21 септември 2018 год.);
- **Обраќање** на митингот по повод почнувањето на кампањата за референдумот во село Форино, Гостивар. (20 септември 2018 год.);
- **Интервју** за Клик Плус, ТВ 21. (24 септември 2018 год.);
- **Обраќање** на митингот по повод почнувањето на кампањата за референдумот во Скопје, плоштад Скендербег. (25 септември 2018 год.);
- **Интервју** за ТВ 21. (25 септември 2018 год.);
- **Интервју** за Нова Македонија. (26 септември 2018 год.);
- **Интервју** за МИА. (26 септември 2018 год.);
- **Интервју** за ТВ Шења. (26 септември 2018 год.);
- **Интервју** за Телеграф, странски медиуми. (27 септември 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод 20 години од почетокот на работењето на МИА. (28 септември 2018 год.);
- **Прес конференција** за затворање на кампањата за референдумот. (27 септември 2018 год.);
- **Прес конференција** за референдумот. (30 септември 2018 год.).

**<u>ОКТОМВРИ</u>**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Присуство** на приемот по повод Денот на германското единство. (9 октомври 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод Националниот ден на Кралството Шпанија. (15 октомври 2018 год.);

- **Средба** со г. Андреј Бабиш, премиер на Чешката Република. (Прага, 22 октомври 2018 год.);
- **Средба** со г. Радек Вондрачек, спикер на Домот на пратеници во Парламентот на Чешката Република. (Прага, 22 октомври 2018 год.);
- **Средба** со принцот Карел Шварценберг, заменик-претседател на Комисијата за надворешна политика. (Прага, 23 октомври 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод Националниот ден на Унгарија. (25 октомври 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод Денот на армијата на Романија. (25 октомври 2018 год.);
- **Проштална** средба со амбасадорката на БиХ во Република Македонија, Н.Е. Лепа Бабиќ. (26 октомври 2018 год.);
- **Средба** со вонредниот и ополномоштен амбасадор на Мексико во Република Македонија, Н.Е. Марко Антонио Гарсија Бланко. (26 октомври 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Република Албанија во Република Македонија, г. Фатос Река. (26 октомври 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод Националниот ден на Република Австрија. (26 октомври 2018 год.);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Република Полска во Република Македонија, Н.Е. Бојциех Тицињски. (29 октомври 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод 95 годишнината од основањето на Република Турција. (29 октомври 2018 год.).

---

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со амбасадорот на ОБСЕ, г. Јан Петерсен. (9 октомври 2018 год.);
- **Средба** со членовите на Работната група одговорна за односите на Европската унија со земјите од Западен Балкан, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Македонија и Косово. (18 октомври 2018 год.);
- **Проштална средба** со г-ѓа Луиза Винтон, резидентен координатор на ОН и резидентен претставник на УНДП во Република Македонија. (30 октомври 2018 год.).

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Интервју** за грчка телевизија ЕРТ3. (1 октомври 2018 год.);
- **Интервју** за хрватска телевизија. (1 октомври 2018 год.);

---

- **Интервју** за Real Story .(1 октомври 2018 год.);
- **Средба** со г. Христијан Митевски, лице со посебно потреби, кој во знак на почит му подари специјална рачна изработка. (3 октомври 2018 год.);
- **Интервју** за Алсат-М. (3 октомври 2018 год.);
- **Интервју** за Телма ТВ, на Топ Тема. (8 октомври 2018 год.);
- **Обраќање** на отворањето на Собата на Клубот на пратенички. (10 октомври 2018 год.);
- **Средба** со членовите на Федерацијата за светски мир и љубов (FOWPAL). (16 октомври 2018 год.);
- **Интервју** за Клан Македонија. (17 октомври 2018 год.);
- **Средба** со Генералниот секретар на ЕФ на Банка за Храна. (18 октомври 2018 год.);
- **Интервју** за Клик Плус ТВ21. (19 октомври 2018 год.);
- **Обраќање** на промоцијата на Институтот за демократија на студијата "Проценка на влијанието на регулативата за употреба на јазиците во Македонија". (25 октомври 2018 год.);
- **Интервју** за Канал 5, на Само вистина. (29 октомври 2018 год.);
- **Присуство** на работна вечера организирана од Швајцарска амбасада. (30 октомври 2018 год.);
- **Присуство и обраќање** на работниот ручек организиран од НДИ. (31 октомври 2018 год.).

**<u>НОЕМВРИ</u>**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со министерот на Косовските безбедносни сили на Република Косово, г. Рустем Бериша. (2 ноември 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Руската федерација во Република Македонија, Н.Е. Сергеј Баздникин. (2 ноември 2018 год.);
- **Средба** со Н.Е. Волфганг Соботка, претседател на Националниот совет на Република Австрија. (5 ноември 2018 год.);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Кралството Јордан, Н.Е. Исмаил Иса Исмаил Рифаје. (6 ноември 2018 год.);
- **Средба** со премиерот на Република Малта, г. Јозеф Мускат. (14 ноември 2018 год.);
- **Приреден ручек** во чест на министерот за надворешни работи на Црна Гора, г. Срѓан Дармановиќ. (23 ноември 2018 год.);

- **Средба** со Н.Е. Сагер Насер Ахмед Абдулах Алраиси, амбасадор на Обединетите Арапски Емирати за Република Македонија. (26 ноември 2018 год);
- **Работна средба** со амбасадорката на Велика Британија, Н.Е. Рејчел Галовеј. (26 ноември 2018 год);
- **Присуство** на приемот по повод Националниот празник на Република Албанија. (26 ноември 2018 год.);
- **Прошталнa** средба со амбасадорот на Црна Гора во Република Македонија, Н.Е. Предраг Митровиќ. (27 ноември 2018 год.);
- **Присуство на ручек** приредено од Швајцарска амбасада. (27 ноември 2018 год.);
- **Средба** со новоименуваниот амбасадор на Република Косово во Република Македонија, Н.Е. Ѓерѓ Дедај. (29 ноември 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на САД, Н.Е. Џес Бејли. (30 ноември 2018 год.).

---

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со евроамбасадорот г. Самуел Жбогар. (15 ноември 2018 год.);
- **Обраќање** на 64. Сесија на парламентарното собрание на НАТО. (19 ноември 2018 год.);
- **Присуство** на Новогодишниот прием организиран од ОБСЕ. (30 ноември 2018 год.).

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Интервју** за шведски медиум. (6 ноември 2018 год.);
- **Интервју** за Радио Косова 1. (8 ноември 2018 год.);
- **Присуство** на премиерата на документарниот филм Јосиф Багери, во Кинотека на Македонија. (13 ноември 2018 год.);
- **Обраќање** на тркалезната маса за ревизија на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи, организирана од Државниот завод за ревизија на Република Македонија. (15 ноември 2018 год.);
- **Интервју** на Алсат М, на емисијата „Патот кон“. (15 ноември 2018 год.);
- **Обраќање** на настанот организиран од Албанската мисија „Благословена Мајка Тереза“ по повод 110 годишнината од Битолскиот конгрес, во Торонто - Канада. (17 ноември 2018 год.);
- **Обраќање** по повод одбележувањето на 22 ноември, Денот на азбуката. (22 ноември 2018 год.);

- **Обраќање** на промоцијата на публикацијата "Насоки за надзор над разузнавањето", организирана од ДКАФ. (23 ноември 2018 год.);
- **Обраќање** на Свечената академија по повод Денот на албанското знаме. (28 ноември 2018 год.);
- **Обраќање** на концертот по повод Денот на албанското знаме. (28 ноември 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод одбележувањето на Денот на даночните обврзници. (29 ноември 2018 год.);
- **Неформална средба** со новинари. (30 ноември 2018 год.);
- **Присуство** на Промоцијата на Избрани дела во 10 тома на г. Стојан Андов. (30 ноември 2018 год.).

---

**<u>ДЕКЕМВРИ</u>**

**Надворешно - политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Потпишување** во Книгата на жалост во спомен на смртта на Претседателот Џорџ Буш Постариот. (4 декември 2018 год.);
- Средба со европратениците Дејвид Мекалистер и Кнут Флекенштајн. (5 декември 2018 год.);
- **Присуство** на приемот по повод роденденот на Императорот на Јапонија. (5 декември 2018 год.);
- **Средба** со членовите на Комисијата од Бундестагот на Сојузна Република Германија за избор на стипендисти од Република Македонија за ИПС програмата. (6 декември 2018 год.);
- **Присуство** на приемот организиран од Германската амбасада по повод ИПС програмата. (6 декември 2018 год.);
- **Средба** со претседателот на Собранието на Република Албанија, г. Грамоз Ручи . (10 декември 2018 год.);
- **Присуство** на Новогодишниот концерт "Три армии" на кој Воените оркестри на Република Бугарија, Црна Гора и Македонија свиреа во духот на пријателството и соработката. (11 декември 2018 год.);
- **Присуство** на приемот организиран по повод Националниот ден на Катар. (12 декември 2018 год.);
- **Присуство** на церемонијалното испраќање на амбасадорот на Црна Гора во Република Македонија, Н.Е. Предраг Митровиќ. (12 декември 2018 год.);

- **Присуство** на настанот Промоцја на Топ 100 најуспешни комапнии организиран од Стопанска комора на Северозападна Македонија.
- **Обраќање** на Одбележувањето на 25 години од воспоставувањето на дипломатски односи помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Македонија. (14 декември 2018 год.);
- **Средба** со г. Џон Ј. Саливан, заменик државен секретар на САД. (18 декември 2018 год.);
- **Средба** со амбасадорот на Израел во Република Македонија, Х.Е. Дан Оријан. (27 декември 2018 год.).

---

**Надворешно - политички мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Присуство** на годишниот прием организиран од НАТО канцеларијата за врски. (4 декември 2018 год.);
- **Средба** со европратеникот г. Стелјос Кулоглу и добитничката на Нобелова награда за мир за 2015 година, г-ѓа Видет Бушамауи. (17 декември 2018 год.);
- **Средба** со г. Џеорџе Чиамба, министер делегиран за европски прашања во Владата на Романија. (18 декември 2018 год.);
- **Потпишување** на Меморандум за разбирање помеѓу Собранието на Република Македонија и ОБСЕ. (19 декември 2018 год.).

---

**Други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери**

- **Средба** со раководството на Ловечката федерација. (6 декември 2018 год.);
- **Обраќање** на Комеморативната седница по повод смртта на Љубиша Георгиевски, поранешен претседател на Собранието на Република Македонија. (7 декември 2018 год.);
- **Интервју** за AD2CNN Balkan. (15 декември 2018 год.);
- **Обраќање** на CCIT AWARD 2018, во Тирана, Република Албанија. (14 декември 2018 год.);
- **Свечена изјава** на членовите на Судскиот совет на Македонија. (18 декември 2018 год.);
- **Интервју** за МТВ2. (18 декември 2018 год.);
- **Интервју** за Вечер. (20 декември 2018 год.);
- **Интервју** за Фчерашни новости. (20 декември 2018 год.);
- **Интервју** за А2 CNN, на "Поканетиот" со Ендри Џафа. (20 декември 2018 год.);

---

- **Присуство** на Меморијалната академија по повод демонстрациите во 1968- ма година, што се одржа во Тетово. (22 декември 2018 год.);
- **Присуство** на новогодишната вечера организирана од службениците на Собранието. (24 декември 2018 год.);
- **Новогодишен појадок** со новинари. (25 декември 2018 год.);
- **Доделување** на новогодишни пакетчиња на дечињата од Посебното основно училиште „Иднина“ и на болните деца во Универзитетската клиника за детски болести, Оддел Онкологија. (26 декември 2018 год.);
- **Присуство** на Новогодишниот коктел приреден од Демократската Унија за Интеграција. (27 декември 2018 год.);
- **Средба** со вработените во собраниските служби и со пратениците по повод новогодишните празници. (28 декември 2018 год.);
- **Гостување** во 1ТВ. (26 декември 2018 год.).

**ВКУПНО АКТИВНОСТИ ЗА 2018 ГОДИНА**

| Активности | Вкупно |
|---|---|
| Билатерални активности | 128 |
| Мултилатерални активности | 44 |
| Други активности | 198 |
| **ВКУПНО АКТИВНОСТИ** | **370** |
| Координации | 50 |
| Претседателства | 25 |
| Седници | 110 |

# 5.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието од редот на пратениците избира претседател и потпретседатели на Собранието.

Бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието. Потпретседателите се избираат од редот на пратениците кои припаѓаат на различни политички партии застапени во Собранието.

Еден од потпретседателите се избира од редот на пратениците кои припаѓаат на политичката партија застапена во Собранието која е најголема опозициска партија.

Процедурата за предлагање на кандидати за потпретседатели е ист како и предлагањето на претседателот.

За потпретседател на Собранието е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ако за потпретседател се предложени повеќе кандидати од бројот кој се избира, а не е избран предвидениот број, ќе се повтори гласањето за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани и тоа меѓу кандидатите кои добиле најголем број гласови.

Ако и при повторното гласање не е избран предвидениот број на потпретседатели, се повторува постапката за избор на оној број потпретседатели кои не се избрани.

Ако се предложени онолку кандидати колку што е потребно да се изберат, а не е избран предвидениот број, се повторува целата изборна постапка за оној број потпретседатели кои не се избрани.

Со утврдување на одлуката за бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија на дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 18 јануари 2018 година, се започна процедурата за избор на потпретседатели на Собранието. На 20 февруари 2018 година на 34-та седница се избраа тројцата потпретседатели и тоа Горан Мисовски од НСДП, Фросина Ташевска Ременски од СДСМ и Весел Мемеди од НДП.

## ➢ Потпретседател Горан Мисовски

### *1.Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка*

Горан Мисовски потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на Нова Социјалдемократска партија (НСДП).

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на Собранието, на кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на

Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на РМ.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието, (каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови).

Од позиција на пратеник учествува во работата на работните тела, и тоа како член на Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, заменик член на Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана и во Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Заменик член е и во Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ).

Во однос на билатералната соработка на Собранието на Република Македонија член е во Пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, со Парламентот на Јапонија и со Парламентот на САД

Исто така, е член и истовремено претседавач со Управувачкиот совет на Парламентарниот институт .

**2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници**

- Средба со г-ѓа Федерика Могерини - Претставник за Надворешни работи и безбедностна политика НА ЕУ (19 април 2018);
- Средба со г. Оунг ^у Луу потпретседател на Националното Собрание на Социјалистичка Република Виетнам (10 мај 2018);
- Средба со поптпретседателот на Собранието на Република Грузија г-ѓа Тамар ^угошвили (14 мај 2018);
- Средба со Н.Е. г-ѓа Јин Ликсиан амбасадор на Народна Република Кина во Република Македонија;
- Средба со потпретседателката на Парламент на Република Албанија г-ѓа Василка Нуси (10 јули 2018);
- Средба со претседателката на Владата на Романија г-ѓа Виорика Данчила (27 јули 2018);
- Средба на Амбасадорот на ОБСЕ во Република Македонија Н.Е. Клеменс Која (26 ноември 2018);
- Средба со Европратениците г. Едуард Кукан и г. Кунк Флекенштајн за Европска Македонија (26 ноември 2018).

- Средба со претседателот на Собранието на Република Албанија г. Грамоз Ручи (13 декември 2018) и
- Средба со Заменик државниот секретар на САД г. Џон Саливан (19 декември 2018).

## Потпретседател Весел Мемеди

### *1. Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка*

Весел Мемеди, потпретседател на Собранието на Р.Македонија, доаѓа од редовите на Национална Демократска Преродба (НДП).

Како потпретседател на Собранието на Р.Македонија редовно учествува на состаноците на претседателството на Собрание на Република Македонија. Има реализирано голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања поврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер како и редовни координативни средби на Собранието на Република Македонија,

Како пратеник редовно има учествувано на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија,

Има остварено бројни активности како заменик член на национален совет за евроинтеграции на Собранието на Република Македонија, Заменик-претседател на комисија за европски прашања и како член во работата на Законодавно-правна комисија, комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците заменик-член, Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот заменик-член, комисија за финансирање и буџет заменик-член, комисија за образование, наука и спорт заменик-член,

Член на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланското договорна организација (ПС НАТО) .

Активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Индонезија и на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел.

Исто така е ангажиран во проектот за отворањето на канцелариите на пратениците од страна на Собранието на Р.Македонија со цел да бидат поблиску до граѓаните.

### 2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници

- Средба со г-ѓа Љуиза Винтон резидентен претставник на УНДП (21 март 2018);

- Средба со Потпретседателот на Собранието на Република Албанија Г-ѓа Василика Хuси и со Амбасадорот на Република Албанија во Скопје Фатос Река. (3 јули 2018) и
- Средба со амбасадорот Клеменс Која, шеф на мисијата на ОБСЕ во Скопје (29 октомври 2018).

1. **Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми**

- Конференција за безбедност организарано од Европски центар за безбедносни студии Георге Ц. Маршал, Скопје (9 мај 2018);
- Конференција организирано од ИМФ за законодавците од Централна и Источна Европа, Виена (од 11 до 13 јуни 2018);
- РОС-РОТ Семинар – Парламентарно Собрание на НАТО во сорабодка со Собранието на Република Македонија – Евроатланска интеграција на Западен Балкан: зајакнување на Европскиот мировен проект, Скопје (од 27 до 29 јуни 2018);
- Годишна сесија на Парламентарното Собрание на НАТО, Халифакс (од 16 до 19 ноември 2018);
- Конференција организирано од Пријатели на Европа – ЕУ – Западен Балкан Проширување, интеграција и предизвик на трансформацијата, Брисел (4 декември 2018) и
- 56. Балкански фестивал на народни песни и игри (7 јули 2018).

## ➢ Потпретседател Фросина Ташевска Ременски

### *1. Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка*

Проф. д-р. Фросина Ташевска Ременски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ).

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано бројни активности кои се однесуваат на редовното учество на координациите на Собранието, на кои се разгледува и одлучува по прашања поврзани со тековните активности и обврски на Собранието, како и прашања поврзани со меѓународните активности. Редовно, како потпретседател, учествува и на состаноците на Претседателството на Собранието, со кои раководи претседателот на Собранието на Република Македонија.

Од редовите на потпретседателите на Собранието на Република Македонија, избрана е за претседател на Буџетскиот совет на Собранието преку кој се реализирани низа активности кои се во надлежност на Буџетскиот совет, а се однесуваат на непреченото функционирање на Собранието на Република Македонија.

Како пратеник редовно учествува на пленарните седници на Собранието,каде активно зема учество во расправа по точки од утврдените дневни редови.

Од позиција на пратеник учествува во работата на работните тела, и тоа како член на Комисија за одбрана и безбедност и Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, и заменик-претседател на Законодавно-правната комисија.

Активен член е на Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија и Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија, и исто така е заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ).

Претседава со Интерпартиска парламентарна група за правата на лицата со посебни способности (ИППГ), преку која се овозможува разгледување на прашања од законските рамки и иницијативи, со цел подобрување на состојбата во општеството на лицата со посебни потреби, преку подобрување на правата на овие лица.

2. ***Средби со амбасадори и други дипломатски претставници***

- Средба со Клеменс Која, амбасадор на Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
- Средба со Самуел Жбогар, Шеф на делегацијата на Европската унија во Македонија;
- Средба со делегација од Државниот збор на Република Словенија, предводена од м-р Дејан Жидан, претседател на Државниот збор на Република Словенија 25 септември 2018 година;
- Средба со Едуард Кукан, Кнут Фленкенштај и Жерар Кил, пратеници на Европскиот парламент 20 септември 2018 година,
- Средба со членови на Конгресот на Соединетите Американски Држави, (Конгресмени: Бил Флорез, Дејвид Прајс, Дина Титус, Гери Коноли и Сузан Дејви), 27-28 август 2018 година;
- Средба со Потпретседателот на Националниот комитет на кинескиот политички совет (НККПС) на 13.Национален конгрес, Џанг Чингли со Делегација, 7-9 јули 2018 година;
- Средба со Делегација ко-известители на Мониторинг комисијата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, Пост-мониторинг дијалог со Република Македонија, 18-20 јуни 2018 година;
- Средба со Федерика Могерини, висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика на Европската Унија и заменик претседател на Европската комисија, 19 април 2018 година;
- Средба со делагација на Сенатот на Парламентот на Република Чешка, предводена од Јури Шестак, потпретседател на Сенатот на Чешка Република, 16-18 април 2018 година;

- Средба со Делегација на Владата на Република Словенија, предводена од д-р Миро Церар, претседател на Владата на Република Словенија, 3-4 април 2018 година;
- Средба со Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ со Делегација на Конференцијата на невладини организации при Совет на Европа, 27 март 2018 година;
- Средба со амбасадорите од Политичко безбедносниот комитет на ЕУ (PSC) 22 март 2018 година;
- Средба со Претседателот на Република Бугарија, Румен Радев, во рамките на официјалната посета на Претседателот на Република Бугарија во Република Македонија, 16-17 февруари 2018 година и
- Средба со Јенс Столтенберг, генерален секретар на НАТО 17-18 јануари 2018 година.

### 3. *Учество на конференции и други меѓународни средби и настани*

- Посета на македонскиот контингент на војници упатен во мисијата „Одлучна поддршка" во КОСА-ГГ, Аганистан (од 19 до 21 ноември 2018 година);
- Учество и завршно обраќање на 98-ми РОС-РОТ семинар на Парламентарното Собрание на НАТО во соработка со Собранието на Република Македонија, Скопје 27-29 јуни 2019 година;
- Учество на Конференција во Скопје „Отворен Парламент: Отворено Владино Партнерство" 28 мај 2018 година;
- Учество и поздравно обраќање на Пролетно Федерално Собрание, 23-25 март 2018 година и
- Градење на ефикасен и независен Парламент на Република Македонија, од 14 до 16 февруари 2018 година, Вилтон Парк, Англија.

### 4. *Свечености по повод значајни датуми*

- Делегација на Собранието на Република Македонија, предводена од потпретседателката Фросина Ташевска-Ременски положи венец свежо цвеќе на споменикот на Гоце Делчев во Градскиот Парк во Скопје по повод 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба, 23 ноември 2018 година);
- Потпретседателката Фросина Ташевска Ременски во состав на Делегација на Собранието на Република Македонија, предводена од претседателот Талат Џафери, положи венец свежо цвеќе во Скопје, по повод 2 Август - Денот на Републиката и
- По повод 115-годишнината од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев, делегација на Собранието на Република Македонија, предводена од д-р Фросина Ташевска - Ременски, потпретседател на Собранието на Република Македонија положи венец свежо цвеќе, 4 мај црква „Свети Спас", на гробот на Гоце Делчев.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени осум државни службеници и сите се со високо образование.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 мај 2014 година донесе Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2014). Со оваа Одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието на Република Македонија кои го претставуваат Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно оваа Одлука, Собранието на Република Македонија формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, ПС на ПСЈИЕ и ПС на Медитеранот. Врз основа на Одлуката за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација ("Службен весник на Република Македонија" број 88/04), се основа и Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во Собранието на Република Македонија, врз основа на Правило 6 од Правилата за работа на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ, и во овој мандат е формирана Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 3 јули 2014 година донесе Одлука за основање на пратенички групи за соработка со парламенти на одделни држави. Во Собранието на Република Македонија во овој пратенички мандат се формирани **вкупно 46 пратенички групи за соработка** со парламенти на одделни држави и тоа со: Република Австрија, Република Албанија, Австралија и Нов Зеланд, Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, Кралството Белгија, Федерацијата на Босна и Херцеговина, Република Бугарија, земјите од Блискиот и Средниот Исток, Сојузна Република Германија, Република Грција, Кралството Данска, Република Индонезија, Државата Израел, Исламската Република Иран, Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Италија, Јапонија, Канада, Народна Република Кина, Република Косово, земјите од Латинска Америка и од Карибите, Големото Војводство Луксембург, Република Малта и Република Кипар, Република Монголија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Република Полска, Португалската Република, Романија, Руската Федерација, САД, Словачката Република, Република Словенија, Република Србија, Република Турција, Украина, Република Унгарија, Република Финска, Француската Република, Кралството Холандија, Република Хрватска, Црна Гора, Чешката Република, Швајцарската Конфедерацијата, Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните парламентарни собранија и службите на одделни парламенти);
- оперативна и стручна подготовка на учеството на одредена делегација или пратеник;
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан;
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции;
- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар;
- координација со другите сектори на Собранието на Република Македонија во врска со донесување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции;
- стручно организирање и оперативно координирање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Македонија е домаќин или ко-организатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г. Бетиане Китев
**Членови:** г. Никола Поповски
и г-ѓа Шпреса Хадри
**Заменици-членови:** г. Антонијо Милошоски,
г-ѓа Фросина Ташевска Ременски
и г. Африм Гаши.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество (ксенофобија,нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и слично) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва е Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое е еден од двата главни органи на Советот на Европа. Тоа има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и октомври), на јавни седници кои траат една работна седмица. Тоа има Постојан комитет, кој меѓу двете сесии делува во негово име, како и осум постојани комисии, како и пет политички групи. ПС на Советот на Европа има вкупно 636 членови, од кои 318 се членови, а 318 заменици на членови, 18 членови набљудувачи и известен број членови од Палестина и Мароко со статус на партнери за демократија.

Собранието на Република Македонија учествува во работата на ПС на СЕ од 1993 година кога се стекна со статус на специјален гостин, а Република Македонија е член на СЕ од 1995 година. Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ ја сочинуваат 6 члена, кои на пленарните сесии располагаат со три гласа. Членовите на делегациите по правило учествуваат на пленарните сесии, а зависно од прашањата кои се разгледуваат и на седниците на комисиите.

**Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

Од 22 до 26 јануари 2018 г. во Стразбур, Француска Република, се одржа 1.дел на редовната сесија за 2018 г., на која учествуваа г. Бетиане Китев, шеф на Делегацијата, г. Африм Гаши, заменик-член, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на г.Нилс Мужниекс, комесар за човекови права на Советот на Европа, на 1 февруари 2018 г. во Собранието беше реализирана заедничка средба со шефот, членовите и замениците-членови на Делегацијата на Собранието во ПС на СЕ, со членови на Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, како и со пратениците г. Самка Ибраимоски и г. Амди Бајрам.

На седниците на Постојаната комисија и на Ад-хок комисијата за улогата и мисијата на ПС на СЕ, што се одржаа на 16 март 2018 г. во Париз, Француска Република, учествуваше г. Бетиане Китев, шеф на Делегацијата во придружба на г-ѓа Ана Качакова, ко-секретар на Делегацијата.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа во чиј состав беа претседателот, г. Бетиан Китев и пратеничката, г-ѓа Шпреса Хадри на 27 март 2018 г. во Собранието на Република Македонија оствари средба со Делегација на Конференцијата на невладини организации при Советот на Европа предводена од претседателката, г-ѓа Ана Рурка и заменик-претседателот, г. Кристоф Спренг.

Од 22 до 27 април 2018 г. во Стразбур, Француска Република, се одржа 2.дел на редовната сесија за 2018 г., на која учествуваше г. Бетиане Китев, шеф на Делегацијата.

Ко-известителите на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите-членки преземени при приемот во Советот на Европа (Мониторинг комисија), г-ѓа Лисе Кристоферсен, пратеник од Норвешка и г. Валериј Гилечи, пратеник од Молдавија во рамките на пост-мониторинг дијалогот беа во дводневна посета на Република Македонија од 18 до 20 јуни 2018 година.

Од 8 до 12 октомври 2018 г. во Стразбур, Француска Република, се одржа 4.дел на редовната сесија за 2018 г., на која учествуваше г. Бетиане Китев, шеф на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На конференцијата за „Градење на демократска безбедност на Медитеранот, заеднички предизвици, поделена одговорност", која во заедничка организација на Комисијата за политички прашања и демократија на Парламентарното собрание на Советот на Европа и на Парламентот на Република Хрватска, на 6 ноември 2018 г. се одржа во Дубровник, учествуваше шефот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ, г. Бетиан Китев, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На редовниот годишен состанок на секретари на национални делегации во ПС на СЕ, што се одржа на 14 декември 2018 г. во Париз, Француската Република, учествуваше Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

OSCE PA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Владимир Ѓорчев
**Членови:** г-ѓа Јагода Шахпаска и г. Реџаил Исмаили
**Заменици-членови:** г. Антонијо Милошоски, г.Александар Кирацовски и г. Фадил Зендели

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ја претставува парламентарната дименизија на ОБСЕ. Во него членуваат 323 членови на парламентите од 57 држави членки на ОБСЕ, што ја покриваат географската област од Ванкувер до Владивосток. Тоа е единствена парламентарна организација во структурата на ОБСЕ и врши улога на витална врска меѓу владиниот дел на ОБСЕ и претставниците кои се директно избрани од граѓаните.

Главни задачи на Парламентарното собрание на ОБСЕ се промовирање на парламентарното учество во активностите на ОБСЕ и олеснување на интерпарламентарниот дијалог и соработка. Собранието, исто така се стреми кон остварување на следниве цели, кои се наведени во преамбулата на Деловникот на ПС на ОБСЕ: процена на остварувањето на основните принципи на ОБСЕ од страна на земјите членки, поттикнување на расправа за прашања кои се разгледуваат на средбите на Министерскиот совет и на Самитите на шефовите на држави или влади, развивање и промовирање на механизми за превенција и решавање на конфликтите, поддршка на јакнењето и консолидацијата на демократските институции во државите членки и придонес во развојот на институционалните структури и соработката меѓу постојните институции на ОБСЕ.

Во рамките на ПС на ОБСЕ функционираат **три генерални комисии,** кои кореспондираат со трите кошнички на ОБСЕ: Генерална комисија за политички прашања и безбедност (Прва комисија); Генерална комисија за економски прашања, наука, технологија и животна средина (Втора комисија) и Генерална комисија за демократија, човекови права и хуманитарни прашања (Трета комисија).

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

На На Зимската сесија на Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), што се одржа на 22 и 23 февруари 2018 година во Виена, Република Австрија, учествуваа пратениците: г. Владимир Ѓорчев, шеф на Делегацијата, г-ѓа Јагода Шахпаска, член, г. Фадил Зендели, заменик-член, во придружба на г. Лиман Авдиу, ко-секретар на Делегацијата во ПС на ОБСЕ.

На меѓународната конференција на тема: „Улогата на парламентарците во поттикнувањето на економската соработка

и културните врски долж Патот на свилата", што во организација на „Групата за поддршка на Патот на свилатаг на ПС на ОБСЕ се одржа на 13 и 14 март 2018 година во Баку, Република Азербејџан, учествуваше пратеничката Јагода Шахпаска, член на Делегацијата, во придружба на Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На 4 јуни 2018 г. во Собранието на Република Македонија членовите на Делегацијата во ПС на ОБСЕ Јагода Шахпаска и Реџаиљ Исмаили остварија средба со амбасадорот Роберт Кирнаг, задолжен за подготовките на идното претседавање на Словачка со ОБСЕ.

На 27. Годишна сесија на ПС на ОБСЕ и "Лајнсвајлер семинарот", што се одржаа од 7 до 12 јули 2018 година во Берлин, Сојузна Република Германија, учествуваше Делегацијата на Собранието во ПС на ОБСЕ во состав: г. Владимир Ѓорчев, шеф на Делегацијата, г-ѓа Јагода Шахпаска и г. Реџаиљ Исмаили, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

Делегација на Собранието на Република Македонија, во состав: Владимир Ѓорчев, шеф на Делегацијата, Јагода Шахпаска и Ејуп Алими, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата, учествуваше на Конференцијата за жртвите на тероризмот во областа на Парламентарното собрание на ОБСЕ, што се одржа на 15 и 16 ноември 2018 година во Мадрид, во организација на Сенатот на Шпанија и ПС на ОБСЕ.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери
**Членови:** г. Томислав Тунтев, г. Јован Митревски, г-ѓа Даниела Рангелова, г. Димитар Стеванаџија, г. Африм Гаши и г. Ејуп Алими

**Интерпарламентарната унија (ИПУ)** е меѓународна организација на парламентите на суверените држави. ИПУ е најстарата меѓународна организација од политички карактер, основана во 1889 година.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интер-парламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји; разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови; придонесува за заштита и унапредување на човековите права, како суштествен фактор на парламентарната демократија и развој и придонесува за подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на

членовите на парламентите во меѓународната политика.

Унијата ги споделува целите на Организацијата на Обединетите нации, ги поддржува нејзините напори и остварува тесна соработка со неа. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали.

Во Интерпарламентарната унија членуваат 178 национални парламенти, а 12 меѓународни парламентарни собранија се придружни членови.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест члена.

**Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

На 138. Собрание на Интерпарламентарната унија, што се одржа од 23 до 29 март 2018 година во Женева, Швајцарска Конфедерација, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав: г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија и шеф на Делегацијата во ИПУ, пратениците: г. Томислав Тунтев, г. Јован Митрески, г. Димитар Стеванаџија, г. Реџаиљ Исмаили и г-ѓа Јулиана Николова, членови на Делегацијата, г-ѓа Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, како и г. Илир Селмани, државен советник и шеф на Кабинет на претседателот на Собранието, г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и секретар на Делегацијата во ИПУ и г-ѓа Беса Дрндар, преведувач.

Делегација од Собранието на Република Македонија во состав: г. Илија Николовски и г. Иван Стоилковиќ, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, ко-секретар на Делегацијата, учествуваше на Регионалниот семинар за Одржливите развојни цели, за парламентите од Источна и Централна Европа, кој во организација на Народното собрание на Република Србија и Интерпарламентарната унија се одржа во Белград на 24 и 25 мај, 2018 г. На отворањето на семинарот присуствуваше и претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, кој во исто време, беше на официјална возвратна посета на Република Србија.

На Парламентарниот семинар на ИПУ за Западен Балкан, што се одржа од 10 до 12 септември 2018 г. во Лондон, Обединетото Кралство, учествуваа пратениците: г-ѓа Ивана Туфегџиќ, г. Владимир Ѓорчев и г-ѓа Шпреса Хадри.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:**г. Фадил Зендели

**Членови:** г-ѓа Елизабета Канчевска Милевска и

г-ѓа Мирсада Емини Хасани

**Заменици-членови:** г. Љупчо Димовски,

и г. Горан Мисовски

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 18 земји членки: Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Србија, Украина и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година. Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и генералните комитети на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена и три заменици.

### Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година

На редовната Пролетна сесија на Парламентарниот комитет на ПД-ЦЕИ, која се одржа на 15 и 16 мај 2018 г. во Загреб, Република Хрватска, која воедно е и претседавач со ЦЕИ овaa 2018 година, учествуваше и делегацијата на ПД-ЦЕИ на Собранието на Република Македонија, предводена од претседателот Фадил Зендели и г-ѓа Мирсада Емини-Асани, член на Делегацијата, во придружба на г.Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

На редовната Есенска сесија на Парламентарниот комитет на ПД-ЦЕИ, која се одржа на 27 и 28 ноември 2018 г. во Загреб, Република Хрватска, учествуваше и делегацијата на ПД-ЦЕИ на Собранието на Република Македонија, предводена од претседателот г. Фадил Зендели и г-ѓа Мирсада Емини - Асани, член на Делегацијата, во придружба на г. Глигор Стоименов, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г. Илија Димовски

**Членови**: г-ѓа Катерина Кузмановска, г. Весел Мемеди

**Заменици-членови:** г. Костадин Костадинов, г. Емил Димитриев и г. Африм Гаши

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на парламентарци од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критички форум за меѓународен дијалог на парламентарци од Европа и од Северна Америка, кои дискутираат за теми од заеднички интерес.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консензус меѓу земјите. Основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и влијание врз националните ставови и интереси, при што се тестираат и проценуваат прашањата од актуелен интерес за НАТО.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релевантни меѓународни организации.

Собранието е целосно независно од НАТО, но е врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност, Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО имаат политички одговори на препораките и резолуциите на Собранието.

Целите на ПС на НАТО се:

- охрабрување на дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања;
- привлекува парламентарното внимание за централните безбедносни прашања за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа;
- пренесување на колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки и
- подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и зајакнување на трансатлантските односи.

ПС на НАТО брои 257 члена, има пет постојани комитети и осум поткомитети.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО има статус на асоцијативен член од 1995 година и брои тројца членови и тројца заменици на членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

Во функција на подготовка на 98.Рос-Рот семинар на ПС на НАТО, што се одржа од 27 до 29 јуни 2018 г. во Скопје, Република Македонија, на 5 и 6 февруари 2018 г. во работна посета престојуваше г.Хенрик Блидал, политички директор во ПС на НАТО и г-ѓа Роберта Калорио, надлежна за Рос-Рот семинари. Тие остварија средби со г.Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија; со шефот, членовите и замениците-членови на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО и со претставници од Службата на Собранието.

Пратениците г-ѓа Катерина Кузмановска, член и г. Африм Гаши, заменик-член на Делегацијата од Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на НАТО, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, во својство на секретар на Делегацијата, учествуваа на пролетната сесија на Парламентарното собрание на НАТО, која се одржа од 25 до 28 мај 2018 година во Варшава, Република Полска.

Од 27 до 29 јуни 2018 г.Собранието на Република Македонија беше домаќин на 98.Рос-Рот Семинар на ПС на НАТО на тема: "Евроатлантска интеграција на Западен Балкан: зајакнување на Европскиот мировен проект".

На 64.Годишна сесија на ПС на НАТО, што се одржа од 16 до 19 ноември 2018 г. во Халифакс, Канада, г.Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија имаше свое обраќање пред парламентарците на ПС на НАТО, со предвидено време за прашања и одговори. На оваа сесија учествуваше и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во полн состав: г.Илија Димовски, Шеф на Делегацијата г-ѓа Катерина Кузмановска и г.Весел Мемеди, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, во својство на секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Емил Димитриев
**Членови:** г. Енес Ибраим, г-ѓа Теута Биљали
**Заменици-членови:** г. Чедомир Саздовски, г-ѓа Мира Стојчевска и г. Агим Шаќири

Парламентарното собрание на Медитеранот е меѓународна мултилатерална организација настаната како сукцесор на парламентарна димензија на долгодишната Конференција за соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година. Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статутот на оваа организација. Согласно член 6 став 1 од Статутот, "Парламентите на медитеранските крајбрежни држави и Андора, Јордан, Република Македонија, Португалија и Сан Марино, по барање, се *ex officio* членови на Собранието".

Земји членки на Парламентарното собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од: Албанија, Алжир, Андора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Јордан, Либан, Либија, Македонија, Малта, Мавританија, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Романија, Србија, Словенија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Црна Гора. Придружни членки на ПС на Медитеранот се и Светата столица, Суверениот воен ред на Малта, а набљудувачи се: Арапската ИПУ, Медитеранската фондација, Лигата на арапски држави, Консултативниот совет на МАГРЕБ, ПАБСЕК, УНЕСКО, Светската метеоролошка организација и неколку медитерански иницијативи (ЕМУНИ, МЕДРЕГ, ПУИЦ, ЦТБТО, Унија за Медитеранот).

Парламентарното собрание на Медитеранот е форум каде парламентите од регионот работат заедно за да стигнат до оние заеднички цели кои водат кон создавање на најдобрите политички, социјални, економски и културна средина и услови за граѓани на земјите членки.

ПСМ е регионална меѓународна, меѓудржавна организација, набљудувач на Генералното собрание на Обединетите нации и со специфична меѓународно правна положба. Собранието игра фундаментална улога како организација чии активности се длабоко вкоренети како комплементарна предност за работата на другите регионални и меѓународни тела на кои им е доверена одговорноста да се поттикне безбедноста, стабилноста и мирот во Средоземното Море.

Во текот на еден краток период, ПСМ се етаблира како главен актер во парламентарната дипломатија во регионот и нејзината посветеност на основачките принципи и повелба е загарантирана со континуираната поддршка на сите парламенти кои се нејзини членови. Преку ПСМ, политичкиот дијалог и разбирање меѓу земјите-членки и нивните граѓани континуирано се зајакнува. Собранието на Република Македонија стана членка на оваа организација на 11 септември 2006 година, со прифаќањето на Статутот на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот. Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум, како и зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот брои 6 членови, од кои тројца се членови, а тројца заменици-членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

На 12. сесија на ПС на Медитеранот, што се одржа на 15 и 16 февруари 2018 г. во Букурешт, Романија, учествуваа: г.Енес Ибрахим, член на Делегацијата, г-ѓа Теута Биљали, заменик-член, во придружба на г-ѓа Блета Билали Ајети, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

**Шеф на Делегацијата:** г. Џеват Адеми
**Членови на Делегацијата:** г. Ферид Мухиќ, г-ѓа Весна Дамчевска Илиевска и г-ѓа Никица Корубин.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Меѓународната организација на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание. Во него членуваат парламенти и собранија на држави, покраини, региони и меѓународни организации, кои имаат законодавна власт, или учествуваат во неа врз основа на уставните одредби предвидени во државите или заедниците, коишто се целосно или делумно франкофонски.

Парламентарното собрание на Франкофонијата е место на дебати, предлози и размена на информации за сите прашања од заеднички интерес за членките. Ова собрание одржува редовни врски со Конференцијата на шефови на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик (Самит на Франкофонијата), подготвува мислења и препораки кои имаат консултативна природа, иницира и презема активности во врска со слободата и политичките права, меѓупарламентарната соработка и развој, како и солидарноста меѓу парламентарните институции. Парламентарното собрание на Франкофонијата, исто така, ја промовира демократијата и правната држава, економската соработка, развојот на образованието и комуникациите во франкофонските простори.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата се претставени 83 парламенти, парламентарни собранија или совети на држави, покраини, региони и меѓународни организации.

Во рамките на Парламентарното собрание на Франкофонијата функционираат: четири комисии (за политички прашања; за образование, комуникации и културни прашања; за соработка и развој и за парламентарни прашања), четири регионални собранија (Америка, Азија-Пацифик, Африка и Европа), Мрежата на жени парламентарки, Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија, Парламентот на млади франкофони и др.

Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата е основана во јануари 2001 година. Конститутивната седница на Секцијата во ПСФ во овој парламентарен состав се одржа на 18 октомври 2017 година. Секцијата брои 10 членови, Бирото на Секцијата пет членови, а Делегацијата четири членови.

**Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

На седницата на Комисијата за парламентарни прашања, што се одржа од 21 до 23 март 2018 г. во Брисел, Кралство Белгија, учествуваше г-ѓа Весна Дамчевска Илиевска, член на Делегацијата, во

придружба на г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

Од 3 до 4 мај 2018 година во седиштето на FAO (Food and Agriculture Organization-Организација за храна и земјоделство на ОН) во Рим, Италија, се одржа седница на Комисијата за соработка и развој на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), на која учествуваше г-ѓа Татјана Прентовиќ, пратеник и член Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), во придружба на г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

Од 21 до 22 мај 2018 година во Букурешт, Романија, се одржа Конференцијата на претседатели на секции на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) на која учествуваше г. Џеват Адеми, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), во придружба на г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата

## ПАРЛАМЕНТАРНОТО СОБРАНИЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Шеф на Делегација:** г.Талат Џафери

**Членови:** г.Трајко Вељаноски, г.Хари Локвенец, г. Џеват Адеми, г-ѓа Теута Биљали

**Заменици-членови:** г.Јусуф Хасани, г-ѓа Анета Симоска Димоска, г-ѓа Сурија Рашиди и г. Фадил Зендели

Парламентарно собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ) е основано во мај 2014 година во Букурешт, како резултат на интензивниот процес на консултации со цел за трансформирање и понатамошно институционализирање на Парламентарната димензија на ПСЈИЕ. Парламентарното собрание е формирано во согласност со Повелбата за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, потпишана во 2000 година во Букурешт, Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа, потпишан во 2008 година во Софија, Заедничката изјава и Завршната декларација на 10. Конференција на претседатели на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, одржана во мај 2013 година во Охрид, во рамките на Македонското претседателство во ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ ги има зацртано следниве цели, кои

се базирани на принципите на регионалната сопственост и европската интеграција:

*Иницирање на различни форми на размена на искуства во областа на законодавството и неговото усогласување со законодавството на ЕУ, развивање и координирање на практики за интеракција со Владината димензија на ПСЈИЕ и зајакнување на дијалогот со граѓанското општество во регионот;

*Преземање на улогата на чадор за постигнување на синергија на активностите на регионалните иницијативи и другите форми на соработка во однос на економскиот и социјалниот развој, развојот на инфраструктурата и енергетиката, внатрешни работи и правда, соработка во областа на безбедноста, како и развој на човечки капитал;

*Поттикнување, следење и мониторинг на реализацијата на целите и приоритетите дефинирани од страна на ротирачкото претседателство со ПСЈИЕ и Регионалниот совет за соработка, како институционална структура за транспозиција на политички декларации и одлуки во конкретни проекти и програми;

*Интензивирање на парламентарните дипломатски активности и создавање на институционални врски со регионалните, европските и меѓународните организации, институции и фондации.

Членови на Парламентарното собрание на ПСЈИЕ се парламентите на: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Македонија, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Во рамките на ПС на ПСЈИЕ функционираат три генерални комисии: Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка, Генералната комисија за економија, инфраструктура и енергија и Генералната комисија за социјален развој, образование, истражување и наука, како и Постојаниот комитет на ПС на ПСЈИЕ.

Парламентарното собрание на ПСЈИЕ има тенденција да стане водечка парламентарна платформа за регионот, пред сѐ заради следниве причини: принципот на регионална сопственост, целите кои вклучуваат регионална соработка и европска интеграција, членството кое опфаќа земји-членки на ЕУ, земји кандидати и потенцијални кандидати и фактот што ПСЈИЕ е една од ретките иницијативи која е целосно инклузивна, т.е. го вклучува и Косово на еднаква основа.

**Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

На седницата на Генералниот комитет за економија, инфраструктура и енергија на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 9 и 10 март 2018 г. во Истанбул, Република Турција, учествуваше г. Јусуф Хасани, заменик-член на Делегацијата, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

Пратеникот Хари Локвенец, член на Делегацијата, учествуваше на седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), што се одржа на 16 и 17 март 2018 година во Блед, Република Словенија, во рамките на Словенечкото претседателство со ПСЈИЕ, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа, предводена од шефот на Делегацијата, г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија, учествуваше на Петтата годишна сесија на ПС на ПСЈИЕ, што се одржа на 13 и 14 април 2018 г. во Љубљана, Република Словенија. Во составот на Делегацијата беа пратениците: г. Хари Локвенец, г. Џеват Адеми и г-ѓа Теута Биљали, членови на Делегацијата во ПС на ПСЈИЕ, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

На седницата на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Процесот на соработка во Југоисточна Европа (ПС на ПСЈИЕ), што се одржа на 30 ноември и 1 декември г. во Сараево, Босна и Херцеговина, учествуваше г-ѓа Билјана Огненовска, заменик национален координатор за ПС на ПСЈИЕ.

## МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ НА ЕУ И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Копреседавач на МПК РМ-ЕУ:**
г.Горан Милевски

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа член 114 од Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, со Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година и Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација. Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од Делегација во Парламентарниот комитет за стабилизација, која има претседател, двајца потпретседатели и дванаесет члена. Делегацијата има и 12 заменици на членови.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија - РМ и ЕУ претставува парламентарен форум за директна билатерална соработка со Европскиот парламент каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Работата на ова тело овозможува ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европска унија е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и

Владата на Република Македонија, до Советот на Европската Унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година**

На 6 и 7 февруари 2018 г. во Стразбур, Француска Република, се одржа 14. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европска унија. На состанокот учествуваа пратениците: г. Горан Милевски, Ко-претседавач, г. Антонијо Милошоски, г. Бетиан Китев, г. Ејуп Алими, г. Реџеп Мемеди и г-ѓа Жаклина Лазаревска, членови, заменици-членови и претставници, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, ко-секретар на Комитетот.

На 19 и 20 септември 2018 година во Собранието на Република Македонија се одржа 15. Состанок на Мешовитиот парламентарен комитет – Република Македонија и Европската Унија, кој беше отворен од страна на копретседавачите Горан Милевски и Алојз Петерле.

## 6.2.БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на Делегација од бизнисмени од Саудиска Арабија, на 28 февруари 2018 г. на средбата со г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија присуствуваа и претседателот и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на земјите од Блискиот и Среден исток.

Делегацијата од Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Бугарија, предводена од потпретседателката на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Фросина Ташевска-Ременски, оствари официјална посета од 20 до 22 март 2018 г. Во Делегацијата беа и потпретседателот на Собранието, г. Горан Мисовски и членовите г. Илија Николовски, г. Реџаиљ Исмаили и г. Реџеп Мемеди, во придружба на г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Групата.

Во посета на Република Македонија на 22 и 23 март 2018 г. престојуваше г-ѓа Лилиана Танги, пратеничка во Националното собрание на Француската Република, која истовремено е и потпретседателка на Комисијата за европски прашања и потпретседателка на Групата за пријателство меѓу Националното собрание на Француската Република. Беа остварени средби со: претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, со претседателот на Комисијата за европски прашања, г. Артан Груби и членови на Комисијата и со претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Француската Република, г. Панче Иванов и членови на Групата и со членови на Делегацијата на Република Македонија во ПС на Франкофонијата.

Во официјална посета на Република Македонија од 16 до 18 април 2018 г. престојуваше Делегација од Сенатот на Чешката Република, предводена од Јиржи Шестак, потпретседател на Чешкиот Сенат. Во Собранието, Делегацијата оствари средби со: г-ѓа Фросина Ташевска-Ременски, потпретседателка на Собранието, г-ѓа Јагода Шахпаска, претседателка на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Чешката Република и членови на Групата, г. Антонијо Милошоски, претседател на Комисијата за надворешна политика и членови на Комисијата, г. Артан Груби, претседател на Комисијата за европски прашања и членови на Комисијата и со г. Хари Локвенец, претседател на Комисијата за одбрана и безбедност и членови на Комисијата.

Претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери, во придружба на пратениците: г. Весел Мемеди, потпретседател на Собранието, г. Енес Ибрахим, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Турција и г. Јусуф Хасани, член на Пратеничката група за соработка, на 19 и 20 март 2018 година остварија официјалната посета на Република Турција.

Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери на 11 април 2018 година оствари средба со Министерот за надворешни работи на Украина г. Павло Климкин,

кој престојуваше во официјална посета на Република Македонија. На средбата присуствуваше и пратеникот Јован Митрески, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Украина.

Пратеникот Бетиане Китев, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Италија, на 4 мај 2018 г. оствари средба со Н.Е. Карло Ромео, амбасадор на Италија во Република Македонија.

Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Украина во состав: г. Јован Митрески, претседател на Пратеничката група за соработка, г-ѓа Весна Пемова и г. Ејуп Алими, членови на Групата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата, оствари возвратна посета на Украина на 29 и 30 мај 2018 година, на покана од г. Андриј Шињкович, претседател на Пратеничката група на Врховната Рада на Украина за меѓупарламентарни односи со Република Македонија.

Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Народна Република Кина предводена од г-ѓа Владанка Авировиќ, а во чиј состав беа и г-ѓа Јагода Шахпаска, г-ѓа Анета Симеска-Димоска, г. Агим Шаќири, г-ѓа Весна Пемова и г. Јохан Тарчуловски, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, во својство на секретар на Групата, на 6 јуни 2018 г. оствари средба со кинескиот амбасадор во Република Македонија, г-ѓа Јин Ликсиан, во новите простории на кинеската амбасада.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Француската Република на 7 септември 2018 г. оствари средба со Оливие Кадик, сенатор во францускиот Сенат и претставник на француските државјани кои живеат надвор од Француската Република. Во придружба на сенаторот Кадик беше францускиот амбасадор во нашата земја, Н.Е. Кристиан Тимоние.

Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, на 25 септември 2018 г. оствари средба со Делегација од Република Словенија, предводена од претседателот на Државниот збор, г. Дејан Жидан, кој престојува во работна посета на Република Македонија. На средбата присуствуваа и претседателот и пратениците од Пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Словенија, г-ѓа Нада Ципушева, г-ѓа Фросина Ташевска Ременски, како и претседателот на Комисијата за европски прашања, г. Артан Груби.

Во рамките на официјалната посета на Чешката Република на г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија, од 21 до 23 октомври 2018 г., во составот на официјалната делегација беа: г-ѓа Јагода Шахпаска, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Чешката Република и членовите на Групата пратениците г-ѓа Владанка Авировиќ и г-ѓа Теута Биљали.

Пратениците Владанка Авировиќ, Анета Симеска - Димоска, Тања Ковачев, Агим Шаќири и Јохан Тарчулоски, во својство на претседател и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Народна Република Кина, на 15 ноември 2018 г. оствариja средба со амбасадорката на Народна Република Кина во Република Македонија, Н.Е. Јин Лисјен.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентите на земјите од Блискиот и Средниот Исток, Мухамед Зеќири, и членовите на Групата: Панчо Минов и Нецбедин Каремани, на 21 ноември 2018 г. оствариja средба со амбасадорот на Државата Кувајт за Република Македонија, Н.Е. Јакуб Алатеки.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија во Собранието на Република Македонија на 6 декември 2018 г. оствари средба со Делегација за избор на стипендисти за Меѓународната парламентарна стипендија (ИПС) во Германскиот Бундестаг во состав: Штефан Албани, пратеник; проф. д-р Елмар Кулке, декан на Хумболт Универзитетот во Берлин и д-р Андреас Трампе, администрација на Бундестагот.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на г. Грамоз Ручи, претседател на Парламентот на Република Албанија, беше остварена средба со членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Албанија.

На 14 декември 2018 г. во Собранието на Република Македонија се одбележа 25-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Република Македонија. На настанот беа поканети и присуствуваа и членови на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Обединетото Кралство и Северна Ирска.

Во посета на Република Македонија на 18 декември 2018 г. престојуваше г. Џорџе Чиамба, министер во Владата на Романија делегиран за европски прашања, при што се сретна со г.Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија. На средбата присуствуваше и пратеникот Панчо Минов, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Романија.

Претседателот на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Руската Федерација г. Александар Кирацовски и членовите на Групата: г-ѓа Татијана Лалчевска, г-ѓа Жаклина Лазаревска, г. Иван Стоиљковиќ, г. Љупчо Димовски, г-ѓа Павлинче Честојнова и г. Трајчо Димков, на 24 декември 2018 г. во Собранието на Република Македонија оствариja средба со амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, г. Сергеј Баздникин.

## 6.3.ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

**Европски парламент**

Во рамките на Програмата за поддршка на парламентите од земјите на Западен Балкан и Турција, во организација на Европскиот парламент, на 22 и 23 јануари 2018 година во Брисел, Кралството Белгија, се реализираше студиска посета за новоизбрани пратеници од Собранието на Република Македонија. На студиската посета учествуваа пратениците: г-ѓа Теута Биљали, г. Ејуп Аљими, г. Агим Шаќири, г. Петар Атанасов и г-ѓа Јулиана Николова, како и г-ѓа Блета Билали Ајети, соработник во Секторот за меѓународна соработка и г. Ристе Илиевски, соработник во Секторот за работни тела.

На 26 февруари 2018 г. во Собранието на Република Македонија се одржа Интерпарламентарна конференција на тема: "Моќта на касата: буџетските надлежности и процедури на Европскиот парламент". Конференцијата беше организирана од Групата за поддршка на демократијата и координација на избори (ДЕГ) во соработка со Комитетот за надворешни работи (АФЕТ) и Буџетскиот комитет (БУДГ), заедно со пратеници од Парламентите на земјите кандидати и Европскиот парламент.

Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, на 23 март 2018 г.оствари средба со Делегација од Групата на Европската народна партија во Европскиот парламент, предводена од европратеникот Андреј Ковачев, придружуван од европратениците Алојз Петерле и Туне Келам.

Во организација на Европскиот парламент и во соработка со Народното собрание на Република Србија, во Белград, Република Србија, на 13 април 2018 г. се одржа Интерпарламентарната конференција на тема: "Инструмент за пред-пристапна помош во руралниот развој: Научени лекции и идни перспективи". На конференцијата учествуваше делегација од Собранието на Република Македонија од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа пратениците: Татјана Прентовиќ, Мира Стојчевска, Реџаиљ Исмаили и Панче Минов.

Во рамките на Програмата за стажирање во Европскиот парламент, која веќе шеста година по ред се реализира во организација на Одделението за претпристапни активности, од 23 април до 1 јуни 2018 г. како стажант од Службата на Собранието на Република Македонија учествуваше г-ѓа Вјолца Бајрами, кабинетски службеник за правни и политички прашања во Кабинетот на претседателот на Собранието.

Во организација на Европскиот парламент, а во соработка со Претставничкиот дом на Чешка Република, на 15 јуни 2018 година, во Прага, Чешката Република, се одржа Интерпарламентарна конференција со наслов: „Почитување на слободата на изразувањето, вклучувајќи ја и слободата на медиумите, во ЕУ и пошироко". На Конференцијата учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија, во состав: г-ѓа Лилјана Затуроска, претседателка на Комисијата за транспорт, врски и екологија и членовите на Комисијата:

г. Благојче Трпевски, г. Реџаиљ Исмаили и г. Благоја Деспотоски, во придружба на г. Кирил Симев, соработник во Комисијата.

Во Собранието на Република Македонија на 20 септември 2018 година се одржа дијалог на високо ниво за политичкото учество на младите и младинските политики на тема „Премостување на празнината”, во заедничка организација на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Редовниот годишен состанок на национални координатори во Европскиот парламент се одржа на 4 октомври 2018 г. во Софија Република Бугарија, на кој учествуваше г-ѓа Ана Качакова, национален координатор во Европскиот парламент.

Делегација од Собранието на Република Македонија, во состав од пратениците: Горан Милевски, Артан Груби, Жаклина Лазаревска и Драган Данев, во придружба на г-ѓа Маријана Опашинова Шундовска, секретар на Делегацијата, учествуваше на Меѓупарламентарната конференција на 5 октомври 2018 г во Софија на тема: „Трансформација на регионот на Западен Балкан - парламентарна перспектива за улогата и иднината на процесот на пристапување во ЕУ”.

На покана од Европскиот парламент, претседателката на собраниската Комисија за култура, Ирена Стефоска, во придружба на Елена Давчева, советник во Комисијата, учествуваа на меѓупарламентарен комисиски состанок на тема „Европско културно наследство” што се одржа на 19 и 20 ноември во Европскиот парламент во Брисел, Кралство Белгија.

На Тркалезната маса на високо ниво за евроинтеграциските процеси во Западен Балкан, која се одржа на 27 ноември 2018 година во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа пратениците г. Ејуп Алими, г. Горан Милевски, г-ѓа Мери Лазарова и г. Никола Мицевски, во придружба на г-ѓа Лилјана Петреска, советник во Комисијата за европски прашања.

**Други меѓународни активности**

Делегација на Собранието на Република Македонија од Комисијата за економски прашања, во состав: заменик-претседателот на Комисијата Агим Шаќири, членот Драган Цуклев и заменик-членот Анета Симеска - Димоска, учествуваше на Парламентарна конференција посветена на можностите за трговски олеснувања и инвестиции во регионот на земјите од Западен Балкан и Медитеранот, која се одржа на 12 и 13 јули 2018 година во Белград, Република Србија, заеднички организирана од Парламентот на Република Србија и ПС на Медитеранот.

Во составот на Работниот комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО, на пристапните разговори за членство во НАТО, што се одржаа на 18 и 19 октомври 2018 г. во Брисел, Белгија, како претставник Собранието на Република Македонија учествуваше г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка и секретар на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО.

Пратеничката Јулиана Николова на 1 ноември 2018 г. во Женева учествуваше на 71. сесија на Комитетот на ОН за елиминација на дискриминацијата врз жената, како дел од официјалната делегација на Република Македонија, што ја предводеше министерката за труд и социјална политика Мила Царовска, а во нејзин состав беа и министерот за здравство Венко Филипче, како и претставници од ресорните министерства. Беше презентиран Шестиот периодичен извештај на Република Македонија по Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената (CEDAW), согласно обврските произлезени од член 18 од Конвенцијата.

**ИПС-Парламентарен практикум (Меѓународна парламентарна стипендија на Германскиот Бундестаг)**

Од 15 до 23 февруари 2018 година, избраните ИПС стипендисти за 2018 г. Вера Јовчевска и Ева Јованова, имаа можност да остварат посета на Собранието на Република Македонија, да се запознаат со неговата работа и функционирање преку средби со раководителите на организационите единици. Исто така, се сретнаа и со г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија и г-ѓа Цветанка Иванова, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, а на средбата присуствуваа претставници од Амбасадата на Сојузна Република Германија во Република Македонија.

Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, заедно со генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, г-ѓата Цветанка Иванова, на 6 декември 2018 г. оствари средба со членовите на Комисијата од Бундестагот на Сојузна Република Германија за избор на стипендисти од Република Македонија за ИПС програмата. На средбата присуствуваа германскиот пратеник, г. Штефан Албани и членовите на комисијата д-р Андреас Трампе од администрацијата на Бундестагот, како и проф. д-р Елмар Кулке, Декан на Хумболт Универзитетот во Берлин. Со гостите од СР Германија оствари средба и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на СР Германија.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО

# 7.1. Меѓународна активност и и протоколарни средби




# 7.2. Меѓународни конференции, манифестации, годишнини, свечености и семинари

| |
|---|
| Свечена академија по повод 550 годишнината од смртта на Скендер Бег и Промоција на поштенска марка **(17 јануари 2018)** |
| Обраќање на Н.Е. г. Јенс Столтенберг, генерален секретар на НАТО, пред пратениците на Собранието на Република Македонија **(18 јануари 2018)** |
| Потпишување на Меморандум за разбирање во врска со подготовката на Проектот за поддршка на Собранието на Република Македонија **(20 февруари 2018)** |
| Меѓупарламентарна конференција на тема: ІМоќта на паричникот: Буџетски надлежности и процедури на Европскиот парламентг **(26 февруари 2018)** |
| 13 Конференција на парламентарните комисии за европски прашања/интеграции на државите опфатени во процесот за стабилизација и асоцијација од Југоисточна Европа - КОСАП г **(26 февруари 2018)** |
| Национална конвенција за Европска унија во Република Македонија (НКЕУ-МК) - Работна група 3: Судство и фундаментални права г **(1 март 2018)** |
| Одбележување на 15 годишнината од формирањето на Клубот на пратенички, на тема:ІЗголемување на политичкото учество на женитег **(7 март 2018)** |
| Коктел по повод 8 Март - Меѓународен ден на жената **(8 март 2018)** |
| Комеморативна програма по повод 75 години од Холокаустот на македонските Евреи - депортација на 7.144 Евреи во логорот на смртта ІТреблинкаг **(12 март 2018)** |
| Меѓународна конференција на националната конвенција за Европска унија во Република Македонија **(15 март 2018)** |

| |
|---|
| Национална конвенција за Европска унија во Република Македонија (НКЕУ-МК) - Работна група 1: Земјоделство и рурален развој **(20 март 2018)** |
| Конференција на здружението млади европски федералисти-Македонија (ЏЕФ Македонија) **(од 23 до 25 март 2018)** |
| Национална конвенција за Европска унија во Република Македонија (НКЕУ-МК) - Работна група 4: Правда, слободи и безбедност **(29 март 2018)** |
| Одбележување на 26 години на првиот буџет на независна Република Македонија **(2 април 2018)** |
| Одбележување на Меѓународен ден на Ромите - 8. Април **(4 април 2018)** |
| Национална конвенција за Европска унија во Република Македонија (НКЕУ-МК) - Работна група 2: Социјална политика и вработување **(12 април 2018)** |
| Предавање на извештајот за напредокот на Република Македонија **(18 април 2018)** |
| Обраќање на г-ѓа Федерика Могерини, висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика на Европската унија и заменик претседател на Европската комисија, пред пратениците на Собранието на Република Македонија **(19 април 2018)** |
| Работен коктел на тема: IУнапредување на соработката меѓу Собранието и Влада на Република Македонијаг **(24 април 2018)** |
| Потпишување на Меморандум за спроведување на Проектот IРазвој на парламентарен и независен надзорг, како дел од програмата за реформа на разузнавачкиот сектор во Република Македонија 2017-2020. (Центар за контрола на вооружените сили во Женева и Собранието на Република Македонија) **(3 мај 2018)** |
| Панел-дискусија: Улогата на парламентарниот етичар во спроведувањето и почитувањето на етичкиот кодекс во Парламентите-пракса од Националното собрание на Република Франција **(10 мај 2018)** |
| Дијалог IЖан Монег - Охрид **(од 17 до 19 мај 2018)** |
| Меѓународна размена на искуствата - Демократско партнерство на Долниот Дом на САД **(од 29 до 30 мај 2018)** |
| Одбележување на 20 години постоење на Институцијата Народен правобранител и 10 години од основањето на Асоцијацијата на омбудсмани на Медитеранот (АОМ) **(30 мај 2018)** |
| Основање и промовирање на Интерпартиската парламентарна група за правата на Ромите во Република Македонија **(4 јуни 2018)** |
| Потпишување на Меморандум за соработка на Собранието на Република Македонија со Амбасада на Холандија **(5 јуни 2018)** |
| ИФТАР вечера по повод рамазанските пости, приредена од претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери **(11 јуни 2018)** |
| РОС-РОТ Семинар **(од 27 до 29 јуни 2018)** |
| Годишен состанок (Конференција) на претставниците на Комисиите за одбрана и безбедност од Парламентите на земјите од Југоисточна Европа **(од 24 до 26 јуни 2018)** |
| Свечено отворање на 57 Балкански фестивал на народни песни и игри - Обраќање на г. Весел Мемеди, потпретседател на Собранието на Република Македонија **(4 јули 2018)** |
| Свечено отворање на Фестивалот на албански песни и ора IКенге Јехог **(4 јули 2018)** |
| Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРМ **(6 јули 2018)** |

| |
|---|
| Покровителство на одбележување на 2 Август - Ден на Републиката, во Скопје - Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРМ **(2 август 2018)** |
| Прием по повод 8 Септември - Ден на независноста на Република Македонија, приредува г. Талат Џафери, претседател на Собранието на Република Македонија - Обраќање на претседателот Џафери **(7 септември 2018)** |
| Работилница во врска со јакнењето на парламентарниот надзор врз разузнувањето во Република Македонија - Женевски центар за демократска контрола на вооружени сили (ДКАФ) **(11 септември 2018)** |
| Хуманитарна акција во донирање на храна и дарување крв по повод "Денот на службата" за одбележување на трагичните настани од 11 септември 2001 година **(18 септември 2018)** |
| 15. Состанок на МПК РМ - ЕУ **(од 19 до 20 септември 2018)** |
| Конференција на млади лидери - Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРМ **(од 20 до 21 септември 2018)** |
| Годишна регионална конференција на ЕРА (Хелсиншки комитет за човекови права-ЛГБТИ, Центарот за поддршка во соработка со регионалната асоцијација ЕРА) **(3 октомври 2018)** |
| Свечено отворање на Женска соба - Клуб на пратенички на Собранието на Република Македонија од страна на г. Талат Џафери, ПСРМ **(10 октомври 2018)** |
| Обраќање на Н.Е. г. Волфганг Соботка, претседател на Националниот совет на Република Австрија, пред пратениците на Собранието на Република Македонија **(15 ноември 2018)** |
| Тркалезна маса за ревизија на финансирање на политички партии и изборни кампањи - Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРМ **(15 ноември 2018)** |
| Одбележување на 110 годишнината од албанската азбука – Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРМ **(22 ноември 2018)** |
| Промоција на публикацијата „Насоки за надзор над разузнавањетог во соработка на Женевски центар за демократска контрола на вооружени сили (ДЦАФ) со Собранието на Република Македонија - Обраќање на г. Талат Џафери, ПСРМ **(23 ноември 2018)** |
| Комеморативна седница по повод смртта на поранешниот претседател на Собранието на Република Македонија, г. Љубиша Георгиевски **(7 декември 2018)** |
| Обраќање на Н.Е. г. Грамоз Ручи, претседател на Собранието на Република Албанија, пред пратениците на Собранието на Република Македонија **(10 декември 2018)** |
| Одбележување на 25 години билатерални односи на Република Македонија и Обединетот Кралство Велика Британија и Северна Ирска - Потпишување на меморандум за соработка **(14 декември 2018)** |
| Годишно обраќање на Н.Е. г. Ѓорге Иванов, претседател на Република Македонија **(28 декември 2018)** |

## 7.3. Свечени изјави

| |
|---|
| Свечена изјава на ***г. Осман Кадриу***, судија на Уставен суд на Македонија **(11 јануари 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Дарко Костадиновски***, судија на Уставен суд на Македонија **(11 јануари 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Фросина Ташевска Ременски***, потпретседател на Собранието на Република Македонија **(20 февруари 2018)** |

| |
|---|
| Свечена изјава на ***г. Горан Мисовски***, потпретседател на Собранието на Република Македонија **(20 февруари 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Весел Мемеди***, потпретседател на Собранието на Република Македонија **(20 февруари 2018)** |
| Свечена изјава на на ***г. Ацо Колевски***, член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија **(23 февруари 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Насер Ајдари***, судија на Уставениот суд на Република Македонија **(5 март 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Ангел Солев***, член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија **(15 март 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Ангеле Илиевски,*** член на Советот на јавни обвинители на Република Македонија **(15 март 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Анита Ангеловска Бежоска,*** гувернер на Народната банка на Република Македонија **(22 мај 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Рената Дескоска,*** министер за правда на Република Македонија **(1 јуни 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Арбер Адеми,*** министер за образование и наука на Република Македонија **(1 јуни 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Асаф Адеми,*** министер за култура на Република Македонија **(1 јуни 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Бардул Даути,*** министер без ресор **(1 јуни 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Андреј Жерновски,*** заменик министер за надворешни работи на Република Македонија **(1 јуни 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Асим Муса,*** заменик министер за здравство на Република Македонија **(1 јуни 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Ѓонул Бајрактар,*** заменик министер за труд и социјална политика на Република Македонија **(1 јуни 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Садик Беќири***, заменик министер за транспорт и врски на Република Македонија **(1 јуни 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Оливер Деркоски,*** претседател на ДИК **(30 јули 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Дитмире Шеху,*** потпретседател на ДИК **(30 јули 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Елизабета Постоловска,*** член на ДИК **(30 јули 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Борис Кондарко,*** член на ДИК **(30 јули 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Јанаќе Витановски,*** член на ДИК **(30 јули 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Радица Ристеска,*** член на ДИК **(30 јули 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Енвер Саљихи,*** член на ДИК **(30 јули 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Петар Атанасов***, заменик министер за образование и наука на Република Македонија **(29 август 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Сашко Георгиев,*** член на Судскиот совет на Република Македонија **(11 септември 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Емилија Нацевска***, вицегувернер на Народната банка на Република Македонија **(19 октомври 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Ана Митреска***, вицегувернер на Народната банка на Република Македонија **(19 октомври 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Киро Здравев,*** член на Судскиот совет на Република Македонија **(18 декември 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Гордана Спиревска,*** член на Судскиот совет на Република Македонија **(18 декември 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Зоран Теофиловски***, член на Судскиот совет на Република Македонија **(18 декември 2018)** |
| Свечена изјава на ***г-ѓа Лорета Горгиева,*** член на Судскиот совет на Република |

| |
|---|
| Македонија **(18 декември 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Мирсад Суроји***, член на Судскиот совет на Република Македонија **(18 декември 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Елвин Хасан***, министер без ресор во Владата на Република Македонија **(26 декември 2018)** |
| Свечена изјава на ***г. Музафер Бајрам***, министер без ресор во Владата на Република Македонија **(26 декември 2018)** |

## 7.4. Доделување државни награди

Доделување на Државна награда **“Гоце Делчев” (4 мај 2018)**

- Добитници на наградата се **г. Славчо Ковалоски** за трудот “Прилеп и Прилепско во 19 век”, **Доц.д-р Енис Рафет Јакупи** за трудот “Архитектонски конструкции 1” и **Д-р Дончо Донев**, за трудот “Првите 15 македонски доајени на Медицинскиот факултет”

Доделување на Државна награда **"Мајка Тереза" (26 август 2018)**

- Добитници на наградата се **г-ѓа Ленче Здравкин,** активистка и хуманистка и **г.Омер Калеши,** ликовен уметник со светска кариера

Доделување на Државна награда **"8 септември" (8 септември 2018)**

- Добитници на наградата се **г. Таки Џиков -** награда за животно дело**, г.Стефан Гешовски -** кошарка**, г. Сашко Арсовски -** карате**, г. Владимир Радиќ -** ракомет и **г. Ристо Таков -** борење.

Доделување на Државна награда **"11 Октомври" ( 11 октомври 2018)**

- **Добитници на награда за животно дело во областа на културата и уметноста** се **Проф. д-р Драги Михајловски -** преведувач и писател**, г. Ристо Лазаров -** писател и новинар и **г. Петре Арсовски-** актер
- **Добитник на награда за животно дело во областа на здравството** е **Проф. д-р Александар Ставридис** - хирург - уролог,

Доделување на Државна награда **"Свети Климент Охридски" (8 декември 2018)**

- **за остварување во областа на воспитанието и образованието** добитници се **г.Кимет Агаи и г. Аднан Агаи** - просветни работници
- **за остварување во областа на културата и уметноста** добитици се **г. Владимир Милчин** - режисер, **г-ѓа Емилија Стаменковиќ-Ципунова** - балетски уметник и **г.Томислав Османи** - писател.

Доделување на Државна награда **“Мито Хаџивасилев Јасмин” (21 декември 2018)**

- **за остварување во областа на публицистиката** добитник е **г-ѓа Марина Костова -** публицист и
- **за остварување во областа на новинарството** добитник е **г. Емин Аземи -** новинар.

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1.Канцеларии за контакти на пратениците со граѓаните во изборните единици

Со Законот за Собрание е уредено и предвидено функционирањето на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните во ИЕ. Овој начин на комуникација со избирачите е воспоставен како проект поддржан од НДИ, ИПД, Усаид и Швајцарската агенција за развој и соработка и ЗЕЛС уште во 2003 година. Целта на овие канцеларии е да се овозможи на граѓаните да имаат директна комуникација со своите пратеници, да разменуваат информации, даваат предлози и сугестии за одредени прашања.

Согласно член 36 локалната самоуправа е должна, на наше барање, да обезбеди просторни услови за нивно функционирање. Финансиски средства се предвидуваат од Буџетот на Република Македонија, врз основа на одлука на Буџетскиот совет.

Во овој мандат, процесот на отворање на канцеларите отпочна со донесување на Одлуката за начинот на функционирање и обезбедување средства за остварување на контакти со граѓаните , од 1 јуни 2018 година.Во оваа одлука е вградена и правно уредена досегашната пракса надополнета со предлози од инволвираните одделение за контакт со граѓаните и секторот на финансии во насока на посеопфатно и поедноставно регулирање и уредување на постапката за отворање и одржување на канцелариите.

Како и досега во оваа мрежа е планирано отворање на 75 канцелари и во Буџетот на Република Македонија обезбедена е соодветна сума средства, за плати на 75 асистенти и оперативни трошоци за одржување на канцелариите.

75те канцеларии се распределуваат врз основа на воспоставена формула со цел правична и соодветна застапеност на пратеничките групи и пратениците кои не се организирани во пратенички групи. Друго правило кое треба да се почитува, е дека пратениците треба да имаат канцеларија во ИЕ од која се избрани, а не каде имаат живеалиште. Тоа се со цел да им се обезбедени правото на избирачи да бидат поблиску до својот пратеник. Согласно тие критериуми, на координативен состанок со потпретседател на Собранието, Генерален секретар, координатори на пг и одделението за контакт на пратениците со граѓаните беше утврден конкретен распоред, на број на канцеларии по пратенички групи/пратеници, општина во која е планирано да се отворат и за кој пратеник/пратеници. Во една канцеларија може да биде ангажиран еден асистент кој може да опслужува повеќе пратеници од иста пратеничка група/политичка партија. Врз основа на тоа, во овој мандат покриени се околу 100 пратенци.

Соработката со ЕЛС и ЗЕЛС заради обезбедување на слободните простории, се остварува врз основа на писмени барања доставени од наша страна како и постојана комуникација со секретарите на општините во кои имаме потреба од канцеларии. Врз основа на утврдениот распоред е планирано отворање на 75 те канцеларии во вкупно 39 општини и до

сите нив имаме доставено барања. Заклучно со 31 декември 2018 имаме добиено 42 позитивни одговори, 15 негативни и 2 општини не доставиле одговор.

Од нив до 31 декември отворени се вкупно 28 канцеларии во следиве општини Прилеп, Неготино, Велес, Дебар, Бутел, Кочани, Делчево, Берово, Крива Паланка, Кратово, Штип, Радовиш, Валандово, Аеродром, Гостивар, Василево, Гевгелија, Кавадарци, Струмица, Виница, Куманово, Свети Николе, Битола, Македонски Брод и Ресен.

Во рамките на секторот на генералниот секретар формирана е работна група со претставници од одделението за контакт со граѓаниве и ИТ секторот, заради организирано отворање, што опфаќа опремување со ИТ опрема и потпишување договор со ангажираниот асистент. Притоа, заедно со предавници на општината ја утврдуваат состојбата на доделената канцеларија и исполнувањето на основните услови за отворање и нивно функционирање. Воедно работна група има спроведено и редовен попис на целокупната ИТ опрема која досега се користела , состојба на опремата и потребата од нивна евентуална замена.

Покрај досегашните партенри, оваа година оставена е соработка и со ОБСЕ за што имаме потпишано и меморандум за соработка на 19 декември 2018. Во рамките на тој меморандум предвидена е донација на комплетно нова компјутерска опрема , како и одржување на обуки и работилници за асистентите и било кој друг облик на техничка помош за нивно ефикасно вмрежување.

Ажужирање на податоците за канцелариите се води во одделението и истите се објавуваат и на веб страната на собранито, во делот комуникација со граѓаните.

Во наредниот период се очекува да се отворат и останатите канцеларии за кои се исполнети потребните услови. Во соработка со нашите соработници и поддување ќе се утврди потребата за конкретни тематски обуки а планира е презентација и инсталирање на заеднички софтвер, како и редовна посета на канцелариите.

## 8.2. Електронска комуникација

Службата и пратениците на Собранието на Република Македонија во својата секојдневна работа во законодавниот процес го користат Системот за управување со документи, т.н. е-Парламент.

Со е-Парламент опфатени се следните процеси:

1. Прием на материјали
   - креирање на материјал
   - прием и архивирање на материјал
   - известување за нов материјал

2. Седници на работни тела
   - Закажување на седници
   - Водење на седниците
   - Додавање на заклучоци
   - Додавање на извештаи

3. Собраниски седници
   - Закажување на седници
   - Водење на седниците
   - Додавање на заклучоци
   - Додавање на извештаи
   - Додавање на стенограми
   - Додавање на аудио и видео записи
   - Додавање на гласања

4. Пратенички прашања
   - најави на пратенички прашања
   - додавање на поставени прашања
   - додавање на одговори

Решението интегрира повеќе законодавни постапки и чекори во еден дистрибуиран и оркестриран процес кој се преобразува од подготовка и извршување на законодавната постапка „со хартија" во „без хартија" .

Е-Парламент системот го опфаќа целиот процес на парламентарното законодавство, обезбедувајќи високо ниво на ефикасност, економичност, мобилност, транспарентност и одговорност во постапката. е-Парламентот дава пристап до богати, контекстуални информации и овозможува побрзо донесување на одлуки преку лесниот пристап до информациите.




Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците. За актите во процедура и во процесите е воведен електронски потпис.

Службениците и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, стенограми, гласања и видео записи, додека сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.

Воедно, во текот на 2018 година, собраниската служба е целосно опремена со е-маил адреси и нова информатичка опрема.

Во е-Парламент се процесирани сите материјали од законодавната постапка со соодветните придружни документи.




Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија секојдневно ја ажурира со податоци собраниската веб-страна.



Бројот на корисници на паметни телефони и таблети рапидно расте, како и времето што корисниците го трошат во прелистување на веб страници преку овие уреди. Собранието им овозможува со својот портал индивидуален пристап на овие корисници и полесно достапни информации. Страниците на порталот се поврзани и со профилите на Собранието на социјалните мрежи со што е овозможена и комплетна интерактивност со корисниците.

Архитектурата на порталот е внимателно планирана за да се осигура дека потребите на сите целни групи се исполнети и корисниците секогаш може да ги добијат бараните информации. Целата работа на Собранието е презентирана транспарентно на сајтот во повеќе јазични верзии, со навигациска структура која нуди современо и модерно корисничко искуство.

На веб-страната можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, увид во која фаза од законодавната постапка се наоѓаат, сите извештаи поврзани со нив, потоа дневна агенда и планирани следни активности, видео записи од седници и извештаи од седници на работни тела.

Веб-страната е богата со содржини и можности како упатување на прашања до претседателот на Собранието и пратениците, информации за канцелариите за контакт со граѓаните, електронски весник, увид во библиотечниот фонд на парламентарна библиотека и многу други содржини.

На веб-страната може да се најде и архивата на видео записи од собраниските седници од 2002 година до денес. Исто така, преку веб-страната може да се следат собраниските седници во живо.

За подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста, Собранието на Република Македонија воведе свој Facebook, Twitter и Youtube профил. Овие профили се користат за споделување на содржини кои се достапни и на веб-страната на Собранието. Содржини кои се споделуваат се дневниот ред на седниците, седници на работни тела или меѓународни и други активности на пратениците.



## 8.3.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

### ЕМИТУВАНИ ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ

#### -Директни преноси од пленарните седници

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| јануари | 18 | 876 |
| февруари | 3 | 358 |
| март | 6 | 688 |
| април | 10 | 1.343 |
| мај | 7 | 1.360 |
| јуни | 10 | 1.727 |
| јули | 9 | 1.462 |
| август | 2 | 462 |
| септември | 3 | 303 |
| октомври | 9 | 1.447 |
| ноември | 11 | 1.953 |
| декември | 13 | 2.800 |
| **Вкупно** | **101** | **14.779 мин** |

#### 1.Директни преноси од Комисија за финансирање и буџет

Ребаланс на буџетот за 2018

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| октомври | 2 | 586 |
| ноември | 4 | 659 |
| **Вкупно** | **6** | **1.245 мин.** |

Усвојување на буџет за 2019

| месец | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| ноември | 2 | 496 |
| декември | 8 | 1.860 |
| **Вкупно** | **10** | **2.356 мин.** |

#### 2. Директни преноси од Комисија за уставни прашања

| Месец- октомври | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| 10.10.2018 | 1 | 223 |
| 12.10.2018 | 1 | 155 |
| **Вкупно** | **2** | **378 мин.** |

#### 3. Директни преноси од РОС-РОТ семинар

| Месец- јуни | Број на преноси | Времетраење во минути |
|---|---|---|
| 27.06.2018 | 1 | 345 |
| 28.06.2018 | 1 | 283 |
| 29.06.2018 | 1 | 175 |
| **Вкупно** | **3** | **803 мин** |

### 4. Директни преноси од:

**Дијалог на високо ниво-за учество на младите и младинските политики со пратениците од Западен Балкан**

| Месец-септември | Број на преноси | Времетраење во мин |
|---|---|---|
| **20.09.2018** | 1 | 80 |
| **21.09.2018** | 1 | 116 |
| **Вкупно** | **2** | **196 мин** |

**Емитувани снимки од седниците на собраниските тела**

| Собраниски работни тела | бр.на заседанија | време во мин |
|---|---|---|
| Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците | 44 | 2.736 |
| Комисија за финансирање и буџет | 26 | 1.658 |
| Комисија за здравство | 15 | 671 |
| Комисија за труд и социјална политика | 25 | 1.239 |
| Комисија за надворешна политика | 16 | 683 |
| Комисија за култура | 16 | 933 |
| Комисија за транспорт,врски и екологија | 34 | 2.729 |
| Комисија за земјоделство,шумарство и водостопанство | 14 | 576 |
| Комисија за одбрана и безбедност | 17 | 779 |
| Комисија за економски прашања | 26 | 1.586 |
| Комисија за европски прашања | 18 | 1.019 |
| Комисија за образование,наука и спорт | 24 | 1.832 |
| Комисија за прашања на изборите и именувањата | 13 | 248 |
| Комисија за локална самоуправа | 2 | 21 |
| Комисија за деловнички и мандатно имунитетни прашања | 5 | 53 |
| Буџетски совет на Собрание на РМ | 6 | 169 |
| Комисија за еднакви можности на жените и мажите | 5 | 438 |
| Комисија за уставни прашања | 8 | 1.413 |
| Национален совет за евроинтеграции | 2 | 202 |
| Законодавно-правна комисија | 100 | 2.734 |
| Комисија за надзор над спроведувањето на посебни истражни мерки при следење на комуникациите од страна на МВР;УФП;ЦУ и МО | 2 | 10 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните | 3 | 241 |

**Емитувани снимки од настани во Собрание на РМ**

**Јануари**

17.01.2018 -Одбележување на 550-год од смртта на Ѓерѓ-Кастриот Скендербег
26.01.2018 –Одбележување на Меѓународниот ден на жртвите од холокаустот
Изјава од г-ин Талат Џафери претседател на Собрание на РМ
на македонски јазик /тр.01.30 мин/ и на албански јазик /тр.01,40 мин/
Изјава од амбасадорот на Државата Израел Дан Оријан/ тр. 9 мин/.
Емитуван филм доставен од амбасадата на Државата Израел
/тр. 61 мин/

**Март**

07.03.2018- Одбележување на 15 години од формирање на Клубот на пратенички
тр. 103 мин/

**Мај**

04.05.2018- Доделување на државната награда –Гоце Делчев /тр.29 мин

10.05.2018- Панел дискусија-Улогата на парламентарниот етичар во
спроведувањето и почитувањето на етичкиот кодекс
на Парламентите /тр. 83 мин /

**Јуни**

04.06.2018 –Основана Интерпарламентарна група за правата на Ромите
/тр. 69 мин /

**Јули**

16.07.2018 – Јавна расправа на Клуб на пратенички
Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување
и борба против насилството врз жените и семејното насилство
/ тр. 74 мин/

**Август**

26.08.2018 – Доделување на Државната награда –Мајка Тереза /тр. 18 мин/

**Септември**

07.09.2018 – Прес-конференција на
Г-дин Талат Џафери претседател на Собрание за референдумот
/тр. 32 мин/
08.9.2018 - Доделување на Државна награда 8-ми Септември /тр. 25 мин/

19.09.2019 - Средба на МПК-РМ и ЕУ /тр. 184 мин/

20.09.2019 - Средба на МПК-РМ и ЕУ /тр. 87 мин/

**Октомври**

11.10.2018 - Доделување на Државна награда: 11-ти Октомври
/тр. 30 мин/

**Декември**

08.12.2018 - Доделување на Државна награда: Св.Климент Охридски /тр. 36 мин

**Промотивни видео материјали за Собрание на РМ**

Од 01.10.2018 на Собраниски канал се емитуваат промотивни видео материјали за Законодавната власт, изработени од Парламентарниот инситут на Собрание на РМ

Донесување на закон
во редовна постапка МКД+ АЛБ /тр. 12 мин /
------------------------------------------------------------
Собрание отворен дек -МКД /тр.30,34 мин/
------------------------------------------------------------Собрание отворен дел-АЛБ титли /тр. 30,34 мин/

Собрание МКД /тр. 23.18мин/
------------------------------------------------------------
Собрание АЛБ /тр. 23.18мин/

Времетраење на емитуваните материјали

| Промотивен видео материјал за Собрание на РМ | Октомври емитување .во мин | Ноември емитување .во мин | Декември емитување .во мин |
|---|---|---|---|
| **Донесување закон во редовна постапка МКД+АЛБ** | 744 | 588 | 540 |
| **Собрание отворен ден -МКД** | 1.912 | 1.213 | 1.123 |
| **Собрание отворен ден-АЛБ титли** | 1.851 | 1.275 | 1.032 |
| **Собрание МКД** | / | 464 | 835 |
| **Собрание АЛБ** | / | 348 | / |
| **Вкупно емитување во минути** | **4.507 мин** | **3.300 мин** | **2.990 мин** |

**Збирно време на емитување -10.797 мин**

Промотивните видео материјали во текот на 24 часовната програма на Собранискиот канал, кога нема собраниски активности, се емитуваат по вестите во 10.00 и 13.00 часот и по дневникот во 17.00 часот.

Во деновите, кога на Собранискиот канал се емитуваат директни преноси од седниците на Собрание на РМ и снимки од работата на собраниските тела , бројот на емитувањата е променлив.

## 8.4. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1.065 претставници на средствата за јавно информирање, од кои 771 новинар, 218 сниматели и 76 лица задолжени за техничка поддршка. Правата, должностите и одговорностите на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието („Службен весник на Република Македонија" број 89/2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес-центар со телефонски линии и компјутери. До сите акредитирани медиуми редовно, по електронска пошта, се испраќаат материјали од активностите на Собранието.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 12 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 |
| МТВ | 89 |
| МРТ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 27 |
| ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА АЛБАНСКИ, СРПСКИ, БОСАНСКИ, РОМСКИ, ВЛАШКИ И ТУРСКИ ЈАЗИК | 42 |
| РЕДАКЦИЈА НА СРПСКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА НА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| РЕДАКЦИЈА НА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 3 |
| РЕДАКЦИЈА НА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 39 |
| ТЕЛМА | 40 |
| АЛ САТ | 40 |
| СИТЕЛ | 63 |
| ТВ ЕРА | 12 |
| ТВ АЛФА | 29 |
| ТВ СОНЦЕ | 13 |
| ТВ „Е" | 10 |
| 24 ВЕСТИ | 39 |
| АЛЈАЗЕЕРА БАЛКАНС | 6 |
| НАША ТВ | 9 |
| ТВ 21М | 22 |
| ТВ ШЕЊА | 26 |
| ТВ НОВА | 44 |
| ТВ КЛАН | 14 |
| НОВА ТВ.МК | 14 |
| 1 ТВ | 27 |
| МТВ - МАКЕДОНСКО РАДИО | 25 |
| РАДИО ВАТ | 3 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 15 |
| КАНАЛ 77 | 1 |
| РАДИО МОФ | 5 |

| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | |
|---|---|
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 21 |
| ВЕЧЕР | 14 |
| КОХА | 14 |
| ЛАЈМ | 9 |
| СЛОБОДЕН ПЕЧАТ | 10 |
| НЕЗАВИСЕН ВЕСНИК | 12 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 17 |
| РЕПУБЛИКА | 4 |
| СКОПСКО ЕХО | 2 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| МИА-агенција | 49 |
| МАКФАКС-агенција | 19 |
| ОБСЕ | 36 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 3 |
| ВЕСТ МК | 4 |
| СЛОБОДНИ НОВИНАРИ | 2 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ (на македонски јазик) | 8 |
| ЗАМАН | 5 |
| КУРИР | 12 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 |
| е REPORTER | 4 |
| ЖУРНАЛ | 6 |
| DIVERSITY MEDIA PRODUCTION | 4 |
| ПЛУСИНФО | 9 |
| А1он | 5 |
| БРИФ | 5 |
| ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛ МКД.МК | 4 |
| БИРН | 7 |
| НЕЗАВИСНА ПРОДУКЦИЈА БОЈАРОВСКИ | 4 |
| ПОРТАЛБ | 5 |
| ЦИВИЛ МЕДИА | 8 |
| АКТУЕЛНО | 1 |
| ПРОДУКЦИЈА 360 СТЕПЕНИ | 15 |
| АЛМАКОС | 6 |
| NEWSROOM.MK | 10 |
| ПОСТ.МК, МЕДИА.МК | 12 |
| 24 VAKTI | 3 |
| ЧЛЕН 16 | 8 |
| ИНБОКС 7 | 10 |
| САКАМ ДА КАЖАМ | 12 |
| ANADOLU AGENCY | 12 |
| REPORTER.MK | 6 |
| МЕТА.МК | 5 |
| КАПИТАЛ | 4 |

| | |
|---|---|
| НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА СЛЕПИ НА РМ | 1 |
| ФАКУЛТЕТИ.МК | 4 |
| ГЛОБУС | 1 |
| 24 ИНФО | 2 |
| ART CHANAL | 2 |
| PRESING TV | 10 |

Одделението за односи со јавноста и за изготвување на статистички материјали, покрај акредитирање на претставници на средствата за јавно информирање, подготвува дневен информатор за дневните активности на Собранието.

Во периодот од 1 јануари 2018 година до 31 декември 2018 година, Одделението има подготвено и дистрибуирано 211 дневни информатори.

Одделението секојдневно ја ажурира веб-страницата на Собранието на Република Македонија.

Одделението ги објавува собраниските актуелности на www.sobranie.mk во делот активности, соопштенија и ЕУ вести, а тековно објавува и други разни материјали за потребите на собраниската веб-страница.

За сите соопштенија, најави за средби и прес-конференции, Одделението ги информира медиумските куќи и веб-порталите кои се акредитирани во Собранието на Република Македонија.

Одделението ги најавува и проследува официјалните и работните средби во Собранието на Република Македонија и потоа известува за истите преку веб-страница.

Исто така, Одделението ги адаптира и извештаите од седниците на работните тела и ги објавува на веб-страница.

Дневната агенда и сите собраниски активности Одделението ги објавува и на социјалните мрежи Facebook, Twitter, по потреба и видео материјали на Youtube, со цел подобро информирање на граѓаните, зголемување на отчетноста и транспарентноста.

На крајот од работниот ден Одделението подготвува и испраќа бесплатен електронски весник за сите дневни активности на Собранието до пријавените и заинтересирани корисници.

# 9. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО

# 9.1. Активности на НДИ и Собранието на Република Македонија

**АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ СО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**2018 година**

Во функција на изготвување на Извештајот за работата на Собранието за периодот од 1 јануари до 31 декември, во продолжение ви ги проследуваме податоците за активностите чија реализација беше поддржана од страна на Националниот демократски институт (НДИ). Покрај активностите излистани по месеци, би сакале да подвлечеме дека НДИ и во изминатата година обезбедуваше редовна советодавна и консултативна поддршка на пратениците и пратеничките, како и стручната служба на Собранието во остварувањето на нивната законодавна, надзорна и претставничка улога.

Во продолжение е прегледот на активности даден по области и месеци:

***ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВНИОТ И НАДЗОРНИОТ ПРОЦЕС ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

- **јануари 2018 година -** Достава на мислење по предлог Етичкиот кодекс за пратеници кое содржи препораки за подобрување на документот.
- **јануари 2018 година -** Достава на мислење по документот подготвен од страна на експертите ангажирани од страна на Европската комисија за проектот Јакнење на капацитетите на Собрание кој содржи препораки за подобрување на регулаторната и институционалната рамка на Собранието на Република Македонија.
- **јануари 2018 година -** Консултации и советодавна помош за пратеници и работни тела во однос на подготовка и организација на јавни расправи - измени на Законот за минерални суровини во врска со организирање на јавна расправа за измените и придружување на група пратеници на консултации во Министерството за економија; поддршка во организирањето на јавна расправа за измените на Законот за следење на комуникации и Законот за воспоставување на ОТА.
- **2-4 февруари 2018 година, хотел Изгрев, Струга -** работилница за пратеничката група на коалицијата предводена од СДСМ. Учесници: 44 пратеници (СДСМ, НСДП, ЛДП, ДОМ, ПЦЕР, Партија на пензионери и независни пратеници), 6 асистенти на пратеничката група, 5 поранешни пратеници, советникот на Премиерот за односи со Собрание. Во тек се консултации за организирање на вакви работилници со ВМРО ДПМНЕ и ДУИ.

- **февруари 2018 година -** Презентација на Прирачникот за професионален развој на два пратеника.
- **14 февруари 2018 година, Скопје** - поддршка на претседателката на Комисијата за култура, Ирена Стефоска и претседавачката на неформалната група Пријатели на УНЕСКО која работи на заштитата на Охрид и охридскиот регион, Маја Морачанин за посета на поголем број институции во Охрид и охридското крајбрежје, а заради подготовка на надзорна расправа за имплементација на Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион и сродната регулатива во контекст на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на природното и културно наследство.
- **февруари 2018 година, Скопје**- Консултации и подготовки за теренски посети на Комисија за култура на музеите во Република Македонија (овие теренски посети се одвиваа во период од неколку месеци, при што беше остварена посета на Музејот на Современа уметност, Археолошкиот музеј, Музеј на Македонија, Кинотека на Македонија, Музеј на македонска револуционерна борба, Националниот конзервациски центар, Музејот на албанската азбука и Националниот институт и музеј на Битола) .
- **20 февруари 2018 година, Скопје** - обука за шефови на кабинети и претставници на министерствата за законодавна процедура на Собранието и процесот на јавни расправи (законодавни и надзорни) со цел зајакнување на свеста кај претставниците на извршната власт за потребата од обезбедување на поголема отчетност кон Собранието и неговите работни тела од аспект на почитување на одредбите од Деловникот за работа на Собрание, учеството на јавни и надзорни расправи итн.
- **март 2018 година, Скопје-** Консултации и советодавна помош за пратеници и работни тела во однос на подготовка и организација на јавни расправи - (пр. Стратегија за култура, Предлог закон за бесплатна правна помош)
- **11 април 2018 година, Скопје** - брифинг/подготовка на Комисија за политички систем за јавна расправа за Предлог на Закон за судови (подготовка на листа на поканети гости, подготовка на сценарио и можни заклучоци);
- **12-14 април 2018 година, Струга- Симулација на законодавен процес** - учество на 16 пратеници од 7 парламентарни партии и 11 службеници на работилница за Симулација на законодавен процес, каде меѓу останатото, преку симулација на носење на Законот за донација на храна, се анализираа и дискутираа предизвиците и препораките за подобрување на законодавниот процес во однос на комуникацијата и соработката меѓу Владата и Собранието, како и процесот кој се однесува на Собранието;
- **26 април 2018 година, Скопје** - брифинг/ подготовка со претседавачот на Комисијата за економски прашања, Горан Милевски за јавна расправа за Предлог на Закон за енергетика.
- **26 април 2018 година,Скопје** - во соработка со Претседателот на Собранието на РМ организација на неформална размена меѓу пратеници и министри од Владата на РМ со цел унапредување на соработката и комуникацијата меѓу Собранието и Владата.
- **22 мај 2018 година, Скопје -** Надзорна расправа организирана од страна на Комисијата за култура на тема: Закон за управување со светското природно и културно наследство

во Охридскиот Регион и сродната регулатива во контекст на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на природното и културно наследство. НДИ обезбеди советодавна помош за организација и спроведување на надзорната во смисла на консултации на претседавачот, брифинг за членовите на Комисијата за култура, помош во подготовка на сценарио, листа на сведоци итн. НДИ го поддржа и одржувањето на двете продолжувања **во јуни 2018** година.

- **8 мај 2018 година, Скопје** - консултации со претседателот и советникот на Постојаната анкетна комисија за човекови права и граѓански слободи за организирање на јавна расправа на тема *Човекови права, наоди и препораки од Извештајот на Европската комисија за остварениот напредок на Република Македонија за 2017 година.*
- **14 мај 2018 година, Скопје** - поддршка за формирање и прв состанок на координативна група за подобрување на соработката и комуникацијата меѓу Собрание и Влада (Генерален секретар на Собрание на РМ, Генерален секретар на ВРМ, шеф на кабинет на Претседателот на Собрание и шеф на кабинет на Претседателот на ВРМ). Втор состанок се одржа на 25 јуни 2018 година.
- Поддршка на развојот на првиот Акциски план на Собранието за Отворено владино партнерство:
    - **2-3 мај 2018 година** - организација на работни состаноци на РГ за ОВП; учесници: собраниски служби, претставници на граѓанскиот сектор, претставници од МИОА, претставници на меѓународни организации (ОБСЕ, УНДП).
    - **10 мај 2018 година** - Претставување на преземените обврски кои би биле дел од првиот АП пред пратеници, претставници на граѓанскиот сектор.
    - **11 мај 2018 година** - Фасилитирање на презентацијата на Ејми Бенет, Програмски и менаџерски аналитичар во Канцеларијата за владини информациски услуги во рамки на Националната архива на ОВП; учесници: работната група за ОВП на Собранието на Република Македонија (пратеници, претставници на стручната служба, организации кои ја набљудуваат работата на Собранието, меѓународни организации кои работат на ОВП)
    - **28 мај 2018 година** - Оганизирање на Конференција за Отворен Парламент, хотел Мериот Скопје; учесници: пратеници, собраниски служби, претставници на граѓански сектор, претставници од грузиското Собрание, претставници на канцеларијата на ОВП, претставници на меѓународни организации кои работат на ОВП.
- **25 јуни 2018 година, Собрание на РМ** - презентација на „Предизвици и препораки за подобрување на законодавниот процесг на Координативната група Собрание-Влада
- **5 јули 2018 година, Клуб на пратеници, Скопје** - Обука за номотехнички правила за пишување прописи на која учество земаа и двајца претставници од собраниските служби.
- **19 јули 2018 година, Скопје** - Советодавна помош и консултации со претседателот и советникот на Постојаната анкетна комисија за човекови права и граѓански слободи за организирање на јавна расправа на тема „Храната како човеково право"- (предлог листа на учесници, точки на дискусија, подготовка на предлог заклучоци).

- **19 септември 2018 година, Собрание на РМ** - состанок /иницирање на процес на подготовка на усогласени номо-технички правила меѓу Влада и Собрание за пишување на правни прописи. Учесници: Генерален секретар на Собрание, Секретар на Секретаријат за законодавство и вработени во Собранието и Секретаријат за законодавство.
- **23-25 ноември 2018 година, хотел Радика, Леуново** - НДИ во соработка со ОБСЕ организираа Симулација - Еколошки предизвик, Работилница за јавните расправи во Собранието. Учесници: пратеници, асистенти на пратенички групи и претставници на Секторот за работни тела на Собранието, претставник на Владата на РМ и претставници на граѓанскиот сектор. Презентација на Коментари на НДИ за подобрување на процесите за јавни расправи во Собранието на Република Македонија пред учесниците.
- Поддршка на Клубот на пратенички и на Интерпартиската парламентарна група за лицата со посебни потреби преку ангажирање на двајца асистенти на овие групи.
- **25 декември 2018, Собрание на Република Македонија** - Поддршка во организирањето на Јавна расправа на тема Поддршка при имплементација на социјални политики, мерки и буџет за еднородителски семејства. Расправата се одржа на иницијатива на Граѓанската организација за еднородителски семејства „Една може" која е дел од програмата за граѓански организации на НДИ. Учесници: пратеници, претставници на МТСП, Меѓу-општинскиот центар за социјална работа, Агенција за вработување, Национална Агенција за европски образовни програми, координатори за еднакви можности во рамки на министерствата и локалните заедници, универзитетски професори, експерти, претставници на граѓански сектор.

***ПОДДРШКА НА КЛУБОТ НА ПРАТЕНИЧКИ***

- **7 март 2018 година, Собрание** - поддршка на Клубот на пратенички во организација на настан за одбележување на 15 годишнина од формирањето на клубот.
- **22 март 2018 година, Приштина, Косово -** посета на настани организирани во рамки на Недела на жената поддржани од НДИ Косово. Учесници: Мирсада Емини, пратеничка од ДУИ.
- **10 октомври 2018 година, Скопје -** НДИ го поддржа отворањето на Женската соба на Клубот на пратенички. Учесници: пратеници и пратенички, претставници на граѓанскиот сектор и на меѓународната заедница.
- Поддршка на Клубот на пратенички во финализирањето на Стратешкиот план.
- **12 декември 2018 година, Собрание на РМ, Скопј е-** НДИ во соработка со РОМА СОС Прилеп ја поддржа организацијата на претставувањето на политиките во однос на детските бракови. Учесници: претставнички на Клубот на пратенички, претставници на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование, Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи.

### ПОДДРШКА ЗА ПОВТОРНО ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА ПРАТЕНИЧКИТЕ КАНЦЕЛАРИИ

- **март 2018 година** - Подготовка на Извештај со оценка и препораки за надминување на предизвиците во воспоставувањето на пратеничките канцеларии.
- **април - декември 2018 година** - Поддршка при подготовката на документите за непречено функционирање на пратеничките канцеларии (предлог одлуката на Буџетскиот совет, договорот за ангажирање на асистенти во пратеничките канцеларии).
- **април - декември 2018 година** - Континуирани средби и советодавна помош на собраниското раководство за воспоставување на пратенички канцеларии во однос на редистрибуција на канцелариите, претставување на стратегијата за пратенички канцеларии, како и советодавна помош на поединечни пратеници во однос на активностите на канцелариите.

### ПОДДРШКА НА КЛУБОТ ЗА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

- **јануари - декември 2018 година** - Континуирани средби и советодавна помош на Клубот за млади и младински политики во поглед на планирање на активностите на Клубот за млади, како и активно учество во средбите на работната група за подготовка на Законот за младинско учество.
- **10 мај 2018 година**- НДИ одржа состаноци со членовите на Комисијата за труд и социјална работа како подготовка за Јавната расправа за споделено родителство на барање на Меѓаши и Иницијативата за заедничко и одговорно родителство, која се одржа на **14 мај 2018 година.**
- **септември - декември 2018 година**- НДИ Македонија ангажираше асистент на Клубот за млади и младински политики во период од 4 месеци
- **20-21 септември 2018 година** - НДИ обезбеди советодавна помош на координаторот на Клубот за млади Ивана Туфегџиќ при организирање на конференцијата *Премостување на празнината - Дијалог на високо ниво за политичкото учество на младите и младинските политики со пратениците од Западен Балкан* која ја организираше Собранието на Република Македонија во соработка со Европскиот Парламент. На конференцијата се обрати и потпретседателот на Европскиот Парламент Фабио Масимо Касталдо. НДИ Македонија ја поддржа конференцијата и со обезбедување на преведувачи од англиски на македонски јазик

### ПОДДРШКА НА ОСНОВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ (ПИ)

- Запознавање на собраниското лидерство со улогата на Управувачкиот комитет.
- **мај - јули, 2019 година** - НДИ го поддржа процесот на вработување за 7 работни позиции огласени за ПИ. НДИ ангажираше експерт за социјални медиуми кој разви и спроведе кампања на социјалните медиуми (Фејсбук, Твитер, Скопје). Беа развиени и кратки видеа кои даваат детали за различните слободни позиции. НДИ учествуваше во мониторингот

на вработувањата, а беше вклучен во подготовката на тестовите, работната симулациска вежба и интервјуата за вработувања.

- НДИ даде придонес и во стратешкото планирање на ПИ за 2018-2020 година (усвоен на состанокот на Управниот совет на Парламентарниот институт на **11 јули 2018 година**) од аспект на мерки за консолидирање на собраниските библиотеки, за операционализација на архивското депо и планирање на програмата за ориентација за нововработените во ПИ.
- **7-10 мај 2018 година, Собрание на Република Македонија** - Студиската посета на грузиската парламентарна делегација. Целта на посетата беше да се запознаат со истражувањата, образованието, комуникацијата, библиотеката и архивските услуги на Парламентарниот институт, бидејќи грузискиот парламент размислува за унапредување на нивните истражувачки и едукативни капацитети. Учесници: потпретседателката на Грузискиот парламент, двајца пратеници, генералниот секретар, шефот на кабинетот на претседателот и претставници на НДИ Грузија
- **2 - 4 јули 2018 година** - Студиска посета на делегација од парламентот на Албанија - Имајќи ја предвид намерата на Албанскиот парламент за формирање на Парламентарен институт, НДИ организираше студиска посета за делегација од Парламентот на Република Албанија за време на која се презентирање искуството на Собранието на Република Македонија во основањето и функционирањето на Парламентарниот институт. Учесници: потпретседателката на Парламентот на Албанија, двајца пратеници, генералниот секретар, вработени во Службата и претставници од НДИ Албанија.
- Поддршка на Институтот за демократија Societas Civilis Скопје во подготовката на програмите за стипендирање за професионален развој на вработените во ПИ како начин на задржување на вработените.
- Редовни средби и консултации со директоротот на парламентарен институт, Златко Атанасов по однос на подготовка на состаноците на Управувачкиот комитет, јавни набавки, барања за истражувања, систематизација на парламентарен институт, функционална анализа, стратешки план, надминување на преклопување на надлежности со други сектори (библиотека и архивирање) итн.

***ПРОГРАМАТА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА***

- **3 септември - 2018 година,** Презентација и дискусија за Програмата за парламентарната поддршка со раководството на Собранието (Претседател на Собранието на Република Македонија, Потпретседатели на Собранието на Република Македонија и генерален Секретар на Собранието на Република Македонија)
- **септември - октомври 2018 година -** Консултации со пратеници и претставници од службата на Собранието на Република Македонија за потребите на планирање на Програмата за Поддршка на Собранието.
- **8-10 октомври, 2018 година -** НДИ Проценка на техничките капацитети на Собранието на Република Македонија во врска со отворени податоци.

- **октомври - ноември 2018 година** - НДИ Проценка на техничките капацитети на Собранието на на Република Македонија во врска со Собранискиот ТВ Канал.
- **30 октомври 2018 година, Скопје** - Работилница за планирање на Програмата за парламентарна поддршка поддржана од СДЦ со учество на Претседателот на Собранието Талат Џафери, потпретседателите на Собранието Фросина Ташевска Ременски, Горан Мисовски и Весел Мемеди, координаторите на пратеничките групи Томислав Тунтев, Ејуп Алими, Драган Данев, Владанка Авировиќ, генералната секретарка на Собранието Цветанка Иванова, амбасадорката на Швајцарија Сибил Сатер Тејада, претставници од Парламентот на Естонија и германскиот Бундестаг како и претставници на организациите кои ќе ја имплементираат Програмата - Националниот демократски институт (НДИ), Центар за управување со промени (ЦУП) и Институт за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС).

***ЗАКОНОДАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН***

- **22-24 март 2018 година, Скопје**- Регионална собраниска програма на НДИ за земјите од Западен Балкан, Иницијатива за зајакнување на законодавен процес. Учесници: Маја Морачанин од ДОМ, Ивана Туфегџиќ, независна пратеничка, Мирсада Емини од ДУИ, Невенка Стаменковска од ВМРО- ДПМНЕ, Маријана Кацарска, заменик Генерален секретар на Собрание на на Република Македонија, Златко Атанасов, директор на Парламентарен институт.
- **23-25 мај, 2018 година, Тиват, Црна Гора** - Работилница за Правна помош за време на законодавните постапки во собранијата. Учесници: тројца службеници од Собранието на Република Македонија.
- **16-18 јуни 2018 година, Љубљана, Словенија-** Годишен форум на Генералните секретари на парламентите на земјите од Западен Балкан. Учесници: г-ца Маријана Кацарска и г. Неџбедин Ибраими - заменици-генерални секретари на Собранието на Република Македонија, претставници од парламентите во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово.

***КОМИСИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКО ПАРТНЕРСТВО НА КОНГРЕСОТ НА САД (ХДП)***

- **28-30 мај 2018 година, Собрание на Република Македонија -** Конференција за градење на модерни, професионални и претставувачки парламенти. Учесници: пратеници од парламентите на Македонија, Грузија, Косово, Киргистан и Шри Ланка, вработени на Конгресот на САД и претставници на ОВП, вработени во шкотското и македонското собрание, претставници на граѓански сектор, УСАИД, СДЦ и НДИ.
- **26-28 август 2018 година, Собрание на Република Македонија** - Фасилитирање состаноци во рамки на посетата на делегација на Конгресот на САД за улогата на законодавната власт во спроведувањето на надзорот над извршната власт. Учесници: претставници на Конгресот на САД (Бил Флорес, Дејвид Прајс, Дина Титус, Џералд Коноли, Сузан Дејвис), пратеници на Собранието на Република Македонија.

## 9.2. АКТИВНОСТИ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Проект „Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание”**

Граѓанската асоцијација МОСТ во текот на 2018 година го спроведуваше проектот „Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собраниег, чија цел е подобрување на работата на Собранието преку вклучување на граѓаните во информирана дебата за улогата на Собранието и изборните реформи.

Проектот започна да се имплементира во јули 2016-та г. се спроведуваше до крајот на мај 2018-та г. и беше финансиски поддржан од Британска амбасада Скопје.

Крајната цел на проектот е придонес кон суштинска дебата за законските решенија, преку вклучување на сите засегнати страни во процесот, што би придонело и кон зголемување на одговорноста, транспарентноста и продуктивноста на Собранието во иднина.

Во рамките на проектот МОСТ има потпишано меморандум за соработка со Собранието на Република Македонија, со цел поефикасна комуникација и забрзување на процесот на размена на информации.

Во 2018 г. беа објавени два извештаи во рамките на проектот, а се однесуваа на работата на Собранието во последниот квартал во 2017 година и првиот квартал од 2018 година.

**Проект „Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието”**

Овој проект претставува продолжение на проектот „Вклучени граѓани за одговорно и транспарентно Собрание”. Крајната цел на проектот останува иста како и претходниот проект, со тоа што МОСТ презема дополнителни активности за нејзино остварување.

Проектот започна да се имплементира во јуни 2018-та г., ќе се спроведува до март 2020 година и е финансиски поддржан од Британската амбасада Скопје.

Дел од активностите предвидени со проектот се собирање и обработка на податоци поврзани со работата на комисиите во Собранието на Република Македонија и придонесот на пратениците, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Собраните податоци се обработуваат и презентираат преку Индекс на одговорност, транспарентност и продуктивност на Собранието, проактивно учество во процесите на подобрување на работата на Собранието, работни групи и сл.

**Конференција Вилтон Парк**

Од 14-ти до 16-ти февруари 2018 година во Вилтон Парк се одржа конференција на тема "Ефикасно и независно Собрание на на Република Македонија", организиран од Фондацијата за демократија Вестминстер и Британската амбасада Скопје. Во подготовката на работните материјали кои ги идентификуваа проблемите со кои се соочува Собранието на на Република Македонија беше вклучена и Граѓанската асоцијација МОСТ, чии што извештаи беа користени како извор на главните предизвици со кои се соочува Собранието.

Покрај пратениците и претставниците на собраниските служби, како дел од невладиниот сектор, учество зеде и извршниот директор на Граѓанска асоцијација МОСТ, г. Дарко Алексов, кој го презентираше извештајот на МОСТ за работата на Собранието. Оваа конференција ја зацврсти соработката на Собранието и Граѓанската асоцијација МОСТ.

**Планирање за акциски план за отвореното владино партнерство**

Граѓанската организација МОСТ, како дел од работната група за отворено владино партнерство при Собранието на на Република Македонија, активно учествуваше во подготвување на заложбите за ОВП, особено во делот на пристап до информации од јавен карактер и подготовка на документи од страна на стручната служба.

На крајот на мај 2018 година беше одржана и конференција на која беа презентирани заложбите кои беа подготвени во рамките на работната група, во соработка со другите невладини организации.

**Работилница за зајакнување на капацитетите за мониторинг и евалуација: поврзување на граѓанските организации и Собранието (SAMCA),** организирана од Центарот за европски безбедносни студии и поддржана од Амбасадата на Холандија во Скопје

Оваа работилница беше организирана во три сесии кои се одржаа во јуни, септември и декември, при што Граѓанската организација МОСТ беше активен учесник. Работилницата се одржа во Парламентарниот институт на Собранието на на Република Македонија. Покрај граѓанските организации, вклучена беше и стручната служба на Собранието, главно од Секторот за поддршка на работните тела.

Работилницата придонесе кон подобрување на: (1) комуникацијата помеѓу МОСТ и стручната служба на Собранието, (2) начинот на подготовка на извештаите за работата на Собранието од страна на МОСТ и (3) имплементација на препораките на МОСТ од страна на стручната служба на Собранието, во делот на транспарентноста и квалитетот на записниците.

**Работилница на тема: „Стандардизирање на формата и содржината на извештаите и записниците од работните тела во Собранието и изработка на насоки за организација на службените патувања за пратеницигˮ,** организирана од Парламентарниот институт и Граѓанска асоцијација МОСТ.

МОСТ и Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија организираа работилницата којашто се одржа од 6-8 Декември 2018 година во Хотел Сириус во Струмица и на која учествуваа вработените во стручната служба на Собранието. На работилницата беа подготвени три обрасци - два за подготовка на извештаите (за прво и второ читање) и еден за подготовка на записниците од седниците на комисиите.

Покрај погоре споменатите активности, Граѓанската асоцијација МОСТ оствари и средби со комисиите во Собранието, беше поканувана и учествуваше на јавните и надзорните расправи и други настани организирани од Собранието. Во 2018 година, покрај учеството во подобрување на процесите во Собранието, МОСТ имаше и активна улога во препознавањето на добрите практики кои се применуваат и нивно презентирање пред засегнатите страни.

# 9.3. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Македонија

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

**ВОВЕД**

Активностите на Фондацијата за демократија на Вестминстер во периодот на 2018 година, претставуваа продолжение на активностите што беа заеднички дефинирани и започнати како соработка на Собранието на Република Македонија, Британската амбасада во Скопје и WFD уште во втората половина на 2017.

Целта на активностите во овој период беше давање на поддршка на Собранието во насока на постигнување на поголема ефективност и независност на функционирањето на Собранието на Република Македонија преку обезбедување на анализи и процени за повеќе аспекти од функционирањето на институцијата, како и поттикнување на дискусија за овие прашања помеѓу различните засегнати страни во Собранието.

Активностите кои WFD ги имплементираше во Собранието на Република Македонија беа дел од неколку проекти, како и неколку поединечни но поврзани активности.

Соработката меѓу Собранието на Република Македонија, Британската амбасада во Скопје и Фондацијата за демократија на Вестминстер ќе продолжи и во следните три години. Ова е дефинирано со Меморандум за разбирање кој беше потпишан од страна на Претседателот на Собранието, г. Талат Џафери; Британската амбасадорка во Македонија, г-ѓа Рејчел Галовеј и директорот на WFD за Западен Балкан, Емил Атанасовски, на настан за потпишување кој се одржа на 14.12.2018 во Собранието на на Република Македонија.

**АКТИВНОСТИ**

***Вилтон парк конференција, 14.02.2018 – 16.02.2018: “Градење на ефективен и независен Парламент на Република Македонија”***

Во организација на Британската амбасада во Скопје, Фондацијата за демократија на Вестминстер и Вилтон Парк, а во соработка со Собранието на Република Македонија помеѓу 14 и 16 февруари 2018 се одржа конференцијата со наслов: “Градење на ефективен и независен Парламент на Република Македонија”.

Околу 40 претставници од Република Македонија, меѓу кои пратеници од сите пратенички групи во Собранието, членови на службата на Собранието, претставници на домашни и меѓународни невладини организации и експерти во полето на парламентарен развој зедоа активно учество на оваа конференција.

Во текот на трите дена на конференцијата беа разгледувани прашања околу транспарентноста, отчетноста и ефективните надзорни практики како клучни компоненти во една функционална парламентарна демократија, како и потребата од буџетска и финансиска независност на Собранието како клучен предуслов за неговото правилно, ефективно и ефикасно функционирање.

На крајот на конференцијата, а како резултат од работата, заеднички беа усогласени и усвоени препораки за Собранието во полето на: Зајакнување на транспарентноста и комуникациите, парламентарниот надзор, финансиски и буџетски надзор и административна и финансиска независност на Собранието.

***Проект: "Поддршка на македонската парламентарна реформа"***

Проектот "Поддршка на македонската парламентарна реформа" започна во септември 2017 година и продолжи со имплементација до 31 јули 2018. Имплементацијата на овој проект беше базирана врз потпишан меморандум за разбирање помеѓу Собранието на Република Македонија, Британската амбасада во Скопје и Фондацијата за Демократија на Вестминстер.

Целта на проектот беше да се обезбедат дополнителни информации, анализи и процени во различни полиња од работата на Собранието, коишто подоцна би можеле да се користат како основа за реформирање на практиките на работа на Собранието.
Во оваа насока беа реализирани серија на активности меѓу кои:

1. **Подготовка и презентација на функционална анализа за службата на Собранието на Република Македонија.**

На почетокот на 2018 година, во соработка на Фондацијата за демократија на Вестминстер и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беше изготвена функционална анализа за службата на Собранието на Република Македонија. Функционалната анализа беше подготвена од г. Ендру Вокер, поранешен директор за човекови ресурси во Британскиот парламент, и г. Александра Лулковска, експерт за подготовка на функционална анализа. Оваа анализа имаше за цел да направи пресек на состојбата со човековите ресурси во Собранието на Република Македонија, но и да направи увид во мандатите на различните сектори и одделенија во Собранието и да идентификува евентуални преклопувања. Функционалната анализа понуди серија на наоди и препораки за тоа како може да се надминат или подобрат идентификуваните состојби во рамките на Собраниската служба. Овие наоди и препораки се користат како појдовна точка во подготовката на новиот Акт за систематизација на Собранието.

Функционалната анализа како и наодите и препораките од истата беа презентирани пред раководството на Собранието (Претседателот, шефот на кабинет на Претседателот, Генералниот секретар, членови на кабинетите на Претседателот и Генералниот секретар и замениците на Генералниот секретар) на 07 март 2018, како и пред раководителите на сектори, одделенија и други вработени во службата на Собранието на 19 март 2019.

Генералниот заклучок од двете презентации беше дека функционалната анализа ја отсликува и на одличен начин ја систематизира состојбата со службата на Собранието, и дека истата ќе биде многу корисна во процесот на подготовка на нова систематизација.

2. **Подготовка и презентација на процена на практиките на внатрешна и надворешна комуникација на Собранието на РМ.**

Собранието како институција којашто се наоѓа во центарот на секое демократско општество, неминовно има потреба да одржува постојана и активна комуникација со различни целни групи, вклучувајќи ги државните институции, медиумите, граѓанските организации, но и општата јавност.

Со цел утврдување на моменталните практики на внатрешна и надворешна комуникација на Собранието, како и утврдување на можности за подобрување на истата, Фондацијата за демократија на Вестминстер во соработка со РЕСИС институтот во текот на почетокот на 2018 година изработија процена на внатрешните и надворешните комуникациски практики на Собранието. Оваа процена направи мапирање на комуникациските практики, идентификуваше можности за подобрување на истите и даде препораки за можни решенија.

Процената, наодите и препораките беа презентирани на 4 јули 2018 година пред повеќе од 20 претставници од Собранието, вклучително Генералниот секретар, Потпретседатели на Собранието, пратеници/членови на различни комисии и релевантни членови на службата на Собранието.

3. **Подготовка и презентација на процена на практиките на финансиски надзор на Собранието на Република Македонија.**

Една од клучните улоги на Собранието, покрај претставничката и законодавната улога, е и надзорната улога. Посебно место во надзорната улога на Собранието има можноста истото да врши надзор над начинот на кој се планираат и трошат јавните средства, како и за ефектите што овие трошења ги обезбедуваат.

Со цел утврдување на моменталните практики на финансиски надзор на Собранието, капацитетите на пратениците да вршат ваков надзор, како и капацитетите на службата да дава поддршка во вршењето на надзорот, Фондацијата за демократија на Вестминстер во соработка со Шкотскиот парламент и Центарот за економски анализи за потребите на Собранието на РМ изработи процена на практиките на финансиски надзор. Оваа процена освен што ја идентификуваше моменталната состојба со финансискиот надзор, даде и препораки и модели за подобрување на истата. Оваа процена беше изработена од страна на Рос Врнсајд од Одделението за финансиски надзор во Шкотскиот парламент и Габриела Димовска од Центарот за економски анализи.

Процената, наодите и препораките беа презентирани на 04 јули 2018 година пред повеќе од 20 претставници од Собранието, вклучително Генералниот секретар, заменици на Претседателот на Собранието, пратеници/членови на различни комисии и релевантни членови на службата на Собранието.

Оваа процена и наодите од истата, послужија како основа за планирањето на новите активности кои Британската амбасада, ВФД и Собранието ќе ги имплементираат, а се во насока на подобрување на финансискиот надзор.

4. **Подготовка на финансиски анализи за потребите на пратениците во Собранието**

Со цел да им се приближи на пратениците од Собранието на Република Македонија, каков вид на продукти би биле продуцирани од страна на Парламентарната буџетска канцеларија, кога истата би се основала во Собранието на РМ, во рамките на проектот беа подготвени пет пример анализи и тоа:

- Анализа на предлог буџетот за 2018;
- Анализа на пазарот на труд во Република Македонија и земјите од регионот;
- Анализа на нивото на платите во администрацијата во Република Македонија, со посебен фокус на избрани буџетски корисници;
- Анализа на кварталното извршување на Буџетот на Република Македонија за првиот квартал во 2018; и
- Анализа на влијанието на земјоделските политики и политиките на субвенционирање на земјоделството во Република Македонија.

Сите анализи беа дистрибуирани до пратениците преку нивните пратенички групи, како и преку претседателите и службениците во соодветните комисии.

Реализацијата на сите споменати активности беше поддржана од страна на четворица експерти кои WFD ги ангажираше конкретно за таа потреба, а на кои Собранието на РМ им обезбеди целосно функционални услови (вклучително и канцеларија) за извршување на нивните активности внатре во Собранието.

***Проект: "Зголемување на јавната отчетност и транспарентност во Македонија преку зголемена имплементација на препораките на Државниот завод за ревизија"***

Овој проект е соработка помеѓу Британската амбасада во Скопје, Прајсвотерхаус Куперс и Фондацијата за демократија на Вестминстер во кој главен корисник е Државниот завод за ревизија, но Собранието на Република Македонија е еден од секундарните корисници на проектот заедно со Министерството за финансии и Државното јавно обвинителство на Република Македонија.

Собранието е директно вклучено во овој проект преку, г-ѓа Оливера Тренговска која е претставник на Собранието во Управувачкиот одбор на проектот.

Во рамките на овој проект, а како дел од Белата книга со политики којашто беше развиена, дефинирани се сет на насоки и препораки кои доколку се имплементираат би требало да ја го зголемат користењето на извештаите на ДЗР од страна на Собранието, а се цел вршење поголем надзор. Овие наоди и препораки беа презентирани на 29 ноември 2018 на настан на кој присуствуваа и пратеници, членови на комисијата за финансирање и буџет.

Во оваа насока, а како дел од проектот “Зајакнување на финансиската отчетност и транспарентност во Македонија” на 13 март 2018 пред членовите на Комисијата за финансирање и буџет, а на покана на претседателката на комисијата г-ѓа Лилјана Кузмановска, беше одржана презентација за важноста од разгледувањето на ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија (ДЗР) во рамките на работата на Собранието. За оваа цел, г-ѓа Нив Оконор, консултант со долгогодишно меѓународно искуство на воспоставување на Комисии за јавни сметки низ повеќе парламенти во светот, презентираше искуства за соработката помеѓу заводите за ревизија и парламентите во различни држави, како и бенефитите за Собранието од ваквата соработка.

## 9.4. Активности на ОБСЕ во Собранието на Република Македонија

Organization for Security and Co-operation in Europe

**2 март 2018, Скопје** – Презентација на стандардизираниот формат за годишните извештаи на независните институции и тела под надлежност на Собранието на Република Македонија. Годишните извештаи поднесени според новиот формат ќе придонесат за подобро структурирана содржина на годишните извештаи и ќе придонесе за поефикасен надзор над нивното работење од страна на пратениците како и поголема ефикасност и ефективност на самите институции.

**7 март 2018 година, Скопје** – Претставници на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Фондацијата за демократија Вестминстер ги презентираа наодите и препораките од функционалната анализа на Службата на Собранието која беше реализирана во периодот октомври 2017 – февруари 2018 со поддршка на двете организации.

**16-18 март, Маврово** - ОБСЕ - Мисија во Скопје, во рамките на својата парламентарна програма, одржа тренинг за „Зајакнување на капацитетите на Клубот на пратенички". На тренингот присуствуваше координаторката на Клубот на пратенички, генералниот секретар на Собрание и пратенички од сите политички партии, членки на Клубот. Зајакнувањето на капацитетите на Клубот се одвиваше во следните области: Клуб на пратенички - постигнувања и можности; Комуникација со граѓани - искуства и предизвици; Пратенички и здруженија на граѓани; и Јавно говорење

**15 мај 2018, Сараево** – Делегација на Собранието на Република Македонија предводена од Клубот на пратенички, учествуваше на регионална средба на тема „Родова еднаквост и корупцијаг организирана од ОБСЕ. На средбата се дискутираше за борбата против корупција во рамки на законодавните домови во регионот, преку промовирање на интегритет и придонес кон анти-корупциски политики од страна на пратеничките во родово сензитивни Парламенти. Учество земаа претставници од парламентите на Македонија, Албанија, Хрватска, Црна Гора, Србија и Босна и Херцеговина. Учесничките на Делегацијата имаа свои презентации на темата,додека пратеничките го презентираа Клубот на пратенички и остварија билатерални средби со присутните пратенички од регионот. Од средбите произлегоа иницијативи за понатамошна соработка.

**5-6 јули 2018 година, Скопје** – Обука за комуникациски вештини за претставници на Службата на Собрание на Република Македонија. Учесниците низ дводневната обука ги унапредија

нивните вештини за комуникација. Акцентот на обуката беше ставен на пишаната комуникација која ќе им помогне во квалитетна подготовка на извештаи од јавни расправи, анализи, соопштенија и други пишани документи кои ги налага надлежноста на Собранието на Република Македонија.

**19 септември** - Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери, оствари средба со новоименуваниот шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Клеменс Која. Соговорниците разменија мислења за можностите за идна соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, особено во насока на поддршка на Мрежата на канцеларии за комуникација со граѓаните, за што Мисијата на ОБСЕ е подготвена да обезбеди обука на пратениците и вработените, како и опремување на канцелариите.

**23-25 ноември, Маврово** – Пратеници, претставници на Службата, асистенти на пратеничките групи и претставници на невладиниот сектор учествуваа на тридневна симулација на јавни расправи на тема „Еколошки предизвик". Симулацијата се организираше во соработка со Националниот Демократски Институт (НДИ) и имаше за цел да ги воочи клучните предизвици со кои се соочуваат пратениците и Службата при организацијата и одржувањето на јавните расправи во Собранието на Република Македонија.

**11-12 декември, Скопје** – Претставници на Собраниската Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците и независните институции и тела учествуваа на дводневна работилница на која се работеше на подготовка на годишните извештаи на пет независни институции за 2018 врз основа на новиот формат за годишни извештаи. Акцентот на работилницата беше ставен на составување на резимето, препораките и заклучоците на годишните извештаи.

**19 декември** - Во Собранието на Република Македонија, претставено од претседателот на Собранието, г. Талат Џафери и Организацијата за безбедност и соработка во Европа – Мисија во Скопје (ОБСЕ), претставено од шефот на Мисијата, амбасадорот Клеменс Која, се потпиша Меморандум за разбирање, за спроведување на заеднички активности во периодот од 2018-та до 31-ви декември 2021-ва година. Целта на овој Меморандум е поддршка на стратегијата за реформа на Собранието со цел законодавниот дом да ја врати својата уставна улога на центар на политичкиот дијалог, да биде отчетно, транспарентно и да има вистинска надзорна улога.

# 9.5. Активности на DCAF во Собранието на Република Македонија

DCAF
a centre for security, development and the rule of law

**Проект: Развој на парламентарен и независен надзор**

По интензивирањето на напорите за евро-атлантска интеграција на земјата во 2017 година, отпочна процесот на реформи во безбедносниот и разузнавачкиот сектор, а воедно и на оние институции коишто имаат мандат да вршат надзор и контрола врз нив. Реформите беа приоретизиани како итни и потребни за обезбедување на демократска транзиција и враќање на довербата на јавноста во институциите на државата. Како резултат на ова, ДЦАФ и Парламентот отпочнаа стратешко партнерство што резултираше со потпишување на ***Меморандум за соработка*** на **3 мај 2018** година.

Во рамките на оваа стратешка соработка, Парламентот и ДЦАФ се согласија да го спроведат проектот ***„Развој на парламентарен и независен надзорг*** како дел од поширокта Програма на ДЦАФ за реформа на разузнавачкиот сектор во Република Македонија 2017-2020.

Општата цел на Проектот е да го поддржи развојот на парламентарниот (и независен) надзор за Парламентот да игра поефективна улога во демократското владеење на институциите во рамките на разузнавачкиот и безбедносниот сектор.

Проектот обезбедува техничка помош, совети од експерти, преглед на нацрт законодавство, обуки/работилници, студиски посети и поддршка за процесот на уредување на заштитена просторија за состаноци во зградата на Парламентот, за употреба на двете комисии за надзор на разузнавањето. Целта е да се олесни пренесувањето на знаењето и создавање на работни услови и процедури што помагаат во изградба на парламентарна експертиза и доверба во извршувањето на разузнавачки надзор.

За таа цел членовите на трите комисии за надзор на безбедноста и разузнавањето во почетокот на 2018 година заеднички развија Акциски план за соработка за ангажирање на ДЦАФ во оваа програма за периодот 2018-2019, каде што е дефиниран видот на поддршка, одговорностите и временските рамки.

Во периодот ноември 2017 до декември 2018 спроведени се активности во духот на Меморандумот за разбирање и Акцискиот план помеѓу ДЦАФ и Собранието на Република Македонија.

1. **Зголемување на свеста и релевантната експертиза за разузнавачката одговорност на избраните парламентарци и служба за разузнавачки надзор.**

| Активност | Цел | Бр. на пратеници и службеници |
|---|---|---|
| **21-23 ноември 2017 (Женева) - Експертска тркалезна маса за надзор над разузнавањето.** | Покренување и градење на доверба меѓу членовите на разузнавачките комисии и директорите на безбедносните и разузнавачките служби. | 9 пратеници (од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и Независни), од 3 Комисии, 1 службеник, 3 раководители на разузнавачки служби и претседавач на меѓувладината работна група. |
| **25 јануари 2018 (Скопје) – Тркалезна маса за Акцискиот план за соработка помеѓу ДЦАФ и Собранието на РМ.** | Договор за Акцискиот план на соработка помеѓу ДЦАФ и Собранието на РМ. | 8 пратеници (од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и Независни) 1 службеник, 2 ДЦАФ претставници. |
| **25 април 2018 година (Скопје) - Работилница на тема вНадзор над разузнавањео во врска со новоусвоениот Закон за следење на комуникациите (ЗСК) и Законот за оперативна техничка агенција (ЗОТА) во Република Македонија.** | Експертиза на ДЦАФ, стручно мислење и анализа на законодавниот пакет (ЗСК и ЗОТА). | 14 пратеници (од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, БЕСА, ПОПГМ, ПЦЕР и независни) 3 службеници. |
| **14 - 16 мај 2018 (Љубљана) - Работилница на тема вУпотреба и злоупотреба на современи технички капацитети кои го поддржуваат процесот на собирање на информацииг - предизвици за ефикасно и ефикасно демократско следење и надзор над употребата на интрузивни мерки.** | Обука и подигање на свеста за напредните технологии за спроведување на интрузивни мерки и следење на комуникациите. Подобрување на планирањето и спроведувањето теренските посети од овој аспект. | 14 пратеници (од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, БЕСА, ПОПГМ и независни) 3 службеници. |
| **3 јули 2018 (Скопје) – Работилница “Зајакнување на надзорот врз разузнавањето во Република Македонија”.**<br><br>**Место: Собрание на Република Македонија.** | Подобрување на планирање-то, спроведувањето и следењето на сослушува-њата, седниците на комисиите и теренските посети. Пратениците диску-тираа за тоа што е потребно за подготовка за надзорните активности и за тоа како да управуваат и да ги почитуваат класифицираните информации. | 15 пратеници (од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, БЕСА, ПОПГМ, ПЦЕР, и независни) 3 службеници, претставник на Дирекција за безбедност на класифицирани информации. |

| | | |
|---|---|---|
| **11 септември 2018 - Работилница -„Јакнење на надзорот врз разузнавањето во Република Македонија: Искуства и препораки од Хрватското Собрание”.**<br><br>**Место: Собрание на РМ.** | Работилницата е продолжување на процесот на градење на капацитетите за надзор. Г-дин Ранко Остојиќ, претседател на Комисијата за домашна политика и национална безбедност во Хрватскиот Парламент, ги сподели знаењата, практиките, научените лекции, давајќи сугестии и препораки за спроведување на реформите во делот на парламентарниот надзор во Република Македонија. | Вкупно 22 лица:<br>18 пратеници (од: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, БЕСА, НСДП, ПОПГМ, ДУИ и независни) и 4 службеници. |
| **12 септември 2018 - Обука - „Закон за класифициранииинформации, практични аспекти на негова примена во Собранието на РМ. Основни поими и безбедност на лица корисници на класифицирани информа-ции.**<br>**Административна бебзедност**<br>**Место: Канцеларија на ДЦАФ-Скопје.** | Обука за собраниските службеници кои работат или ќе работат со класифицирани информации од комисиите за надзор на безбеднста и разузнавањето. Обуката е во рамките на процесот на градење на капацитетите на Собраниската служба за активнаости поврзани со парламентарниот надзор над разузнавањето. | 4 службеници од комисиите за парламентарен надзор врз разузнавањето и безбедноста. |
| **16 ноември 2018 - Работилница „Надзорни сослушувања и надзорни посети. Подготовка, извршу-вање и документирање”.**<br><br>**Место: Собрание на Република Македонија.** | Членовите и персоналот на трите комисии за надзор над безбедноста и разузнавањето во Собранието на РМ да имаат корист од пренесените регионални искуства, од земји членки на ЕУ и НАТО (Словенија и Хрватска), во подготовката, извршувањето и документацијата на надзорните сослушувања и посети. | Вкупно 24 лица:<br>19 пратеници (од: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, БЕСА, НСДП, ПОПГМ, ДУИ и независни) и 5 службеници. |
| **17 декември 2018 - Работилница „Заштита и безбедност на класифи-цирани информации и лични податоци”.**<br><br>**Место: Канцеларија на ДЦАФ-Скопје.** | Обука за собраниските службеници кои работат или ќе работат со класифицирани информации од комисиите за надзор на безбедноста и разузнавањето од страна на претставници на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Дирекцијата за заштита на лични податоци. | 6 лица од Собраниската служба. |

2. **Продукција на производи за знаење и нивно претставување на комисиите**

| Активност | Цел | Бр. на пратеници и службеници |
|---|---|---|
| 23 ноември 2017 (Женева) - **Состанок на надворешни и експерти на ДЦАФ за изготвување на публикација „Насоки за надзор над разузнавањето”.** | Подготовка на основата за Водич-Упатство за надзор над разузнавањето. | 9 пратеници, 1 службеник, 3 раководители на разузнавачки служби и претседавач на меѓувладината работна група |
| 21 февруари 2018 (Скопје) - **Дискусија на тркалезна маса за публикацијата „Насоки за надзор над разузнавањетог.** | Подготовка на основа за Водич-Упатство за надзор над разузнавањето. | 13 пратеници (од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, БЕСА, ДУИ), 1 службеник. |
| 30 мај 2018 (Скопје) - **Претставување на „Насоки за надзор над разузнавањетог-финален нацрт, до пратениците и Собраниската служба.** | Обезбедување дека Упатството е прилагодено на потребите и очекувањата на Парламентот. | 12 пратеници (од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, БЕСА, ДУИ, ПОПГМ), 3 службеници. |
| Мај 2018 - **финализација на упатството „Насоки за надзор над разузнавањето”** | Финализација на Упатството за надзор над разузнавањето во Англиска, Македонска и Албанска верзија. | / |
| Јули 2018 година – **Печатење на публикацијата „Насоки за надзор над разузнавањето”.** | Печатење на Упатството на Англиски, Македонски и Албански јазик. | / |
| 23 ноември 2018 (Скопје) - **Презентација/лансирање на Упатството „Насоки за надзор над разузнавањето”.**<br><br>**Место: Собрание на РМ.** | Презентирање на Насоките за надзор над разузнавањето пред пратениците од комисиите кои имаат мандат за надзор над разузнавањето за да се охрабрат да го користат Упатството за концептуализација,планирање и спроведување на надзорни активности, со што ќе се подобри работата на Парламентот во ова поле. Настанот имаше цел и информирање на пошироката јавност и донаторската заедница за постоењето на овој ресурс во Парламентот на Република Македонија. | 15 пратеници, 7 претставници на Собраниската служба, 13 претставници на Дипломатскиот кор во Македонија, 10 претставници на Невладини организации и организации од Цивилното општество. |










**3. Подобрување на способностите на надзорните комисии да планираат и спроведуваат ефективен надзор**

| Активност | Цел | Бр. на пратеници и службеници |
|---|---|---|
| **Експертски преглед на Законот за следење на комуникациите од 2018** | Ова стручно мислење овозможи да се добие сеопфатно разбирање за импликациите, последиците и предизвиците донесени со оваа законска решенија и создаде појасна слика за неговата идна примена, добри и лоши страни од аспект на надзорот. | 14 пратеници (од ВМРО-ДПМЕ, СДСМ, ДУИ, БЕСА, ПОПГМ, ПЦЕР и независни) 3 службеници. |

**<u>Менаџмент и управување со проектот</u>**

**Менаџментот** со проектот е олеснато преку ангажирањето на парламентарниот офицер за врска на ДЦАФ, кој од мај 2018 и официјално работи во Парламентот. Парламентарниот офицер за врска му помага на Парламентот да развие робусна експертска персонална единица која ќе може да ги поддржи трите релевантни комисии во спроведувањето на нивниот мандат т.е. легален и ефективен надзор врз разузнавањето.

**Управувањето** со развојот на парламентарниот и независен надзор се постигнува преку инклузивен процес отсликан во Управувачка група за проектот, во кој членовите на Управувачка група од Парламентот (претседателите на трите комисии и генералниот секретар) и ДЦАФ разговараат за следните чекори и предизвици во врска со трите главни области на активности. Првата средба на Управувачката група на проектот се одржа на 3 јули 2018 година.

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието од 12 февруари 2015 година настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата, така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменици на генералниот секретар;*
3. *државни советници*
4. *сектори и*
5. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*На осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14 јули 2017 година за нов генерален секретар е избрана* ***г-ѓа Цветанка Иванова.***

*Генералниот секретар во моментов има четири заменици и тоа* ***Вјекослав Анѓеловски****,* ***Неџбедин Ибраими, Маријана Кацарска и Мики Милковски.***

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието, сектор, посебна организациона единица и одделение.*

*Согласно со Правилникот за организација се образуваа 13 сектори во чии рамки има 51 одделение, две посебни организациони единици - одделенија како и една посебна организациона единица - Парламентарен институт.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието, односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела е составен е од девет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за јавно информирање, односи со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека со три одделенија, врши работи во врска со информирање на јавноста за работа на Собранието и работните тела, изготвување на статистички материјали поврзани со работата на Собранието и работните тела, се прибираат, чуваат , обработуваат и даваат на користење документациони податоци и материјали за работа на Собранието, набавка и евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна

политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информационот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог-годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за административни работи со пет одделенија врши административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Секторот за поддршка на Советот на собраниски канал со две одделенија ги извршува работите на планирање, подготовка и реализација на преносите на седниците на Собранието и работните тела и планирање, развој и имплементација на системот за електронско гласање и говорење.

Во посебната организациона единица - Парламентарен институт се вршат работите на истражувања за потребите на пратениците и стручната служба на Собранието, врши анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија. Парламентарниот институт својата работа ја извршува преку два сектора со по две одделенија.

Посебната организациона единица-Одделение за внатрешна ревизија ги врши работите кои се однесуваат на оценување на значајните фактори на ризик, давање на совети на генералниот секретар на Собранието за намалување на факторите за ризик, утврдување и оценување на економичноста, ефективноста и ефикасноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола врз основа на анализи, проверка на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финасиските извештаи, утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и интерните акти и на работите во врска со следење на спроведувањето на преземените мерки од страна на генералниот секретар на Собранието врз основа на ревизорскиот извештај.

Посебната организациона единица - Одделение за управување со човечки ресурси, обезбедува ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата, учествува во постапките за вработување, унапредување и мобилност на административните службеници и другите вработени во институцијата, ги организира и координира стручното усовршување и унапредување со учинокот на административните службеници, како и други работи во врска со човечките ресурси во институцијата.

## 10.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му даде, независно, разумно, објективно уверување и совет, да принесе за подобрување на работењето на субјектот, како и за зголемување на ефективноста на системот на внатрешна контрола во истиот.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителот на субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна проценка на ризик, како и извршување на поединечни внатрешни ревизии согласно усвоените ревизорски планови.

б) проценка на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори;
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации;
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите.

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури.

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### *ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2018 ГОДИНА*

Одделението за внатрешна ревизија постапува согласно Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија кој го одобрува генералниот секретар на Собранието на Република Македонија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола .

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2018 година беа планирани 6 ревизии и тоа:

1. Ревизија на системот на внатрешни контроли при водењето на електронската евиденција на полното работно време во Собранието на Република Македонија;

2. Ревизија на системот на внатрешни контроли – функционална анализа на систематизацијата на работните места на вработените во Собранието на република Македонија;

3. Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот на службените патувања во земјата и во странство во Собранието на Република Македонија;

4. Ревизија на системот на внатрешни контроли при користењето на средствата за репрезентација во Собранието на Република Македонија;

5. Ревизија на усогласеност (регуларност) во процесот на вработување на вработените во Собранието на Република Македонија;

6. Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи изготвени согласно со Годишниот план за извршување на ревизија за 2017 година.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**3.1.** Ревизијата на системот на внатрешна контрола во процесот при водењето на електронската евиденција на полното работно време во Собранието на Република Македонија е спроведен согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2018 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на раководството на Собранието за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола во процесот при водењето на електронската евиденција на полното работно време во Собранието на Република Македонија и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За ова ревизија е изготвен Конечен извештај, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до ревидираните организациони единици.

**3.2** Ревизија на системот на внатрешни контроли – функционална анализа на систематизацијата на работните места на вработените во Собранието на Република Македонија е спроведен согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2018 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на раководството на Собранието за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контроли- функционална анализа на систематизацијата на работните места на вработените во Собранието на Република Македонија и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За ова ревизија е изготвен Конечен извештај, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до ревидираните организациони единици.

**3.3** Ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот на службените патувања во земјата и во странство во Собранието на Република Македонија е спроведен согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2018 година.

Цел на ревизијата е да се даде разумно уверување на раководството на Собранието за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола во процесот на службените патувања во земјата и во странство во Собранието на Република Македонија и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За ова ревизија е изготвен Конечен извештај, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до ревидираните организациони единици.

**3.4** Ревизија на системот на внатрешни контроли при користењето на средствата за репрезентација во Собранието на Република Македонија е спроведен согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2018 година.

Цел на ревизијата е да се даде разумно уверување на раководството на Собранието за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешна контрола при користењето на средствата за репрезентација во Собранието на Република Македонија и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За ова ревизија е изготвен конечен извештај, истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до ревидираните организациони единици.

**3.5** Ревизија на усогласеност (регуларност) во процесот на вработување на вработените во Собранието на Република Македонија се спроведува согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2018 година.

Целта на ревизијата е да се увериме дали постапката за вработувања е согласно законската регулатива.

**3.6.**Ревизија за следење на препораките дадени во ревизорските извештаи изготвени согласно Годишниот план за извршување на ревизија за 2017 година се спроведува согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2018 година.

Целта на ревизијата е да се унапредува, подробрува функционирањето на процесите на внатрешни контроли во Собранието на Република Македонија.

## 10.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица, функционира како посебно независно одделение со цел развој на квалитетот и професионалноста на државните службеници.

Основна задача на Одделението е да обезбеди ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата, да учествува во постапките на вработување, унапредување и мобилност на административни службеници и другите вработени во институцијата, да ги организира и координира стручното усовршување и управувањето со ефектот на административните службеници и другите вработени во институцијата, како и да врши други работи во врска со човечките ресурси во институцијата.

| Назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | помошно Стручни | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | **1+4** | - | - | - | - |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | **9** | 2 | 7 | - | - |
| *Сектор на генералниот секретар* | **30** | 4 | 21 | 5 | - |
| *Државни советници* | **8** | 8 | | | - |
| *Законодавно правен сектор* | **7** | - | 6 | 1 | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | **11** | 3 | 7 | 1 | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | **41** | 8 | 32 | 1 | - |
| *Сектор за јавно информирање, односи со јавноста, изготвување на статистички материјали и документација и библиотека* | **10** | 2 | 8 | - | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | **7** | 3 | 4 | - | - |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | **7** | 2 | 4 | 1 | - |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | **17** | 4 | 3 | 10 | - |
| *Сектор за финансиски и економски прашања* | **14** | 2 | 2 | 10 | - |
| *Сектор за преведување* | **21** | 4 | 10 | 7 | - |
| *Сектор за стручни и административни работи* | **72** | 3 | 2 | 36 | 31 |
| *Сектор за поддршка на Советот на Собраниски канал* | **1** | 1 | - | - | - |
| *Посебна организациона единица - Парламентарен институт* | **18** | 5 | 13 | - | - |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | **4** | 1 | 3 | - | - |
| *Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси* | **1** | 1 | - | - | - |
| ***ВКУПНО:*** | **278** | **53** | **122** | **72** | **31** |

Во Службата, заклучно со 31 декември 2018 година има 247 административни службеници и 31 вработен без статус на административни службеници (помошно-технички лица) или вкупно 278 вработени во редовен работен однос. Со Службата раководи генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, кој има заменици.

Службата има 53 раководни административни службеници, 122 стручни административни службеници, 72 помошно-стручни административни службеници и 31 вработен без статус на административни службеници, односно помошно-технички лица.

Покрај оваа професионална служба согласно Законот за Собрание на секои пет пратеници, организирани во пратенички групи предвидено е да има еден надворешен соработник - асистент во пратеничката група.

**Реализирани обуки**

Во насока на зајакнување на капацитетот на Службата на Собранието во периодот од 1 јануари до 31 декември 2018 година беа организирани повеќе специјализирани обуки со цел зголемување и проширување на знаењата и вештините на државните службеници во Службата:

***Јануари***

1. Обука за обучувачи ТОТ (втор дел) во организација на ЦЕСС Холандија, 15-16 јануари 2018 година, хотел Холидеј ин, Скопје и
2. Обука на средно ниво на тема: ,,Професионализам, интегритет и етика во Македонското собрание (PRIEMA)" ЦЕСС Холандија 22-24 јануари 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт.

***Февруари***

3. Конференција на тема: "Ефикасен и независен парламент на Република Македонија", во организација на Британска амбсада во Република Македонија и Фондација за демократија на Вестминстер, 14-16 февруари 2018 година, Вилтон Парк, Англија.

***Март***

4. Работилница: ,,Одговорно родово (џендер) буџетирање: планирање на идни интервенции", во организација на UNWOMAN, 9 март 2018 година, Скопје,
5. Промоција на Заедничка истражувачка работа помеѓу Парламентарниот институт и Службата на Швајцарскиот федерален парламент, на тема: ,,Јавниот долг и неговата структура", 13 март 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт,
6. Работилница: ,,Поддршка на швајцарската парламентарна служба за развој на образовни активности на Собранието на Република Македонија", 19-21 март 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт,
7. Работилница:,,Пратениците и парламентарната служба", во организација на НДИ Македонија, 23-24 март 2018 година, хотел Стоун Бриџ и Едукативен центар на Парламентарниот институт и

8. Обука на напредно ниво за ,,Професионална етика и интегритет“ -трет дел , Центар за европски безбедносни студии, (CESS) Холандија 26-28 март 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт.

***Април***

9. Работилница за “Симулација на законодавен процес” , 12-14 април 2018 година, Охрид и
10. Дискусија на тема: “Имплементацијата на препораките на Државниот завод за ревизија како врвен општествен приоритет”, во организација на Фондација за демократија на Вестминстер, 26 април 2018 година, Скопје.

***Мај***

11. Работилница на тема: „Ставови околу транспаретноста на фискалните информации и буџетските документи”, ММФ, 7 мај 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт,
12. Отворено владино партнерство - ,,Акциско планирање за Отворен Парламент“, НДИ Македонија, 10 и 11 мај 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт ,
13. Тркалезна маса - Како до подобра заштита на личните податоци во Македонија, завршен настан за проектот ,,Транспарентни и ефикасни државни надзорни и регулаторни тела“, Аналитика Тинк Тенк, 8 мај 2018 година, Скопје,
14. Студиска посета на делегација од Грузискиот парламент, НДИ Македонија, 8-10 мај 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт,
15. Конференција на тема:„Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020”, во организација на МИОА, 8-9 мај 2018 година, Клуб на органите на државната управа, Скопје,
16. Дијалог Жан Моне во организација на Европски парламент, 17-19 мај 2018 година, Охрид,
17. ЕЦПРД семинар на тема: ,,Проценка на влијанија на регулативата и финансиски проценки“,17-18 мај 2018 година, Тбилиси, Грузија,
18. Работилница: „Основни принципи на изготвување закониг, (Проект за поддршка на Собранието во спроведување на реформите), Едмонд Милетиќ, 21-23 мај 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт,
19. Работилница за законодавно правни и истражувачки служби - поддршка во легислативниот процес, НДИ , 23-25 мај 2018 година, Тиват, Црна Гора,
20. Меѓународна конференција за Балканот и јужнословенска лингвистика, литература и фолклор, Државниот универзитет Монтана, Билингс, Монтана САД,
21. Национална работилница - намалување на јазот меѓу формалните и неформалните институции на Балканот, Институт за демократија , 23 мај 2018 година, Скопје,
22. Конференција на UN WOMEN: ,,Поеднаков буџет, буџет за мажите и жените“, UN WOMEN, 23 мај 2018 година, Скопје,
23. Конференција: ,,Отворен парламент - Отворено Владино партнерство“, НДИ Македонија, 28 мај 2018 година, Скопје и
24. ЕЦПРД Конференција: ,,Како се организира почетокот на изборниот термин?“, 31 мај - 1 јуни 2018 година, Берлин, Германија,

***Јуни***

25. Меѓународен форум на центри за посетители на парламентот, Европски парламент, 6-8 јуни 2018 година, Европски парламент, Брисел, Кралство Белгија,

26. IV Регионална конференција: ,,Улогата на парламентите во поттикнување на граѓанско учество во нивната работа“, Парламентарен институт, 8 јуни 2018 година, Скопје, Едукативен центар на Парламентарниот институт,
27. Работилница:,,Подготовка на Годишен план на активности на Парламентарниот институт за 2019 година“, Парламентарен институт, 11 јуни 2018 година, Скопје,
28. Тркалезна маса: ,,Можностите за соработка помеѓу Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија и здруженијата во Националниот сојуз на слепи лица на Република Македонија“, Парламентарен институт, 14 јуни 2018 година, Скопје, Едукативен центар на Парламентарниот институт,
29. Форум на Генерални секретари на Западен Балкан, 17-19 јуни, Љубљана, Република Словенија,
30. Конференција на тема “Парламентарно истражување во дигитална ера - наменета за библиотеки, истражувачки служби и архива”, 20-24 јуни 2018 година, Лондон- Велика Британија и
31. Обука за подготовка на Стратегија за ризици, Евросимовски консталтинг, 25 јуни 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт.

***Јули***

32. Обука за комуникациски вештини во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 5-7 јули 2018 година,
33. Презентација на мрежата на невладини организации ,,SEE Think Net“ одбрани истражувања изработени од споменатата мрежа и дискусија за Самитот за Западен Балкан во Лондон, Институт за демократија, 4 јули 2018 година, Скопје,
34. Конференција: ,,Конвенцијата на ОН против корупцијата (УНКАК) и интегритетот, транспарентноста и антикорупциските превентивни политики“ МЦМС и Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН)”, 5 јули 2018 година, Скопје и
35. Работилница:,,Стратегија за управување со ризици“ Парламентарен институт, 12-14 јули 2018 година, х.Изгрев, Струга.

***Август***

36. Тркалезна маса: ,,Начини за подобрување на работата на НВО и Собранието на Република Македонија“, Парламентарен институт, 28 август 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт.

***Септември***

37. Обука:,,Поддршка на Собранието во спроведување на реформите” 6 септември 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт.
38. Обука:,,Институционални ресурси, услуги, работа и организација на Собранието“ за асистентите на пратениците во Собранието на Република Македонија, Парламентарен институт, 6 до 8 септември 2018 година, Струга,
39. Обука на тема: Зајакнување на комуникација и координација помеѓу граѓанските организации и Парламентот на Република Македонија, во организација на Центарот за европски безбедносни студии (ЦЕСС), Собранието на Република Македонија, со финансиска поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија, 17-19 септември 2018 година, Едукативен центар на Парламентарниот институт,

40. ЕЦПРД семинар: ‚Дигитализација на општеството“ - наменета за развој на информациски и комуникациски технологии во парламентите, 20-21 септември 2018 година, Осло, Кралство Норвешка,
41. Јавна дебата за нацрт текст на предлог на Закон за спречување на корупција и судир на интереси, Министерство за правда и Меѓународен републикански институт (ИРИ) 24 септември 2018 година, Клуб на органите на управата, Скопје и
42. Јавна дебата за нацрт текст на предлог на Закон за спречување на корупција и судир на интереси, Министерство за правда и Меѓународен републикански институт (ИРИ) 24 септември 2018 година, Клуб на органите на управата, Скопје.

***Октомври***

43. Годишна конференција на коресподенти во Европскиот центар за истражување и документација, 18-20 октомври, Хелсинки Ђ Финска и
44. Тркалезна маса: „Националните и европските политики и правилници од фрлањето храна: Дали ни е потребен нов закон за не фрлање храна или промена и унапредување на дел од веќе постоечките закани кај нас?” Банка за храна, 19 октомври 2018 година, ЕУ инфо центар Скопје.

***Ноември***

45. Форум на тема: Јакнење на меѓуинституционална соработка и координација, планирање на идни активности на Партиципативен форум, во организација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, 5-6 ноември 2018 година,
46. Прва годишна конференција на Мрежата на организациски единици за управување со човечки ресурси, во организација на Министерството за информатичко општество и администрација и ОБСЕ Мисијата во Скопје, 13 ноември 2018 година, Скопје,
47. Презентација на резултатите од истражувањето на јавното мислење за работата на полицијата“ Аналитика тинк тенк и Регионална мрежа ,,Поинтпулс„ 6 ноември 2018 година, Скопје,
48. Регионална работилница: ,,Вмрежување на парламентарни истражувачки кадри вклучувајќи претставници од парламентите на Западен Балканд‘, во организација на НДИ Македонија, 7-8 ноември 2018 година, Скопје,
49. Изработка на прирачници за користење на електронските системи на Парламентарниот институт: Request Management system (RMS), Е-библиотека и Е-архива“, во организација на Парламентарен институт, 8-10 ноември 2018 година, Гевгелија,
50. Симулација на јавни расправи, наречена Еколошки предизвик, во организација на ОБСЕ и НДИ, 23 - 25 ноември 2018 година, Маврово и
51. Презентација на првиот Национален извештај од следењето на реформите во јавната администрација, Скопје, 13 ноември 2018 година.

- Положен испит за административно управување, 17 административни службеници.
- Часови по англиски, француски, германски и албански јазик за Службата на Собранието кои се реализираат во Парламентарниот институт во Собранието на Република Македонија во текот на 2018 година.

Покрај специјализираните обуки, реализирани се и генерички обуки, со цел стекнување на знаења и вештини за развој на општите компетенции, предвидени во Каталогот на генерички обуки во рамките на Годишната програма за генерички обуки на административни службеници на Министерството за информатичко општество и администрација. Генеричките обуки беа реализирани преку електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS) и системот на Микроучење, и тоа на следниве теми:

- Решавање на проблеми;
- Учење и развој;
- Комуникациски вештини;
- Постигнување резултати;
- Работење со други;
- Стратегии и иновации;
- Ориентираност кон клиенти;
- Управување и развој;
- Управување со промени;
- Креирање и дефинирање на политики;
- Евалуација на програми и политики;
- Закон за административни службеници;
- Закон за вработени во јавниот сектор;
- Вовед во јавна администрација;
- Антикорупциски мерки и етика во администрацијата;
- Законот за општа управна постапка, и
- Нема погрешна врата.

## 10.1.3 Парламентарен институт

Годишниот план на активности, опфаќа над 150 активности во функција на спроведување на три стратешки цели од Стратешкиот план на Парламентарниот Институт 2018-2020: **отворен парламент; информирани пратеници и одржлив и вмрежен парламентарен институт со вклучени, квалификувани и продуктивни службеници**.

**Отворен парламент**

1.1 Во однос на **промовирањето на култура на отвореност на законодавната власт**, во текот на 2018 година беа одржани **вкупно 8 едукативни семинари** наменети за ученици од основно и средно образование и студенти на правни и политички студии на универзитетите во Република Македонија. На семинарите учествуваа **вкупно 344 учесници**. Во споредба со претходната година, бројот на учесници **се зголеми за 52,89%** (од 225 на 344 учесници).

**Графикон 1. Приказ на бројот на учесници на едукативните семинари организирани од ПИ во периодот 2015-2018**




За прв пат беше организирана едукативната работилница **„Детски парламентг** за ученици од основните училишта. Целта на оваа активност е преку симулација на законодавната постапка да се приближи работата на Собранието до младите, да се придонесе за развој на демократска свест и култура на толеранција, како и да се поттикнат младите за општествена и политичка критичност и вклученост. Беа одржани два вакви едукативни настани. Првиот беше организиран на 21 септември 2018 година и на него учествуваа вкупно 89 учесници од 15 основни училишта, додека вториот на 5 октомври 2018 година со 92 учесници од 15 основни училишта[1].

[1] Реализирана точка 1.1.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020, (два Детски парламенти со 180 учесници).

За време на работилниците учениците имаа можност да ја изразат својата креативност со изработка на пано со порака до пратениците претставена низ мисла, стих или цртеж. Цртежите и пораките на учениците беа искористени за изработка на **календар за 2019 година**, кој беше испечатен во преку **450 примероци** и дистрибуиран во насока на промоција на Парламентарниот институт и законодавната власт.

Дополнително, беа организирани и спроведени вкупно **6 еднодневни едукативни семинари за ученици од средно образование и за студенти**. На трите семинари за ученици во средните училишта, насловени **„Демократијата и Собранието“**, организирани во март, септември и октомври, учествуваа вкупно 89 учесници. Низ теоретски предавања, видео проекции и работилници, учениците ги утврдија и проширија своите знаења за демократијата, историски развој на парламентаризмот во Македонија, за принципот на поделба на власта, за местото и улогата на Собранието во политичкиот систем на Републиката, за изборот на народните претставници, за постапката на донесување закони во Собранието и други слични теми.

За студенти беа спроведени три едукативни семинари со работен наслов „**Парламентот (Собранието) како основна институција на парламентарното право**”, еден во март и два во октомври, на кои учествуваа вкупно 74 студенти. Студентите беа запознати со правилата по кои се одвива парламентарниот живот и дејноста на пратениците во Собранието на Република Македонија, постапката за донесување на законите, парламентарната демократија и нејзиниот историски развој.

1.2 Во контекст на реализација на целта за развивање на курикулуми за едукација на јавноста, Парламентарниот институт подготви **Синопсис за Историја на парламентаризмот во Македонија** за семинарите за ученици во средни училишта и студенти и **Синопсис за Отворениот ден на Собранието**. Дополнително, се изработи **Курикулум за работилница за наставници во средните училишта**[2], која ќе се одржи во јануари 2019 година. Оваа работилница е директно поврзана со друга едукативна активност на Парламентарниот институт, симулацијата „**Имам став!**”, која е планирана да почне да се одржува во март 2019 година, а е развиена по примерот на “My point of view” едукативната активност, којашто настана како резултат од **билатералната соработка со службата на Швајцарскиот федерален парламент**.

1.3 Во месец јуни 2018 година Парламентарниот институт изработи **Програма за едукација на ранливи групи**. Врз основа на тоа и во соработка со Националниот сојуз на слепи на Македонија беа подготвени и испечатени вкупно **400 информативни материјали на Брајово писмо**, кои беа дистрибуирани до соодветните целни групи. Дополнително, за потребите на истата категорија (слепи и слабовидни лица), информативните материјали беа снимени и **во аудио формат и објавени** на интернетската страница на Собранието https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut.nspx.

За споделување на овие материјали, на 14.6.2018 година, беше организирана **тркалезна маса,** на која учествуваа 30 претставници од 17 различни здруженија на слепи во Република Македонија. Тркалезната маса имаше за цел да ја претстави работата на Парламентарниот

[2] Реализирана точка 1.1.2 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020, (развиени курикулуми).

институт во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавната власт преку вклучување и информирање на сите категории граѓани и здруженија. Поради зголемениот интерес, во текот на август 2018 година, Парламентарниот институт испорача дополнителни 88 информативни материјали на Брајово писмо во Националниот сојуз на слепи[3].

1.4 Во насока на промовирање на култура на отвореност на законодавниот дом, Парламентарниот институт организира **Отворен ден на Собранието**. Во текот на 2018 година Собранието го посетија **вкупно 4.066 посетители,** од кои 1.878 посетители за време на редовните термини (секој последен петок во месецот),1.839 на термините организирани по барање од институции и организации, а 349 за време на обиколките кои се одржуваат во склоп на едукативните семинари.[4]

**Табела 1. Преглед на посетители на Собранието во 2018 година**

| тип на Отворен ден | број на термини | број на посетители |
|---|---|---|
| **редовен (секој последен петок во месецот)** | **7** | **1.878** |
| **по барање** | **38** | **1.839** |
| **организирани обиколки во склоп на едукативните семинари** | **8** | **349** |
| **вкупно** | **53** | **4.066** |

**Графикон 2. Приказ на бројот на посетители на Собранието во периодот 2015-2018**




[3] Реализирана точка 1.1.2 и 1.1.3 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020, (курикулим за едукација на ранливи групи и за подготовка на промотивен пакет за Собранието изработен на Брајово писмо).
[4] Парламентарниот институт исполни 81,32% од предвидените индикатори за оваа цел во Стратешкиот план 2018-2020, утврдени во точка 1.1.1 од истиот (5.000 посетители годишно)

1.5 Во текот на 2018 година беше спроведена континуирана **подготовка, печатење и дистрибуција на материјалите на Парламентарниот институт**. Беше извршено ревидирање на текстот и изработка на нови верзии на едукативно-информативните материјали. Во 2018 година беа испечатени вкупно **20.092** и вкупно дистрибуирани **26.878** информативни материјали до соодветните целни групи. Во споредба со претходната година, имаме зголемување од 75,38% на испечатените (20.092 наспроти минатогодишните 11.456) и зголемување од 66,46% на дистрибуираните информативни материјали (26.878 наспроти 16.147)[5].

1.6 На почетокот на годината беше подготвен **Годишен план за едукација и специфична комуникација со јавноста за 2018 година и Годишен план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2018 година**. На седницата на Управувачкиот совет од 17 април 2018 година, беа предложени и усвоени двата плана и се постави основата за спроведување на едукативните активности.

1.7 Во контекст на промоција на законодавната власт, Парламентарниот институт пристапи кон **снимање и продукција на видео материјали кои ќе се емитуваат на Собранискиот ТВ канал**. Собранието со ова за прв пат се јавува како производител на содржина на сопствениот канал за да се промовира институцијата. За таа цел беше спроведена јавна набавка на услуги за снимање на едукативен материјал и беа изработени **вкупно осум видео материјали**: Отворен ден на Собранието, Детски парламент, Семинар за ученици од средно образование, Семинар за студенти, Мултимедијалната презентација на законодавната власт, како и три кратки видео спотови за промовирање на едукативните активности во организација на институтот. Дополнително, беа изработени 2.000 нови примероци од анимираното видео на Парламентарниот институт „Како предлогот станува законг. Видео материјалите за Отворениот ден, анимираното видео за донесување на закон во редовна постапка во Собранието на Република Македонија и Мултимедијалната презентација на законодавната власт веќе се емитуваат редовно на Собранискиот ТВ канал, најмалку два пати во текот на денот. Планирано е и останатите видео материјали да почнат со емитување од 2019 година.

1.8 Со цел промовирање на поголема отвореност на законодавниот дом, на 28 август 2018 година Парламентарниот институт организираше **тркалезна маса со невладиниот сектор**, на која учествуваа претставници на 15 граѓански организации од Република Македонија[6]. На настанот учество земаа и пет конгресмени, дел од делегацијата од Конгресот на САД која престојуваше во официјална посета на Република Македонија. На тркалезната маса се разговараше за можностите за продлабочување на соработката помеѓу Собранието на Република Македонија и граѓанските организации.

1.9 Во текот на годината беше обезбеден **непречен и брз пристап до софтверите на Парламентарен институт** (Систем за управување со барање - РМС, Е-архива и Е-библиотека), со сервисирање и одржување на истите. За олеснување на пристапот и

[5] Реализирана точка 1.1.2 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020, (број на испечатени и дитрибуирани материјали до целни групи).

[6] Реализирана точка 1.1.2 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020, (настани со здруженија на граѓани).

користењето на софтверите од страна на корисниците на услуги на институтот, во ноември беа изработени **3 прирачници.**

1.10 Парламентарниот институт продолжи со воспоставената пракса за **известување за своите настани** преку електронски алатки. По реализација на секој настан, информации за истиот се објавуваат на официјалните страни на социјалните мрежи, како и на интернетската страна на Собранието преку банерот на Парламентарен институт, во табот Активности. Дополнително, на секои три месеци за овие настани се известува и во кварталниот електронски билтен[7]. Билтенот се доставува до 500 контакти, а се изработува на три јазици: македонски, албански и англиски. За потребите за проследување на Билтенот до соодветните таргет групи, беше извршена годишна **претплата на услугата Constant Contact.**[8]

1.11 Во насока на обезбедување достапност на податоци за законодавната власт, реализирани се следниве активности во наведениот извештаен период: одговорени се **74 прашалници кон ЕЦПРД** мрежата и иницирани се **4** прашалници кон оваа мрежа и со овие активности постигната е реализација од 77% од поставените барања на ЕЦПРД мрежата; одговорени се 16 барања кон други баратели и 2 прашалници кон ИПУ.[9]

1.12 Во однос на искористеноста на материјалните средства, електронска и информатичка инфраструктура, во текот на 2018 година, Едукативниот центар беше искористен за следните активности: 19 генерални колегиуми, еден координативен состанок, еден настан за промоција на Е-архива, еден состанок на Управувачкиот совет, две воведни сесии за пратеници, една регионална конференција, три средби со странски делегации; три конференции, шест семинари за ученици и студенти, три работилници, една тркалезна маса, 33 состаноци, 11 обуки, 92 часови по странски јазици, еден вебинар, четири настани за истражувачки потреби и две промоции на софтвери. **Степенот на искористеност** на капацитетот на **Едукативниот центар** за 2018 година изнесува **21,31%**.

1.13 Во контекст на промовирање на отвореноста, транспарентноста и отчетноста, Парламентарниот институт **ги објави своите уредувачки акти и истражувачките работи по сопствена иницијатива од 2017 година** на интернетската страница на Собранието https://www.sobranie.mk/aktivnosti-na-parlamentarniot-institut.nspx .

**Информирани пратеници**

2.1 Парламентарниот институт во извештајниот период обезбеди **навремени, објективни и непристрасни услуги по барање на пратениците и другите баратели и по сопствена иницијатива**. Во 2018 година беа поднесени **92 барања**[10] за истражувачки работи и во споредба со 2017 година, бројот на поднесени барања (49) бележи **пораст за 88%**.[11]

[7] Реализирана точка 1.2.1 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт, (известување по електронски пат)
[8] Индикатор 2.4 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020 (изработени 4 билтена)
[9] Реализирана точка 1.2.2 од Стратешкиот План на Парламентарниот институт, (размена на парламентарни информации)
[10] Од вкупниот број 92 поднесени барања за истражувачки работи, 87 се поднесени од пратеници, а 5 барања се поднесени од Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија
[11] Реализиран индикатор 2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020.

2.2 Дополнителните статистики од аспект на полова структура, етничка и политичка припадност на пратениците подносители на барања за истражувачки работи се дадени во Табела бр. 1 од овој годишен извештај. Може да се увиди тенденција на пораст на барањата за истражувачки работи од пратеници кои се дел од владејачкото мнозинство во споредба со 2017 година, а тенденција на пораст се забележува и кај барањата поднесени од пратеници кои се дел од опозиција. Реализираните 92 барања за истражувачки работи се поднесени од вкупно **37 различни пратеници или 30,8% од вкупниот број на пратеници**, што е **зголемување за 37%** во споредба со 2017 година кога барале 27 пратеници. Барањата од пратениците во најголем дел се поврзани со прашања од агендата на Собранието.

**Табела 2. Статистика на истражувања по барање на пратеници**

| Вкупен број примени и одговорени барања за истражување од пратеници | | | | | Вкупен број пратеници кои поднеле барање за истражување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 87 | | | | | 37 | | | 30,83% | |
| Полова структура | број на барања од жени пратеници | | број на барања од мажи пратеници | | Полова структура | жени пратеници | | мажи пратеници | |
| | 41 | 47,13% | 46 | 52,87% | | 20 | 54,05% | 17 | 45,95% |
| Етничка припадност | број на барања од Македонци пратеници | | број на барања од Албанци пратеници | | Етничка припадност | Македонци пратеници | | Албанци пратеници | |
| | 71 | 81,61% | 16 | 18,39% | | 30 | 81,08% | 7 | 18,92% |
| Политичка припадност | број на барања од владејачко мнозинство | | број на барања од опозиција | | Политичка припадност | владејачко мнозинство | | Опозиција | |
| | 48 | 55,17% | 39 | 44,83% | | 25 | 67,57% | 12 | 32,43% |

Во извештајната година Парламентарниот институт одбележа и петгодишнина од својата оперативност и за таа цел овој извештај содржи податоци за одредени индикатори за изминатите пет години, па така во Табела бр.2 е даден приказ на вкупен број на истражувања по барање за секоја од овие години, а График бр.1 го прикажува и визуелно флуктуирањето на бројот на одговорени барања за истражувања низ годините. Додека Табела бр.3 и График бр.2 соодветно даваат приказ на статистиката на пратеници кои поднеле барања за истражувања во наведениот период и графички приказ на флуктуацијата на бројот на пратеници баратели во периодот 2014-2018 година.

**Табела 3. Статистика на истражувања по барање во периодот 2014-2018**

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на истражувачки работи по барање** | 77 | 106 | 57 | 49 | 92 | **381** |

**Графикон 3. Приказ на флуктуација на истражувања по барање во периодот 2014-2018**




**Табела 4. Статистика на пратеници кои поднеле барања во периодот 2014-2018**

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број на пратеници кои поднеле барање** | 25 | 45 | 28 | 27 | 37 | **162** |
| **Број на пратеници од владејачко мнозинство** | 23 | 30 | 15 | 19 | 25 | **112** |
| **Број на пратеници од опозиција** | 2 | 15 | 13 | 8 | 12 | **50** |

**График 2. Приказ на флуктуација на број на пратеници кои поднеле барања во периодот 2014-2018**



2.3 По сопствена иницијатива Парламентарниот институт изработи **19 истражувачки работи** со што го надмина за 19% предвидениот минимум.

2.4 Во извештајниот период објавена и испечатена е **Збирката на истражувачки работи** по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт за 2017 година.[12]

2.5 Со цел обезбедување едукативни активности за законодавната власт според утврдените потреби, во декември 2018 година беа спроведени **анализи на потребите од обуки** за вработените во Службата на Собранието и за надворешните соработници на пратеничките групи. Врз основа на добиените податоци од анализата, како и резултатите од извештаите од евалуациите на спроведените обуки и работилници во текот на годината, беше изработен извештај, кој претставуваше основа за изработка на **Годишниот план за спроведување обуки од Парламентарниот институт за 2019 година**.[13]

2.6 Во јануари 2018 година беа реализирани **две воведни (ориентациони) сесии за новоизбраните пратеници** во Собранието на Република Македонија. Овие обуки имаа за цел на пратениците детално да им ги презентираат институционалните ресурси и капацитети со кои располагаат Собранието и Парламентарниот институт, како и со начините на нивното користење.

2.7 На 14 ноември 2018 година Парламентарниот институт одржа **работилница за пратеници во Собранието на Република Македонија** на тема: „Постапка за донесување на буџет во Собранието на Република Македонијаѓ. На работилницата учествуваа вкупно девет пратеници. Целта на работилницата беше да ја приближи постапката за донесување на буџет во Собранието до пратениците, од теоретски и од практичен аспект, како најзначаен инструмент на законодавната власт за контрола на прибирањето и трошењето на буџетските средства.

2.8 Во насока на зајакнување на капацитетите на Службата на Собранието на Република Македонија, Парламентарниот институт во текот на 2018 година организираше и реализираше **пет работилници наменети за вработените во Службата**.

2.9 Парламентарниот институт придонесе кон драфтирањето и организирање на процесот на подготовката на **Стратешки План** на Собранието на Република Македонија 2019-2021, што беше донесен од Буџетскиот совет на Собранието на 5.6.2018 година. Дополнително, од работилниците за служба организирани од Парламентарниот институт беше подготвена **Стратегија за ризици** на Собранието на Република Македонија 2018-2020, донесена од Генералниот секретар на Собранието на 20 ноември 2018 година.

---

[12] Индикатор 2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020.
[13] Индикатор 2.4 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020

**Табела 5. Преглед на работилници за службата на Собранието**

| тема | место | датум | учесници |
|---|---|---|---|
| **1. Професионална етика и интегритет** | Скопје | 11 јуни | 23 |
| **2. Подготовка на План на активности на ПИ за 2019 година** | Скопје | 11 јуни | 18 |
| **3. Стратегија за управување со ризици** | Струга | 12-14 јули | 40 |
| **4. Изработка на прирачници за користење на електронските системи на Парламентарниот институт: Систем за управување со барање (RMS), Е-библиотека и Е-архива** | Гевгелија | 8-10 ноември | 15 |
| **5. Стандардизирање на формата и содржината на извештаите и записниците од работните тела во Собранието и изработка на насоки за организација на службените патувања за пратеници** | Струмица | 8-10 декември | 34 |

2.10 Дополнително, од 6 до 8 септември 2018 година во Струга беше организирана **обука за надворешните соработници (асистенти) на пратеничките групи** во Собранието на тема: „Институционални ресурси, услуги, работа и организација на Собраниетог. На обуката учествуваа вкупно 35 учесници, меѓу кои асистенти од сите пратенички групи во Собранието. За време на обуката беа опфатени повеќе теми од интерес на асистентите на пратениците, меѓу кои организацијата и работата на Собранието, законодавната постапка во Собранието, номотехниката на изработка на прописи, како и презентација на услугите на Парламентарниот институт. На учесниците на обуката им беа презентирани и меѓународни практични искуства на поранешни асистенти на пратеничките групи во Конгресот на САД и во Бундестагот на Сојузна Република Германија.

2.11 Со цел подобра промоција на услугите на повеќе места во зградата на Собранието беа поставени **полици**, преку кои на пратениците, вработените во Службата и останатите корисници им се достапни **различните материјали подготвени од страна на институтот** (истражувачки работи, едукативно-информативни и промотивни материјали и слично).

2.12 Библиотечниот фонд е унифициран и достапен за пратениците и вработените во Службата. Читалницата на библиотеката на Парламентарниот институт, секој работен ден е отворена и достапна за сите корисници кои истата може да ја користат за пристапување кон претплатените бази на податоци, РМС системот на Парламентарниот институт односно

системот за управување со барања, е-библиотека и е-архива системот, читање на дневниот печат, користење на книгите изложени во читалницата или изнајмување на други книги, поднесување барање и слично.

На 19-20 Септември 2018 година, читалницата им беше ставена на располагање на гостите кои беа присутни на Состанокот на Мешовитиот парламентарен комитет – Република Македонија и Европската Унија.

2.13 Парламентарниот институт оваа година набави 13 нови книги меѓу кои и три речници за Секторот за преведување.

2.14 Во е-библиотека системот вработените **индексираа и каталогизираа** книги кои беа набавени со јавна набавка во втората половина на 2017 година како и книги кои беа донирани во минатата година. Во извештајниот период индексирани се **688 нови наслови**. Со ова, вкупниот број на книги индексирани во системот е **5421** наслови од вкупно **6226** или **88%** од вкупниот библиотечен фонд.

2.15 Електронскиот каталог се пристапува преку страницата http://biblioteka.sobranie.mk каде секој корисник може да пристапи со неговото корисничко име и лозинка со која и се пристапува во системот е-парламент. Преостануваат да се внесат и 805 наслови за целосно индексирање и каталогизирање на библиотечниот фонд на Парламентарниот институт.

2.16 Во текот на 2018 година се изнајмени **93 наслови** од кои 11 книги се изнајмени од страна на пратеници и едно барање од граѓанин.

2.17 Парламентарниот институт е претплатен на **3 дневни весници на македонски јазик** (Слободен печат; Вечер; Нова Македонија), **2 дневни весници на албански јазик** (Коха и Лајм), **1 неделно списание** (Фокус) и **2 месечни списанија** (Лице в лице и Економија и бизнис).

2.18 За потребите на пратениците како и за Службата на Собранието, Парламентарниот институт се има претплатено на две бази на податоци – **Службен весник на Република Македонија и Академика.** Во читалницата беа обезбедени **31 лиценци** за пристап до базите на податоци на Службен весник на Република Македонија за координаторите на пратеничките групи, вработените и асистентите на пратеничките групи.

2.19 Во текот на 2018 година, беа подготвени 10 проактивни тематски истражувања и истите беа споделени по пратеничките групи, на полиците за промотивни материјали поставени низ зградата на Собранието на Република Македонија како и во читалницата на библиотеката.

Обработените теми се:

- Меѓународни спорови;
- Животна Средина;
- Права на малцинствата;

- Европска Унија;
- Семејство и семејно право;
- Граѓанско општество и невладини организации;
- Документи АСНОМ
- Енергија
- Парламентаризам
- Локална самоуправа и локална демократија

2.21 Одделението за истражувачка библиотека и законодавна архива од 2014 година заклучно со 2018 година има обработено **вкупно 42 тематски** истражувања од библиотечниот фонд на библиотеката.

2.22 Читалницата во архивското депо е функционална и отворена за користење од страна на корисниците. Истовремено може да се користат од четири корисници колку што има и поставено компјутери, исто така во читалницата корисниците можат сами да пребаруваат во системите да печатат или пребаруваат на интернет.

2.23 Законодавната архива е достапна на корисниците со пристапување на линкот http://pi-earchive/Search.aspx?affiliateId=1 од каде може да пребаруваат документи по различни критериуми, како на пример пратенички мандат, вид на документ, клучни зборови и др.
Во 2018 година вкупно се скенирани и индексирани **40 седници** од пратеничкиот мандат 2014-2016 или **789 точки од дневниот ред** што претставува **80%** реализираност на поставениот индикатор. Заклучно со 2018 година, **101 пленарна седница** од пратеничкиот мандат 2014-2016 се веќе достапни на е-архива системот односно материјали од **1592 точки од дневниот ред**.

2.24 Заклучно со 31 август 2018 година, заврши и договорот склучен меѓу Собранието на Република Македонија со Државен Архив на Република Македонија. Архивските материјали кои беа предмет на договорот се однесуваа на документи произлезени од работата на Собранието и работните тела на Собранието почнувајќи **од 1986 година до 2012** година, или вкупно **1027 кутии со документи или над 1,4 милиони страни**. Крајот на договорот беше обележан со организирање на настан по 18 месечната работа, кој се одржа на 5 септември 2018 година. Истовремено овој настан беше искористен за свечено отворање на комплетираниот е-архива систем и истиот беше промовиран на пратениците и другите корисници.

**Одржлив и вмрежен Парламентарен институт со вклучени, квалификувани и продуктивни службеници**

3.1 **Во функција на вмрежување** со истражувачките служби од парламентите во регионот, во периодот 7-9 јуни 2018 година во Скопје, беше одржана **четвртата регионална**

**конференција**, на која учествуваа претставници, истражувачи од парламентите на Албанија, Црна Гора, Косово, Босна и Херцеговина и Словенија, а беа поканети и парламентите на Бугарија, Грција, Србија и Хрватска. Беше изработена заедничка студија на тема “**Улогата на парламентите во поттикнувањето на граѓанското учество во нивната работа**”[14], која на конференцијата беше презентирана. Како четврта конференција по ред, присутните се согласија за важноста на меѓусебната соработка и беа споделени правни модели кои им стојат на располагање на парламентите за вклучување на граѓаните во нивната работа.

3.2 Во функција на вмрежување со истражувачките служби од други парламенти беше реализирано **заедничко истражување** со Парламентот на Швајцарската Конфедерација. Презентацијата пред пратениците и членовите на невладини организации се одржа на 13 март 2018 година на тема: **„Јавниот долг и неговата структура”**[15].

3.3 Во правец на промовирање на Парламентарниот институт како вмрежен центар за истражување и информирање, од 7 до 10 мај 2018 година во Едукативниот центар присуствуваше **делегација од Националниот парламент на Грузија**. На дводневниот престој во Собранието, беа презентирани искуствата на Парламентарниот институт во областа на истражувачката дејност, едукацијата, комуникацијата, библиотеката и законодавната архива. Средбата имаше советодавен карактер за најдобрите меѓународни практики и развој на парламентарните истражувачки служби.

3.4 Дополнително, од 2 до 4 јули 2018 година, во студиска посета на Парламентарниот институт беше **делегација од Парламентот на Република Албанија**. Целта на посетата беше пред гостите да се презентира искуството на Собранието на Република Македонија во основањето и функционирањето на Парламентарниот институт.

3.5 Во рамки на билатералната соработка со **Сојузниот парламент на Швајцарската Конфедерација беа одржани три мисии** од страна на претставници на парламентарната служба на Швајцарскиот парламент во Парламентарниот институт. Целта на првата посета, одржана во март 2018 година, беше презентација и размена на искуства од областа на едукацијата и комуникацијата. Втората мисија се одржа во јуни 2018 година и беше во склоп на регионалната конференција на истражувачки служби. За време на конференцијата, гостите имаа можност да ја презентираат својата студија на случај и искуството од Швајцарскиот парламент. Третата посета се одржа во декември 2018 година и имаше за цел консултации за изработка на трите нови софтверски платформи на Парламентарниот институт.[16]

3.6 Дел од едукативните услуги кои ги испорачува Парламентарниот институт беа презентирани на **Вториот меѓународен форум за парламентарни центри за посетители**, кој се одржа од

[14] Прилог 4 кон овој извештај.
[15] Прилог 5 кон овој извештај.
[16] Реализиран индикатор 3.2.1 од Стратешкиот план на Парламентарниот институт 2018-2020

6 до 8 јули 2018 година во Европскиот парламент во Брисел, на кој учествуваа двајца вработени во Парламентарниот институт.

3.7 За **зајакнување на административните капацитети и континуирано професионално усовршување на службениците**, вработените од Парламентарниот институт учествуваа на бројни настани во Република Македонија и во странство кои се поврзани со нивната работа и тоа на: **шест** семинари, **седум** работилници, **седум** обуки, **пет** конференции, **еден** меѓународен форум, **една** студиска посета од странска делегација во Собранието, **две** тркалезни маси, **три** промоции/презентации, **една** јавна дебата, **еден** дијалог и **четири** панел дискусии.

3.8 Шестмина вработени во Парламентарниот институт учествува на вториот дел од **Обуката за обучувачи**, спроведена од Центарот за европски безбедносни студии од Холандија, а испорачана од меѓународниот експерт-обучувач Сандер Матуис, на **15-16 јануари 2018 година**. Како продолжение на соработката, Центарот за европски безбедносни студии (ЦЕСС) од Холандија, заедно со шестмината обучувачи од Парламентарниот институт, **од 26 до 28 март 2018 година** во Едукативниот центар одржаа напредна обука наменета за Службата на Собранието на тема: **„Професионална етика и интегритет“**. На обуката беа опфатени македонските практики од областа на професионализмот во работната средина, интегритетот поврзан со транспарентноста и имплементирање на Кодексот на однесување за вработените.

3.9 Двајца вработени во Парламентарниот институт учествуваа на **симулацијата на комисиски расправи** на тема „Еколошки предизвик", организирана од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Националниот демократски институт (НДИ) од 23 до 25 ноември во Маврово. Целта на работилницата, на која учествуваа пратеници, вработени во Службата на Собранието, надворешни соработници на пратеничките групи и претставници од граѓанското општество, беше запознавање на учесниците со начинот на организирање и спроведување на јавни расправи, надзорни расправи и анкетни комисии во Собранието на Република Македонија.

3.10 По успешно завршената "Обука за обучувачи на ЦАФ моделот" одржана во Велес во периодот од 29 до 31 мај 2018 година, вработен во Парламентарниот институт стана **сертифициран обучувач на ЦАФ моделот**. Со стекнувањето на сертификатот, вработениот има знаење и обврска да поддржува други институции од јавниот сектор во спроведувањето на ЦАФ моделот.

3.11 Во 2018 година се **донесе Рамката за професионален развој на вработените** и **Програмата за стипендирање** со што тројца вработени ја искористија можноста за стипендирање за запишување на последипломски и докторски студии.

3.12 Во насока на континуираните заложби за вмрежување на Парламентарниот институт, во текот на 2018 година продолжи соработката во рамките на мрежата на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД). Девет вработени во Парламентарниот институт учествуваа на вкупно **шест семинари организирани од страна на ЕЦПРД**. За време на годишната конференција на кореспонденти на ЕЦПРД мрежата, одржана во Хелсинки од 18 до 20 октомври 2018 година, **раководителот на Парламентарниот институт и кореспондент во мрежата, беше избран за член во Извршниот комитет на ЕЦПРД мрежата**.

3.13 Во извештајниот период, исклучителен напредок беше постигнат со меѓународната интеграција во неколку организации. Имено преку Парламентарниот институт **Собранието на Република Македонија стана член** на:

- **Меѓународната Федерација и Асоцијација на Библиотеки** ИФЛА, https://www.ifla.org/ , формирана 1927 година да ги промовира библиотечните услуги, помеѓу 140 земји и 1400 членови
- **Меѓународниот Совет за Архиви**, (ИЦА), https://www.ica.org/en формирана 1948 година да го промовира концептот на управување со податоците на нациите и оптшествата, во делот за парламентарните архиви
- **Меѓународниот форум за парламентарни центри за посетители**, инцијатива на Европскиот парламент, што обединува парламенти што имаат центри за посетители

Заедно со членството во **Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација**, Парламентарниот институт постигна во сите димензии на своето работење да е комплетно меѓународно интегриран.

3.14 Парламентарниот институт оствари техничка подготовка на Едукативниот центар за непречено следење на **вебинарот организиран од страна на ЕЦПРД** на 23 април 2018 година, на кој учество земаа вработени во Службата на Собранието на Република Македонија, чиј делокруг на работење е поврзан со темата на вебинарот. Настанот, прв од ваков тип, се реализира во вид на конференциска презентација преку интернет конекција во реално време со претставници од европските парламенти, а темата беше поврзана со заштитата на лични податоци во парламентите, во пресрет на новата глобална регулатива за заштита на податоци.

3.15 Во просториите на Едукативниот центар на Парламентарниот институт се одржаа **две работилници** на кои членовите на работната група за подготовка на **Акцискиот план за отворено владино партнерство** на Собранието на Република Македонија имаа работни состаноци. Производ од работните состаноци се нацрт заложбите кои беа презентирани на Конференцијата вОтворен парламентг која се одржа на 29 мај 2018 година. Парламентарниот институт е еден од координаторите на оваа актвиност.

3.16 Согласно со воспоставената пракса и проектна документација, вработените од Парламентарниот институт го изготвија **Годишниот план за активности на Парламентарниот институт за 2019 година**. Документот беше изработен на работилница што се одржа на 11 јуни 2018 година во Скопје и донесен на 11.7.2018 година од Управувачкиот совет.

3.17 Во насока на мерење на степенот на задоволство на корисниците на услугите на Парламентарниот институт, се врши **евалуација на едукативните настани** по завршувањето на истите, при што се изработува анализа со заклучоци и препораки, кои се земаат предвид при изработката на Годишниот план и при ревизијата на програмите на едукативните настани.

3.18 На 23 април беше организирана **изложба по повод Светскиот ден на книгата и авторското право**, која оваа година се одржа во канцеларијата на ЕУ инфо центарот на Собранието. Темата на изложбата, која претставува четврто по ред одбележување, беше Европска Унија. Организацијата на денот беше во соработка со Националната Универзитетска библиотека вКлимент Охридскиг. Како гости присутни беа соработници од различни универзитетски и институционални библиотеки, како и претставници од Државниот архив на Република Македонија.

3.19 Во текот на 2018 година, Парламентарниот институт овозможи продолжување **на курсевите за странски јазици** кои беа наменети за пратениците и Службата на Собранието на Република Македонија. Курсевите се одвиваа на четири јазици и тоа: албански јазик, англиски јазик, француски јазик и германски јазик. За секој јазик во текот на целата година се реализираа 30 часа.

3.20 Во делот на **финансискиот извештај**, Парламентарниот институт спроведе **6 набавки до 500 евра** во денарска против вредност, за кои не се применува Законот за јавни набавки и тоа за подготовка и печатење на информативните материјали за Собранието на Брајово писмо, набавка на посебни канцелариски материјали за детски парламент, интернет пристап, набавка на табли за насочување кон просториите на Парламентарниот институт, графички дизајн и претплата на бази на податоци. Целокупното финансиско работење е во прилог како Финансиски извештај.

## 10.2. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



***Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата***



***Изготвени стенограми во дактилобиро***




***Експедирани материјали***



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 191.090 копии**

**А3 формат: 393.448копии**

**А4 формат фотокопирани: 970.140 копии**



# 11. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| ред. број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Осма седница[17] | 03.04.2018[18] | -вторник | 14,10-14,15 |
| 2. | Единаесетта седница | 09.01.2018<br>11.01.2018<br>15.03.2018 | -вторник<br>-четврток<br>-четврток | 14,05-16,25<br>13,00-13,05<br>13,45-15,05 |
| 3. | Дванаесетта седница | 18.01.2018 | -четврток | 16,50-16,55 |
| 4. | Тринаесетта седница | 09.01.2018<br>11.01.2018 | -вторник<br>-четврток | 16,30-16,35<br>13,05-13,10 |
| 5. | Петнаесетта седница | 09.01.2018<br>11.01.2018 | -вторник<br>-четврток | 16,35-16,40<br>13,10-13,15 |
| 6. | Дваесет и втора седница | 09.01.2018<br>11.01.2018<br>12.04.2018 | -вторник<br>-четврток<br>-четврток | 14,00-14,05<br>12,55-13,00<br>14,15-14,25 |
| 7. | Дваесет и шеста седница | 09.01.2018<br>20.02.2018 | -вторник<br>-вторник | 13,55-14,00<br>12,00-12,15 |
| 8. | Дваесет и седма седница | 09.01.2018<br>11.01.2018<br>03.04.2018 | -вторник<br>-четврток<br>-вторник | 13,50-13,55<br>12,40-12,55<br>13,55-14,10 |
| 9. | Триесетта седница | 15.01.2018<br>18.01.2018 | -понеделник<br>-четврток | 11,35-16,10<br>13,05-16,50 |
| 10. | Триесет и прва седница | 18.01.2018 | -четврток | 12,10-12,30 |
| 11. | Триесет и втора седница | 29.01.2018<br>30.01.2018<br>14.03.2018<br>03.09.2018 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-понеделник | 12,30-17,35<br>12,35-17,55<br>13,30-16,50<br>16,00-17,15 |
| 12. | Триесет и трета седница п*п* | 31.01.2018 | -среда | 11,15-14,15 |
| 13. | Триесет и четврта седница | 20.02.2018<br>30.10.2018 | -вторник<br>-вторник | 12,15-17,20<br>12,00-12,50 |
| 14. | Триесет и петта седница | 05.03.2018<br>15.03.2018<br>30.10.2018 | -понеделник<br>-четврток<br>-вторник | 12,15-18,00<br>12,35-13,45<br>11,35-12,00 |
| 15. | Триесет и шеста седница п*п* | 22.02.2018 | -четврток | 11,30-16,30 |
| 16. | Триесет и седма седница | 12.03.2018 | -понеделник | 11,45-12,20 |
| 17. | Триесет и осма седница | 19.03.2018<br>03.04.2018 | -понеделник<br>-вторник | 15,20-17,25<br>12,05-13,55 |
| 18. | Триесет и деветта седница п*п* | 29.03.2018 | -четврток | 11,15-14,05 |
| 19. | Четириесетта седница | 03.04.2018<br>04.04.2018<br>03.05.2018 | -вторник<br>-среда<br>-четврток | 14,15-18,00<br>15,20-17,00<br>15,55-16,50 |
| 20. | Четириесет и прва седница | 12.04.2018 | -четврток | 14,25-15,15 |
| 21. | Четириесет и втора седница | 11.04.2018 | -среда | 11,10-23,20 |

[17] незавршени седници
[18] продолженија на седници од 2017 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **22.** | Четириесет и трета седница | 19.04.2018 | -четврток | 09,50-10,10 |
| **23.** | Четириесет и четврта седница п*п* | 26.04.2018 | -четврток | 11,10-18,30 |
| **24.** | Четириесет и петта седница | 02.05.2018<br>03.05.2018<br>24.10.2018 | -среда<br>-четврток<br>-среда | 11,35-16,00<br>11,30-15,55 и 16,50-19,40<br>12,20-12,25 |
| **25.** | Четириесет и шеста седница | 21.05.2018<br>22.05.2018<br>23.05.2018<br>13.06.2018<br>14.06.2018 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-среда<br>-четврток | 11,50-17,15<br>13,55-16,40<br>12,25-16,40<br>11,25-11,30<br>11,20-12,50 |
| **26.** | Четириесет и седма седница | 11.06.2018<br>12.06.2018<br>13.06.2018<br>14.06.2018 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток | 11,45-16,50<br>11,25-17,45<br>11,30-17,10<br>12,50-14,20 |
| **27.** | Четириесет и осма п*п* седница | 31.05.2018 | -четврток | 11,10-17,55 |
| **28.** | Четириесет и деветта седница | 01.06.2018 | -петок | 11,15-23,20 |
| **29.** | Педестта седница | 26.06.2018<br>24.10.2018 | -вторник<br>-среда | 11,40-17,05<br>11,35-12,20 |
| **30.** | Педесет и прва седница | 19.06.2018<br>20.06.2018 | -вторник<br>-среда | 11,15-11,30<br>11,15-13,20 |
| **31.** | Педесет и втора седница п*п* | 02.07.2018 | -понеделник | 11,30-17,50 |
| **32.** | Педесет и трета седница | 17.07.2018<br>18.07.2018<br>19.07.2018<br>23.07.2018 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник | 13,15-17,25<br>11,25-16,25<br>11,20-19,10<br>11,00-17,40 |
| **33.** | Педесет и четврта седница | 05.07.2018 | -четврток | 11,20-11,55 |
| **34.** | Педесет и петта седница | 26.07.2018 | -четврток | 11,15-18,05 |
| **35.** | Педесет и шеста седница | 25.07.2018 | -среда | 18,15-19,30 |
| **36.** | Педесет и седма седница | 30.07.2018 | -понеделник | 15,55-18,05 |
| **37.** | Педесет и осма седница | 29.08.2018<br>30.08.2018<br>03.09.2018 | -среда<br>-четврток<br>-понеделник | 12,00-18,00<br>12,20-18,25<br>13,00-16,00 |
| **38.** | Педесет и деветта седница | 07.09.2018 | -петок | 13,45-17,00 |
| **39.** | Шеесетта седница | 18.10.2018<br>24.10.2018 | -четврток<br>-среда | 14,35-20,30<br>12,25-16,35 |
| **40.** | Шеесет и прва седница | 15.10.2018<br>16.10.2018<br>17.10.2018<br>19.10.2018 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок | 11,40-18,00<br>11,20-17,50<br>12,35-17,25<br>22,20-22,35 |
| **41.** | Шеесет и втора седница п*п* | 31.10.2018 | -среда | 13,20-18,20 |
| **42.** | Шеесет и трета седница | 05.11.2018 | -понеделник | 12,25-12,40 |
| **43.** | Шеесет и четврта седница | 01.12.2018<br>02.12.2018<br>03.12.2018 | -сабота<br>-недела<br>-понеделник | 11,45-18,10<br>11,05-17,45<br>11,20-16,30 |
| **44.** | Шеесет и петта седница | 09.11.2018<br>10.11.2018<br>11.11.2018<br>12.11.2018<br>13.11.2018<br>14.11.2018 | -петок<br>-сабота<br>-недела<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда | 12,00-18,10<br>11,10-18,05<br>11,25-17,35<br>12,30-18,00<br>11,35-17,30<br>12,00-13,25 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 26.11.2018 | -понеделник | 12,15-12,35 |
| **45.** | Шеесет и шеста седница | 26.11.2018<br>24.12.2018<br>28.12.2018 | -понеделник<br>-понеделник<br>-петок | 11,40-12,15 и 13,00-18,35<br>11,25-16,20<br>13,30-14,00 |
| **46.** | Шеесет и седма седница п*п | 29.11.2018 | -четврток | 11,40-18,15 |
| **47.** | Шеесет и осма седница | 27.11.2018 | -вторник | 17,30-17,45 |
| **48.** | Шеесет и деветта седница | 10.12.2018 | -понеделник | 12,20-12,40 |
| **49.** | Седумдесетта седница | 07.12.2018 | -петок | 2,20-12,30 |
| **50.** | Седумдесет и прва седница | 18.12.2018<br>19.12.2018<br>20.12.2018<br>21.12.2018<br>24.12.2018<br>28.12.2018 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-петок | 12,10-15,50<br>11,40-16,10<br>12,50-18,20<br>11,20-16,40<br>16,20-17,30<br>16,55-17,10 |
| **51.** | Седумдесет и втора седница п*п* | 27.12.2018 | -четврток | 11,20-17,55 |
| **52.** | Седумдесет и трета седница | 28.12.2018 | -петок | 12,25-13,00 |
| **53.** | Седумдесет и четврта седница | 11.12.2018 | -вторник | 14,20-16,15 |
| **54.** | Седумдесет и шеста седница | 18.12.2018 | -вторник | 15,50-18,00 |
| **55.** | Седумдесет и седма седница | 26.12.2018<br>28.12.2018 | -среда<br>-петок | 14,55-18,35<br>15,50-16,55 и 17,10-20,40 |
| **56.** | Седумдесет и осма седница | 28.12.2018 | -петок | 13,10-13,30 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Осма седница** **14.07.2017 (петок)**

24. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2016 година;

**Единаесетта седница** **01.08.2017 (вторник)**

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата, по скратена постапка;
3. Предлог на закон за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, по скратена постапка;
6. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето,по скратена постапка;
7. Предлог на закон за изменување на Законот безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка.

**Дванаесетта седница** **04.09.2017 (понеделник)**

16. Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседателите на Собранието на Република Македонија.

**Тринаесетта седница** **11.09.2017 (понеделник)**

2. Предлог на закон за трговија на зелени пазари, по скратена постапка.

**Петнаесетта седница** **13.09.2017 (среда)**

6. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за националниот уметник на Република Македонија - I читање.

**Дваесет и втора седница** **25.11.2017 (сабота)**

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци, по скратена постапка;
8. Предлог на закон за престанок на важењето на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, по скратена постапка.

**Дваесет и шеста седница** **22.12.2017 (петок)**

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка.

**Дваесет и седма седница** **25.12.2017 (понеделник)**

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - I читање;
23. Предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија;
24. Предлог на закон за употреба на јазиците - II читање;
29. Барање за давање на автентично толкување на член 8 став 1 од Законот за финансиска дисциплина, поднесено од пратеникот Хари Локвенец;
30. Барање за давање на автентично толкување на членовите 1 и 2 од Законот за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија, поднесено од градоначалникот на Општина Крива Паланка;
31. Барање за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, поднесено од Советот на општина Куманово;
32. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија;
33. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Универзитетот"Мајка Тереза" во Скопје.

**Триесетта седница** **15.01.2018 (понеделник)**

1. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за ноќна работа, 1990 (C 171);
2. Предлог на закон за ратификација на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија;
3. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетите Арапски Емирати за редовен воздушен сообраќај помеѓу и вон нивните територии;
4. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за организации на рурални работници, 1975 (C 141);
5. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за трудови статистики, 1985 (C 160);
6. Предлог на закон за ратификација на Дополнителниот Протокол 5 на Договорот за изменување и пристапување на Централно европскиот договор за слободна трговија;
7. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници - II читање;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција - II читање;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор - II читање;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен - II читање;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка - II читање;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал - II читање;
13. Предлог на закон за изменување на Законот за електронските комуникации - II читање;

14. Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа - II читање;
15. Предлог на закон за амнестија - II читање;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата - II читање;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство - II читање;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност - II читање;
19. Предлог на закон за урбано зеленило - II читање;
20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - I читање;
21. Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на санкциите - I читање;
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство - I читање;
23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба - I читање;
24. Предлог на закон за дополнување на Законот за судовите - I читање;
25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка - I читање;
26. Предлог на закон за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост - I читање;
27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот заштита на децата - I читање;
28. Предлог на закон за изменување на Законот за инспекцијата на труд - I читање;
29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност - I читање;
30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација - I читање;
31. Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - I читање;
32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи - I читање;
33. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција - I читање, доставен под архивски број 08-4766/1;
34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција - I читање, доставен под архивски број 08-4993/1;
35. Предлог на закон за Оперативно - техничка агенција - I читање;
36. Предлог на закон за следење на комуникациите - I читање;
37. Предлог на закон за дополнување на Законот за класифицирани информации - I читање.

**Триесет и прва седница** **18.01.2018 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе му се обрати генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг.

**Триесет и втора седница** **29.01.2018 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО);
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ);
6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици - членови на Националниот совет за евроинтеграции;
8. Закон за употреба на јазиците - III читање;
9. Предлог за разрешување на член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување;
10. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за националниот уметник на Република Македонија - II читање;
11. Предлог на закон за дополнување на законот за извршување на санкциите - II читање;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба - II читање;
13. Предлог на закон за изменување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост - II читање;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - II читање;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот заштита на децата - II читање;
16. Предлог на закон за изменување на Законот за инспекцијата на труд - II читање;
17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност - II читање;
18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување и заштита од дискриминација - II читање;
19. Предлог на закон за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија - II читање;

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации - II читање;
21. Предлог на закон за дополнување на Законот за класифицирани информации - II читање;
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи - II читање;
23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција - II читање, доставен под архивски број 08-4766/ 1;
24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција - II читање, доставен под архивски број 08-4993/ 1.
25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование, по скратена постапка;
26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка;
27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост, по скратена постапка;
28. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи - I читање;
29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител - I читање;
30. Предлог на закон за изменување на Законот плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија - I читање;
31. Предлог на закон за изменување на Законот за пратениците - I читање;
32. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2018 година;
33. Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давање на водни услуги, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2018 година;
34. Предлог на одлука за одобрување на Финансиски план за 2018 година на Македонската радио телевизија;
35. Предлог на одлука за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2018 година;
36. Предлог на одлука за одобрување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2018 година;
37. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2018 година;
38. Предлог на одлука за давање на согласност на Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2018 година;
39. Предлог на одлука за давање согласност на предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година;
40. Предлог на одлука за давање согласност на предлогот на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2018 година;
41. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" - Охрид;
42. Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2016 година;

43. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2016 година;
44. Годишен финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2018 година;
45. Барање за давање на автентично толкување на член 39 од Законот за Агенцијата за разузнавање, поднесено од пратеникот Стево Пендаровски.

**Триесет и трета седница** **31.01.2018 (среда)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Триесет и четврта седница** **20.02.2018 (вторник)**

1. Предлог за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти;
3. Предлог на законот за ратификација на измените и дополнувањата на Конвенцијата за меѓународен железнички превоз (КОТИФ) од 9 мај 1980 година содржана во Протоколот од 3 јуни 1999 година (Протокол донесен во Вилнус);
4. Предлог на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на туризмот;
5. Предлог на закон за ратификација на Договорот за воена финансиска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција;
6. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Израелската Влада за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход;
7. Предлог на закон за дополнување на Законот за судовите - II читање;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи - II читање;
9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител - II читање;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка;
12. Предлог на закон за дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка;
13. Предлог на закон за дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, по скратена постапка;
14. Предлог на закон за дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка;
15. Предлог на закон за дополнување на Законот за даночна постапка, по скратена постапка;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем, по скратена постапка;
17. Предлог на одлука за објавување на јавен оглас за избор на претседател, потпретседател и шест членови на Државната изборна комисија;

18. Барање за давање автентично толкување на член 14 став 2 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за домување, поднесен од Невенка Стаменковска;
19. Предлог за разрешување на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;
20. Барање за давање автентично толкување на член 25 а во врска со член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
21. Барање за давање автентично толкување на членот 119 од Законот за просторно и урбанистичко планирање;
22. Барање за давање автентично толкување на член 51 став 1 од Законот за данокот на додадена вредност.

**Триесет и петта седница 05.03.2018 (понеделник)**

1. Предлог на декларација по повод 75 години од депортацијата на евреите од Македонија во логорот на смртта Треблинка;
2. Предлог за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија;
3. Предлог за избор на членови на Советот на јавните обвинители на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија;
6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);
7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на составот на Делегација на Собранието на Република Македонија ви интерпарламентарната унија (ИПУ);
8. Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател на Советот за научно - културните средби „Десет дена Крушевска Република";
9. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев - Јасмин";
10. Предлог на закон за престанување на важењето на Законот за поддршка на домашната музичка продукција - I читање;
11. Предлог на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај - I читање;
12. Предлог на закон за изменување на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија - I читање;
